**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1172**

**Скопје, 2 јули 2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ____________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1172 од 2 јули 2018 година**


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хеуристика и пристрасност во одлучувањето кај претприемачите: влијанието на индивидуалните и органзациските фактори врз преголемата увереност,** изработена од **м-р Викторија Илиева,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје...............................7-15
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Конкурентски стратегии во нафтената индустрија: анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании со посебен осврт на регионот и Република Македонија,** изработена од **м-р Едвин Муше,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје................................16-24
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Андреј Боневски, Катерина Тасевска, Деспина Вељаноска, Бранко Мандил, Дајана Јаневска, Александра Нушеска, Катерина Кимовска Геровска, Анета Марковска, Зоран Стефановски, Ивана Христова, Влатко Јованов, Горан Радински)**..........................................................................................................25-27
4. Преглед на промена на ментор на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Марко Николовски)**..................................................28

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Бојан Симоновски, Александар Ѓерасимовски, Марјан Тодоров, Бојана Велјаноска, Јован Јанчевски)**..........................................................................................29

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија** од **м-р д-р Марија Кишман Христовска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........................30-43
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Степен на компликација на уринарна функција како резултат на зрачната терапија при лекување на карличен малигнитет** од **д-р Вилдана Гога-Чмега,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................................................................................44-53

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Ико Ташов, Тања Митровска, Александар Николоски, Душица Николова, Игор Андоноски, Блаже Тодоровски, Марија Тодороска, Малиша Станковиѓ, Мартина Георгиева, Стефан Темков, Петар Сердјук, Вилдан Дрпљанин, Дарко Стојаноски, Владимир Смичковски, Филип Башоски, Наташа Родиќ)**..................................................................................................54-56

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Аналитичка геометрија** од авторите **д-р Костадин Тренчевски** и **д-р Билјана Крстеска,** пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје...........................................................................................................57-61

2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Катарина Тодоровска)**.....................................................................62

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Магдалена Дамјанова, Магдалена Петровски)**..............................................................................................................63

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област електроенергетски мрежи и системи на Факултетот за електротехника и информациски науки во Скопје **(д-р Петар Крстевски)**...............................................64-78

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Преглед на прифатена магистерска програма на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(Матеј Никољски)**..........................................................................................................79

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): клиничка психологија и психологија на советување на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Катерина Наумова)**.......................................80-89
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): филозофија на религијата (шифра 60514) и друго (шифра 60517) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Тодоровска)**....................................90-117
3. Рецензија на ракописот **Кон културниот идентитет во дваесетиот век, уред.: Франсоа Тебо, 5-ти том од едицијата Историја на жените на западот, уред.: Жорж Диби и Мишел Перо,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........118-125

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен советни/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(д-р Катерина Младеновска-Ристовска)**.................................126-139
2. Реферат за избор на еден помлад асистент-истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(Никола Ќириќ)**.........................................................................140-142
3. Реферат за избор на еден асистент-истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(м-р Неџад Мехмедовиќ)**.............................................................................143-146
4. Реферат за избор на еден асистент-истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(м-р Борче Николов)**.........................................................................................147-149

**РЕЦЕНЗИЈА**
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**,,ХЕУРИСТИКА И ПРИСТРАСНОСТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ: ВЛИЈАНИЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ПРЕГОЛЕМАТА УВЕРЕНОСТ”**,
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ВИКТОРИЈА ИЛИЕВА,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 135 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/18), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје членовите 61, 62, 63, 65 и 66 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.245/13), а согласно со предлогот на Советот на студиската програма Организациски науки и управување, според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-1126/2 донесена на 5.6.2018 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **,,ХЕУРИСТИКА И ПРИСТРАСНОСТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ: ВЛИЈАНИЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ПРЕГОЛЕМАТА УВЕРЕНОСТ”**, поднесена од кандидатката м-р Викторија Илиева.

По внимателното и опстојно прегледување на содржината на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Докторската дисертација содржи вкупно 271 страница текст, 19 страници користена литература (189 релевантни изворно користени библиографски домашни и странски единици) и 13 страници прилози. Трудот претставува комплексна научна материја од доменот на организациските науки и менаџментот. Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана, во согласност и во функција на јасно поставената цел, а се состои од:


**Вовед** (11-26 стр.)
**Глава I** Природата на одлучувањето (27-55 стр.)
**Глава II** Специфичноста на одлучувањето кај претприемачите (56-92 стр.)
**Глава III** Преголемата увереност во одлучувањето кај претприемачите (93-128 стр.)
**Глава IV** Преголемата увереност и претприемништвото во културен контекст (129-161 стр.)
**Глава V** Анализа и согледување на склоноста кај

претприемачите во Република Македонија и Австрија кон преголема увереност во сопственото знаење и нејзините детерминанти (162-224 стр.)
**Заклучок** (225-238 стр.)
**Литература** (239-257 стр.)
**Прилози** (258-271 стр.)

Во *воведот* на дисертацијата се дефинирани актуелноста на проблематиката, предметот и целите на истражувањето, планот за презентација на истражувањето и методологијата за изработка на докторска дисертација.

Во *првата глава* од трудот, ПРИРОДАТА НА ОДЛУЧУВАЊЕТО, се обработени основите на теоријата на одлучување. Посебен акцент е ставен на бихејвиористичката теорија на одлучување со осврт на неколку важни концепти поврзани со оваа теорија, вклучувајќи ја и поврзаноста помеѓу бихејвиористичката економија и стандардниот модел на економска рационалност. Во оваа глава е вклучена и дебатата на рационалноста, каде што подетално станува збор за ограничената рационалност и програмата на хеуристика и пристрасност во одлучувањето. Од особена важност е да се прикаже разликата помеѓу хеуристика и пристрасност, што е една од задачите на оваа глава. Во овој дел е направен преглед врз неколку основни видови хеуристика заради нејзино подобро објаснување и разбирање. Најпрвин е разгледана хеуристиката на сличност која се јавува кога постои верување дека специфични услови се поверојатни од единствена генерална околност. Хеуристиката на достапност во основа означува ситуации во кои луѓето ја проценуваат веројатноста за еден настан според тоа колку лесно може да се повикаат на слични примери од секојдневието. Приспособувањето и закотвувањето се јавуваат кога од испитаниците се бара да направат квантитативна проценка, која е под влијание на даден број, на кој тие претходно биле изложени.

Во *втората глава*, СПЕЦИФИЧНОСТА НА ОДЛУЧУВАЊЕТО КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ, се обработуваат сознанијата од истражувањата поврзани со прашањето за тоа што ги издвојува претприемачите од останатата популација и како се јавила потребата од примена на посебен, когнитивен пристап во изучувањето на претприемништвото. Накратко, полето на претприемачка когнитивност ги вклучува сите ментални процеси што се во позадина на претприемачкото однесување и кои имаат важна улога во одделни аспекти од претприемачкиот процес. За подобро разбирање на специфичностите во одлучувањето кај претприемачите, најпрвин се нагласува несигурноста како фактор наметнат од окружувањето во кое тие работат. Притоа, од особена важност е да се разграничат ризикот и несигурноста како два различни концепта. Претприемачкото окружување се карактеризира со преоптовареност со информации што ја усложнува постапката за брзо идентификување на потребните и отфрлање на небитните информации. Дополнително, претприемачите се изложени на високо ниво на новитети и временски притисок. Несигурноста подразбира ситуации кога веројатноста за појава на различни исходи не може да се изрази математички. Поконкретно, во оваа глава се разгледуваат когнитивните механизми кои според досегашните истражувања се покажале како релевантни за претприемачите. Меѓу најистакнатите се вбројуваат: размислувањето спротивно од фактите, заблудата при планирањето и илузијата на контрола.

Во *третата глава*, ПРЕГОЛЕМАТА УВЕРЕНОСТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ, фокусот е ставен врз преголемата увереност како посебна форма на когнитивна пристрасност набљудувана во претприемачки контекст. Дефинирањето на оваа форма на пристрасност е исто толку важно како што е и правењето разлика помеѓу преголемата увереност и сродни концепти како што се: егоцентризам, преголем оптимизам, самоефикасност, нарцисоидност. Појавата кога луѓето се фокусираат на сопствените резултати без да ги земаат предвид постигнувањата на другите се означува како егоцентризам. Преголемиот оптимизам подразбира преценување на веројатноста за постигнување позитивни резултати и потценување на веројатноста за негативни. Самоефикасноста е поврзана со конкретна задача, додека нарцисоидноста се објаснува како лична карактеристика, која вклучува нереална претстава за себеси и се одразува во чувство на надмоќ, арогантно однесување и потреба за постојано внимание и восхит.

Во *четвртата глава*, ПРЕГОЛЕМАТА УВЕРЕНОСТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО КУЛТУРЕН КОНТЕКСТ, се разгледува поврзаноста меѓу одлучувањето и културата генерално, односно вредностите, верувањата, ставовите и шемите на однесување на луѓето кои се вклучени во процесот на одлучување. Овде се опфатени сознанијата за различните шеми на размислување и перцепција во различни општества. Некои култури покажуваат аналитичка, а други холистичка когниција, и во оваа глава се прикажани карактеристиките на различните когнитивни шеми. Општествата каде што претприемачите се почитувани и имаат висок општествен статус нудат поголема поддршка за индивидуите со претприемачки амбиции. Од друга страна, во одредени култури, негативните ставови кон претприемништвото претставуваат бариера за претприемачка активност. Во оваа глава се прави преглед на најважните сознанија од истражувањата посветени на националната култура и претприемништвото на национално ниво, како и националната култура и карактеристиките на претприемачот.

Во петтата глава, АНАЛИЗА И СОГЛЕДУВАЊЕ НА СКЛОНОСТА КАЈ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА КОН ПРЕГОЛЕМА УВЕРЕНОСТ ВО СОПСТВЕНОТО ЗНАЕЊЕ И НЕЈЗИНИТЕ ДЕТЕРМИНАНТИ, фокусот е ставен на истражувањето на преценувањето на точноста на сопственото знаење како една од формите во која се јавува преголемата увереност. Во оваа глава се прави преглед на резултатите од досегашните истражувања поврзани со преголемата увереност генерално, со посебен осврт на оние кои се однесуваат конкретно на преголемата увереност во сопственото знаење. Прегледот на резултатите од досегашните истражувања претставува основа за поставување на истражувачките хипотези во Глава 5. При систематизирањето на досегашните истражувања, се укажува на идентификуваните разлики при дефинирањето на преголемата увереност и начинот на нејзиното мерење, како и опфатените испитаници, со цел да се овозможи изолирање на факторите поврзани конкретно со преголемата увереност во сопственото знаење. Токму ваквата комбинација од ставање под лупа на конкретна форма на преголема увереност, нејзино јасно дефинирање и соодветно мерење, според многу истражувачи е ретко застапена во досегашните истражувања од оваа област и тоа оневозможува подлабоко разбирање на потеклото и природата на оваа пристрасност.

Според систематски проучената литература од областа, се поставуваат хипотезите за очекуваното влијание на одделни индивидуални, организациски и фактори од окружувањето врз нивото на (преголема) увереност во сопственото знаење кај претприемачите. Во оваа глава се објаснува методологијата на истражување, вклучувајќи го и начинот на прибирање податоци и операционализацијата на променливите. На крајот од оваа глава се дискутираат добиените резултати, ограничувањата и идните подрачја на истражување. Воедно, се издвојуваат и заклучните согледувања кои произлегуваат од прегледот на литература и емпириското истражување.

Во рамките на **заклучокот**, кандидатката ги издвојува заклучните согледувања кои произлегуваат од целиот труд, при што ги подвлекува најважните теоретски и емпириски сознанија до кои е дојдено при изработката на докторската дисертација.

Кандидатката, м-р Викторија Илиева нагласува дека истражувањето го потврдува широко прифатеното сознание дека претприемачите се премногу уверени, конкретно кога станува збор за преголема увереност во сопственото знаење. Додека претходни истражувања ја докажале оваа претпоставка вклучувајќи претприемачи од САД, истражувањето во рамките на оваа дисертација е спроведено во две европски земји, каде што воопшто не постојат истражувања за претприемачката несоодветна калибрираност и нејзините детерминанти. Кандидатката потенцира дека имајќи ги предвид статистичките податоци за процентот на згаснати фирми во Македонија и Австрија во раните години од основањето, како и сознанијата од литературата кои говорат дека пазарниот успех може да се предвиди преку соодветната калибрираност на основачите на нов бизнис, ова истражување нуди значаен придонес во изучувањето на когнитивните пристрасности во претприемачки контекст. Според кандидатката, м-р Викторија Илиева, иако постојат истражувања кои укажуваат на разлики во пробабилистичкото размислување кои произлегуваат од културата, резултатите од ова истражување покажуваат дека претприемачите од Македонија и Австрија се одликуваат со преголема увереност, пристрасност која претходно била идентификувана меѓу претприемачи од САД. Ова кандидатката го поврзува со постоењето на т.н. глобална култура на претприемништво. Поконкретно, според резултатите од анализата на двата примерока, претприемачите од Македонија покажуваат повисоко ниво на преголема увереност во споредба со претприемачите од Австрија.

Покрај интеркултурните разлики и разликите кои произлегуваат од категоријата на прашања, во ова истражување се идентификувани и интра-културни разлики во преголемата увереност. Овие разлики кандидатката сумарно ги набљудува преку влијанието на индивидуалните, организациските и факторите на окружувањето, како детерминанти на преголемата увереност во сопственото знаење. Како што заклучува кандидатката, со оглед на тоа што се идентификувани низа различни достигнувања насочени кон развој на соодветна мерка за преголемата прецизност, може да се тврди дека е дојден вистинскиот момент тие да се проверат меѓу претприемачи, за кои постои генерално уверување дека се особено склони кон преголемата увереност како когнитивна пристрасност. Притоа, како што наведува кандидатката, целта на когнитивната перспектива во претприемништвото не е да се создадат целосно рационални претприемачи, кои

ќе бидат сосема имуни на сите можни когнитивни пристрасности. Наместо претприемачи кои се парализирани во пасивност поради напори за спроведување логични проценки на сите можни ризици и придобивки, потребни се претприемачи кои ќе запрат и доволно долго ќе размислат за да ги максимизираат шансите за сопствен напредок и напредок на општеството. Во оваа насока е и извадокот од писмо што Џеф Безос, американскиот претприемач и основач на најголемата компанија за електронска трговија во светот го испратил до акционерите на Амазон во 2017 година: *Никогаш не користете еден универзален процес на одлучување. Многу одлуки се реверзибилни, врати кои се отвораат во две насоки. За таквите одлуки може да послужат и тривијални процеси. За таквите одлуки, па што ако не сте во право?“*

**ЛИТЕРАТУРАТА** која е користена во овој труд содржи 189 библиографски единици, во најголем број од странски автори, а дел од домашни автори. Користената литература во поголем дел е објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред тоа.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Викторија Илиева, под наслов „Хеуристика и пристрасност во одлучувањето кај претприемачите: Влијанието на индивидуалните и организациските фактори врз преголемата увереност”, обработува исклучително значајна и актуелна проблематика поврзана со претприемништвото, расудувањето и одлучување и бихејвиористичката економија. *Предмет на истражувањето* на докторската дисертација претставува паралелното испитување на претприемачи од две различни земји во однос на нивната склоност кон преголема увереност во сопственото знаење, како и факторите што се поврзани со оваа когнитивна пристрасност. *Целта на истражувањето* на докторска дисертација е подобро разбирање на хеуристиките и пристрасностите кај претприемачите, со посебен осврт кон преголемата увереност во сопственото знаење и нејзините детерминанти.

Трудот на кандидатката м-р Викторија Илиева, под наслов **„Хеуристика и пристрасност во одлучувањето кај претприемачите: Влијанието на индивидуалните и организациските фактори врз преголемата увереност“**, претставува сеопфатна, комплексна, научно издржана и целно насочена дисертација, која низ теориско и емпириско истражување третира една мошне современа и актуелна материја, која сè уште не е обработена и елаборирана од страна на македонската научна и стручна јавност, а во академските кругови генерално претставува *актуелна област за истражување*. Преголемата увереност во сопственото знаење досега не била екстензивно изучена помеѓу претприемачи од Европа. Овој уникатен карактер на трудот посебно е нагласен со применетата методологија на истражување, испитаниците кои потекнуваат од две различни земји и поврзувањето на добиените резултати со претходни истражувања спроведени во САД.

Иако дискусиите кои се поврзани со прашањето за потеклото на когнитивните разлики кај претприемачите се актуелни и во тек, когнитивниот

пристап кон претприемништвото уверливо дава одговор на ограничувањата кај пристапот на лични особини. Когнитивната перспектива нуди теоретски ригорозно објаснување, кое воедно може да се провери и емпириски, на претходно необјасниви феномени во претприемништвото. Когнитивното истражување е еден од начините претприемачот да го добие заслуженото место во претприемништвото како научна дисциплина, а разбирањето на когнитивната инфраструктура која е во основата на претприемачката активност, е во суштината на разбирањето на претприемништвото, како тоа настанува и како се развива.

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен, со критички и аналитички однос кон научно-теоретските и апликативни истражувања на оваа материја од областа на организациските науки и менаџментот. *Основниот проблем* кој е предмет на истражувањето на дисертацијата, влијанието на индивидуалните и организациските фактори врз преголемата увереност, е мошне прецизно определен, интегрално заокружен со неговите составни елементи и целосно истражен, според опфатноста и длабочината на утврдените заклучоци на кандидатката м-р Викторија Илиева.

*Научниот и стручниот придонес* на кандидатката се огледа во успешниот мултидисциплинарен пристап на проучување и осознавање на сложените аспекти од бихејвиористичката економија, расудувањето и одлучувањето и претприемништвото. Дополнителен научен и стручен придонес претставува тоа што кандидатката м-р Викторија Илиева успеала многу сеопфатно да направи илустрирање на потребата за јасно дефинирање на предметот на истражување, поточно конкретната форма на преголема увереност што се истражува, бидејќи токму од пропуштањето да се направи ова произлегуваат голем дел од пречките за подобро разбирање на природата на оваа пристрасност и покрај тоа што досега се направени напори за нејзино изучување.

Кандидатката м-р Викторија Илиева на научно издржан и практично апликативен начин успева да ја проучи и истакне преголемата увереност како когнитивна пристрасност која со посебно внимание и интензитет се проучува во литературата од областа на претприемништвото. Преголемата увереност кај луѓето се смета за едно од најсилните сознанија во психологијата на расудувањето и одлучувањето. Ниту една пристрасност не е подоминантна и со посериозни последици од преголемата увереност. Меѓутоа, развојот на техники кои би им помогнале на претприемачите да избегнат одредени пристрасности при одлучувањето не би ги направило целосно отпорни на сите когнитивни извори на грешки, бидејќи тоа претставува недостижна цел. Децениските истражувања на човековата когниција докажале дека когнитивните системи на човекот имаат премногу ограничувања за ова да се постигне. Меѓутоа, како што се истакнува во релевантната литература, дури и кога би било можно да се постигне целосна рационалност, ова би одвело во друга крајност: претприемачите никогаш не би се одлучиле да основаат бизнис бидејќи самата идеја за основање би им изгледала премногу застрашувачка. Оваа крајност би имала поразителен ефект врз економијата, доколку се има предвид дека токму претприемачките активности се еден од клучните двигатели на економскиот раст.

Релевантноста и научниот карактер на оваа докторска дисертација се засилува со емпириското тестирање на поставените хипотези. Преку нив се

утврдува како одредени фактори кои претходни меѓународни истражувања ги поврзале со преголематаувереност се одразуваат и кај претприемачите од Македонија и Австрија. Ако се има предвид дека користената литература од областа на претприемништвото, расудувањето и одлучување и бихејвиористичката економија е селектирана со особено внимание, можеме да заклучиме дека м-р Викторија Илиева целосно одговорила на поставените цели во оваа докторска дисертација. Со право можеме да нагласиме дека теоретските и практичните сознанија и заклучоци од оваа докторска дисертација можат да понудат исклучително корисни идеи и укажувања за секој сегашен или потенцијален претприемач.

*Резултатите од истражувањето* спроведено во рамките на докторската дисертација го потврдуваат широко прифатеното сознание дека претприемачите се склони кон преголема увереност во сопственото знаење. Компаративно, резултатите од анализата на двата примерока покажуваат дека претприемачите од Македонија покажуваат повисоко ниво на преголема увереност во споредба со претприемачите од Австрија. Меѓу двете земји постои значајна разликата и во однос на нивото на увереност во сопственото знаење, додека, пак, разликата во процентот на точни одговори не достигнува статистичка значајност. Разликите во степенот на преголема увереност помеѓу претприемачите од Македонија и Австрија може да се поврзат со различната мотивација за основање бизнис. Мнозинството претприемачи во Македонија имаат основано бизнис од потреба/неопходност, додека во Австрија мнозинството претприемачи се мотивирани од идентификувана пазарна можност. Во однос на ефектот на тешки-лесни прашања, претприемачите во Австрија покажуваат преголема увереност за тешки прашања, додека пак за лесните и прашањата од средно ниво покажуваат потценување на сопственото знаење. Во Македонија, претприемачите покажуваат преголема увереност за сите три категории прашања.

Покрај разликите во однос на преголемата увереност што произлегуваат од двете различни земји од кои потекнуваат претприемачите опфатени во ова истражување, постојат и разлики помеѓу претприемачите од иста земја, кои потекнуваат од фактори опфатени во формулираните хипотези за тестирање. Во Австрија, нивото на образование е статистички значајно поврзано со процентот на точни одговори од една страна, но и со нивото на увереност од друга страна. Што се однесува до македонскиот примерок, не постои значајна поврзаност меѓу образованието и преголемата увереност. Во австрискиот примерок, претприемачите кои имаат претходно претприемачко искуство, се одликуваат со значајно повисоко ниво на увереност во споредба со оние кои немаат претприемачко искуство. Резултатите за македонскиот примерок пак, покажуваат значајна поврзаност помеѓу процентот на точни одговори и искуството. Основањето бизнис заедно со деловен партнер е најзначаен предиктор на преголемата увереност кај австриските претприемачи, додека во македонскиот примерок не постои статистички значајна поврзаност меѓу сопственичката структура и преголемата увереност. За разлика од резултатите до кои дошле други истражувања спроведени во САД, според ова истражување, користењето надворешен капитал не претставува значаен фактор во поглед на степенот на преголема увереност. Исто така, не е идентификувана поврзаност помеѓу полот и преголемата увереност во двата примерока. Претприемачката возраст не е

статистички значајно поврзана со преголемата увереност во двата примерока, но таа е поврзана со нивото на увереност и процентот на точни одговори во австрискиот примерок. Во австрискиот примерок има повисока застапеност на претприемачи кои се вклучени во иновациски активности во споредба со еквивалентната застапеност во македонскиот примерок. Меѓутоа, инволвираноста на претприемачите во иновациски активности на ниво на двете земји одделно не е статистички значајно поврзана со степенот на преголема увереност. Во согласност со претходните истражувања, кои укажуваат дека повисокото ниво на преголемата увереност е позитивно поврзано со перцепцијата за динамика во окружувањето, би се очекувало дека претприемачите кои окружувањето го перципираат како подинамично (во случајот тоа се македонските претприемачи), ќе покажат и поголема склоност кон преголема увереност (во споредба со австриските). Ова очекување се потврдува при споредба на нивото на преголема увереност меѓу двата примерока. Меѓутоа, ниту во македонскиот, ниту во австрискиот примерок не постои статистички значајна поврзаност помеѓу индексот на перципирана динамика во окружувањето и нивото на преголема увереност.

Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и взаемна поврзаност на деловите, табелите и сликите) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, а приодот кон материјата е селективен. Текстот во дисертацијата е одлично компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија со висок квалитет.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација во целост е работена според претходно дефинираните предмет, цел и задачи на истражувањето, со употреба на најрелевантна литература, како и сознанието дека анализираните и истражените концепти се потврдија како теоретски и практично релевантни, ни претставува особена чест да констатираме дека докторската дисертација во целост ги остварува очекуваните резултати од неа.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатката м-р Викторија Илиева, на тема **„Хеуристика и пристрасност во одлучувањето кај претприемачите: Влијанието на индивидуалните и организациските фактори врз преголемата увереност"**; беше проверена на 24.5.2018 година од менторот проф. д-р Љубомир Дракулевски преку софтверскиот пакет за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање од 5,57%.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Викторија Илиева изработила труд од врвна научна и практична вредност, кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттаму, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Викторија Илиева, под наслов: **„Хеуристика и пристрасност во**

**одлучувањето кај претприемачите: Влијанието на индивидуалните и организациските фактори врз преголемата увереност**”;

2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија**
**за оцена на докторската дисертација**

Комисија
за оцена на докторската дисертација

1. ________________________________
Проф. д-р Леонид Наков, претседател, с.р.

2. ________________________________
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

3. ________________________________
Проф. д-р Васил Поповски, с.р.

4. ________________________________
Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.

5. ________________________________
Проф. д-р Ангелина Танева Вешовска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

,,КОНКУРЕНТСКИ СТРАТЕГИИ ВО НАФТЕНАТА ИНДУСТРИЈА:

АНАЛИЗА НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРИВАТНИ И НАЦИОНАЛНИ НАФТЕНИ КОМПАНИИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕГИОНОТ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЕДВИН МУШЕ,

ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 96 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08...127/16), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, членовите 61, 62, 63, 65 и 66 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.245/13), а согласно со предлогот на Советот на студиската програма Организациски науки и управување, според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-969/2 од 02.05.2018 година, донесена на седницата од 27.04.2018 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ,,КОНКУРЕНТСКИ СТРАТЕГИИ ВО НАФТЕНАТА ИНДУСТРИЈА: АНАЛИЗА НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРИВАТНИ И НАЦИОНАЛНИ НАФТЕНИ КОМПАНИИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕГИОНОТ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", поднесена од кандидатот м-р Едвин Муше.

По внимателното и опстојно прегледување на содржината на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

**ИЗ В Е Ш Т А Ј**

## 1. ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 338 страници текст, 15 страници користена литература (224 библиографски домашни и странски единици) и 11 страници прилози. Трудот претставува комплексна научна материја од доменот на стратегискиот менаџмент и конкурентските стратегии во нафтената индустрија. Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана, во согласност и во функција на јасно поставената цел. По апстрактите на македонски и англиски јазик, следува содржината разработена низ следниве точки:

Глава I – Теорија и дефинирање на конкурентските стратегии во нафтената индустрија (13-42 стр.)

Глава II – Вертикална интеграција во нафтената индустрија (43-100 стр.)

Глава III – Трендови на глобализација во нафтената индустрија (101-160 стр.)

Глава IV – Анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании (161-205 стр.)

Глава V – Анализа на регионалните нафтени компании (206-245 стр.)

Глава VI – Анализа на нафтениот сектор во Република Македонија: Истражување: Макпетрол АД и Лукоил Македонија (246-305 стр.)

Заклучок (306-312 стр.)

Литература (313-327 стр.)

Во *воведот* на дисертацијата се дефинирани актуелноста на проблематиката, предметот и целите на истражувањето, планот за презентација на истражувањето и методологијата за изработка на докторска дисертација.

Во првата глава од докторската дисертација насловена *Теорија и дефинирање на конкурентските стратегии во нафтената индустрија*, м-р Едвин Муше ги истражува основните карактеристики на конкурентските стратегии и конкуренцијата во нафтената индустрија. Во тој контекст се анализира практичната улога на конкурентските стратегии и нивната примена во нафтената индустрија, почнувајќи од основите на конкуренцијата во нафтената индустрија па се до видовите на конкурентски стратегии и моделите на конкуренција во нафтената индустрија. Оваа глава е сублимирана со систематското претставување на историскиот развој на конкуренцијата во нафтената индустрија, почнувајќи од самите зачетоци, па сè до тековната и актуелна состојба на конкурентскиот поредок во нафтената индустрија.

Во втората глава во докторската дисертација, *Вертикална интеграција во нафтената индустрија,* се анализира стратегијата на вертикалната интеграција и нејзината примена во нафтената индустрија. Анализата првично ја опфаќа теоретската рамка, поврзана со феноменот на вертикална интеграција при што истата е разложена од практичен аспект. Како надополнување, вертикалната интеграција има суштинско значење за нафтената индустрија, и во таа насока е претставен развојниот процес на вертикалната интеграција во нафтената

индустрија, проследен со серија од практични примери што се поврзани со прогресот на нафтените компании, вклучувајќи ги и економските придобивки што ги генерира токму примената на вертикалната интеграција. Во таа насока, кандидатот акцентот го става на анализата на вредносниот синџир – како една од најрелеватните модели коишто сѐ пошироко наоѓаат примена во нафтената индустрија – елабориран, преку различни модели на вредносни синџири, со потесен фокус на комлексната структура на нафтената индустрија, преку претставување на секој сегмент поединечно. Конкурентската предност – како интегрален сегмент на конкурентските стратегии – претставена е исклучиво од аспект на примената на вертикалната интеграција во нафтената индустрија, односно дискутирано е во тезата дали вертикалната интеграција може да придонесе за градење конкурентска предност во нафтената индустрија.

Во третата глава во докторската дисертација, *Трендови на глобализација во нафтената индустрија,* се анализираат водечките трендови на глобализација во нафтената индустрија. Фокусот е ставен на сеопфатниот карактер на глобализацијата којашто ги детерминират општествените движења и социо-економската динамика на глобалните процеси на стандардизација. Глобалната нафтена индустрија е постојано предмет на овие варијации и е воедно директно зависна од интензитетот и сложеноста на движечките трендови на пазарот. Во оваа глава, анализата е насочена на најголемите производители/потрошувачи на нафта во светот, притоа концентрирајќи се на *OPEC* како глобален координатор на овие процеси. Влијанието на макроекономските фактори е исто така круцијален сегмент на оваа дискусија, при што фокусот е ставен на соодносот помеѓу понудата и побарувачката, потрошувачката на сурова нафта и растот на БДП, цената на суровата нафта и одредници на сурова нафта.

Во четвртата глава, *Анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании*, предмет на анализа се водечките глобални приватни и национални нафтени компании. Најпрвин е претставен уделот на пазарот на нафтени резерви на двете групации поединечно – *NOCs* и *IOCs* – како и дискусија во рамките на којашто е образложена поставеноста на нафтените компании во поглед на резервите на сурова нафта. Во продолжение, фокусот е ставен на водечките нафтени компании во светот, односно на петте приватни нафтени компании, познати како *SuperMajors* и седумте национални нафтени компании познати како *Seven Sisters*. Во контекст на истоимената дискусија, образложени поединечно и компарирани се приватните и националните нафтени компании, со што посебно внимание е посветено на успешноста на нафтените компании, од аспект на примена на вертикалната интеграција и степенот на оперативна зависност меѓу двете групации. Исто така, анализиран е и финансискиот карактер на овие групации, во поглед на билансот на успех и капиталната моќ на пазарот. На крајот на оваа глава кандидатот укажува на потребата од стратешката соработка на приватните и националните нафтени компании. При разработка на оваа дискусија

дадени се определени согледување во поглед на перспективите за развој на стратешки сојуз помеѓу приватните и националните нафтени компании.

Во петтата глава од докторската дисертација, *Анализа на регионалните нафтени компании,* истражувањето е фокусирано на општата состојба на водечките нафтените компании во регионот, преку синтентизирање на минатата и сегашна позиција на нафтените компании и нафтените индустрии во овој регион. Факт е дека денешната економија се менува побрзо од кога било, и оттаму таа наметнува своевидни импликации за компаниите коишто не успеваат соодветно да се прилагодат на промени што се резултат на деловното окружување. Во оваа глава е претставена и структурата на нафтената индустрија, односно структурната ориентираност на нафтените компании во регионот, при што посебен фокус е ставен на квантитативниот сегмент на овие компании од аспект на примена на вертикална интеграција. Образложени се и ефектите од примена на вертикална интеграција во овој регион, во насока на тоа колку нафтените компании во овој регион ги следат трендовите на глобалната нафтена индустрија, дали и колку менаџментот на истите е подготвен навремено да одговори на стратешките промени коишто ги одредува глобалната нафтена индустрија. Во вакви услови, кандидатот потенцира дека успешноста на домашните пазари е добар но не и доволен индикатор за долгорочен раст, што повеќе од евидентно е дека нафтените компании во регионот континуирано го засилуваат и стратешкиот капацитет на своите глобални активности, во насока на градење одржлива конкурентска предност.

Во шестата глава од докторската дисертација. *Анализа на нафтениот сектор во Република Македонија – Истражување: Макпетрол АД и Лукоил Македонија,* кандидатот преку ситуациона анализа првично ја образложува моменталната состојба на нафтениот сектор во Република Македонија, проследена со структурна анализа. Преку анализата на петте фактори на *Michael Porter* и *PESTEL* анализата, кандидатот јасно укажува на степенот на конкурентност на нафтениот сектор односно концизно ја претставува макроекономската состојба на нафтениот сектор во Република Македонија. Повикувајќи се на искуствата од примената на вертикалната интеграција на глобалните нафтени компании и нафтените компании во регионот, спроведено е квалитативно испитување – лично интервју со раководните субјекти на Макпетрол АД и Лукоил Македонија – при што се идентификувани можностите за потенцијална структурна преориентација на нафтениот сектор, што би значело не само доближување до глобалната нафтена индустрија туку и комплетна модернизација и проширување на оперативните активности.

Во рамките на заклучокот, кандидатот м-р Едвин Муше подвлекува одредени аспекти поврзани со примената на вертикалната интеграција во нафтениот сектор во Република Македонија. Посебно се земени предвид резултатите од квалитативното истражување спроведено според одговорите добиени од експерти кои работат во нафтената индустрија. Притоа, се истакнати основните фактори во

однос на подобрување на конкурентноста на нафтениот сектор во Република Македонија.

Во делот на литературата, наведени се 224 библиографски единица. Со тоа, овој труд располага со различни книги, материјали, статии, написи во печатените и дигиталните медиуми (вклучувајќи повеќе различни земји, во најголем дел од англиското говорно подрачје), објавени по 2000 година, со исклучок на одредени значајни автори кои дале посебен придонес и се истакнуваат со своите, исто така, значајни дела.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Едвин Муше, под наслов *„Конкурентски стратегии во нафтената индустрија: анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании со посебен осврт на регионот и Република Македонија"*, обработува исклучително значајна и актуелна проблематика поврзана со стратегискиот менаџмент во нафтената индустрија. Во рамките на оваа проблематика, *предмет на истражување* претставуваат различни аспекти на примена на конкурентските стратегии во нафтената индустрија, овозможувајќи ефикасно и ефективно функционирање на пазарот на нафта и нафтени деривати, како и зголемување на профитабилноста и одржливите конкурентски предности на нафтените компании. Оттука, *целта на докторската дисертација* е да ги истражи теоретските и практични аспекти поврзани со конкурентските стратегии во нафтената индустрија со посебен осврт на регионот и Република Македонија.

Имајќи ги предвид целите на докторската дисертација, глобалниот нафтен пазар се опсервира во контекст на: користење стратегии за управување со нафтениот пазар, формулирање конкурентски стратегии и градење на конкурентска предност. Теоретското и методолошкото истражување на различните димензии е проследено со соодветно квалитативно истражување, кое обезбедува информации за практичните импликации од конкурентските стратегии врз функционирањето на нафтените компании.

Интересот во однос на нафтениот сектор и неговото управување се повеќе се наметнува во фокусот, па во таа насока *темата која ја обработува м-р Едвин Муше е актуелна и значајна,* посебно издвојувајќи одредени пристапи за развојот и имплементацијата на конкурентските стратегии во нафтената индустрија. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од областа на стратегискиот менаџмент и конкурентските стратегии во нафтената индустрија.

Докторската дисертација се одликува со силна теоретска и методолошка фундираност која придонесува со свој оригинален, критички и аналитички пристап кон научно-теоретските и апликативни истражувања поврзани со материјата од

областа на стратегискиот менаџментот на нафтените компании. *Основниот проблем* кој се анализира во рамките на дисертацијата се однесува на примената на конкурентските стратегии во нафтената индустрија, преку практична елаборација на глобалниот и регионален нафтен пазар. Притоа, тој е прецизно определен и целосно истражен, осврнувајќи се кон опфатноста и длабочината на утврдените заклучоци на кандидатот м-р Едвин Муше.

Во рамките на истражувањето, кандидатот го истакнува значењето на еден од покруцијалните проблеми на нафтениот сектор во Република Македонија, а тоа е отсуството на јасно дефинирани конкурентски стратегии, недоволна посветеност на проучувањето на економијата на конкурентските стратегии, исклучителна резервираност на пазарот за нафта и нафтени деривати, изразена фокусираност на малопродажбата на нафтени деривати и релативно мал интерес за меѓународна соработка и партнерство.

*Научниот и стручниот придонес* на извршеното истражување се огледа во успешниот мултидисциплинарен пристап кон проучување и осознавање на состојбата, карактеристиките и специфичностите на глобалната нафтена индустрија и регионалниот и домашен нафтен пазар, во контекст на поставеноста и развојот на вертикалната интеграција, а посебно во контекст на стратегискиот менаџмент и примената на конкурентските стратегии во нафтената индустрија. Дополнителен научен и стручен придонес претставува тоа што кандидатот успеал да направи сеопфатно и детално истражување на одредени елементи кои влијаат врз квалитетот на нафтениот сектор во Република Македонија, вклучувајќи експерти од домашниот нафтен пазар кои даваат информации на кои се базирани резултатите.

Кандидатот м-р Едвин Муше, на научно издржан начин, успева да ги истражи, теориски и емпириски, различните фактори кои се значајни за развојот на нафтениот сектор во Република Македонија. Притоа, значајно е дека нафтените компании не посветуваат големо внимание на конкурентските стратегии и стратегиското менаџирање и повеќе се ориентирани кон проблемите на секојдневното работење.

*Резултатите од истражувањето* спроведено во дисертацијата овозможуваат непосредна примена во практиката. Посебно се значајни презентираните резултати од спроведената анализа кои обезбедуваат афирмација на организациските науки, но истовремено даваат насока и совети за менаџерите кои управуваат со нафтените компании во Република Македонија, државните органи и другите чинители кои имаат намера да го стимулираат растот и развојот, со цел да се му се даде современ и одржлив карактер на нафтениот сектор во Република Македонија.

Квалитативните истражувања прикажани во докторската дисертација на кандидатот Едвин Муше укажуваат на следниве факти: неопходно е да се работи на практично развивање на концептот на вертикална интеграција, преку

интензивирање на сегментот за капитални проекти; глобализација на оперативните активности и засилена соработка со водечките регионални и меѓународни нафтени компании, преку заеднички вложувања и напредни инвестициони политики; поефикасна координација на клучните стратегиски активности и следење на глобалните нафтени предизвици од светската практика; евалуација на активностите во синџирот на вредноста и развивање на потенцијалот за вертикална интеграција нанапред и вертикална интеграција наназад; ревидирање на тековниот модел на управување и унапредување на визионерскиот пристап за примена на стратегијата на вертикална интеграција и подобро управување со ризици; поттикнување на конкурентноста на нафтениот сектор и слободното движење на конкуренцијата, со цел за зајакнување на организациските капацитети за одржлива конкурентска предност; креирање нови политики на стратегиски маркетинг и поттикнување производна диференцијација со цел за градење дистинктивна позиција на пазарот; развој на нови технологии и зголемување на степенот на иновативност, во насока на креирање поголема вредност и операционализација на факторите за успешност на пазарот; целосна либерализација на нафтениот сектор и комплетно отстранување на пазарните ограничувања, со цел за поголем прилив на конкурентски компании и поголем раст на домашната економија.

На самиот крај на работата на оваа докторска дисертација, кандидатот утврдува дека сеуште е мала примената на конкурентските стратегии во нафтената индустрија поради фактот што нафтените компании продолжуваат да тргуваат со нафтата и да ја категоризираат како добро за широка потрошувачка. На тој начин се потиснува конкурентскиот потенцијал на нафтата како производ. Со цел за навремено да се одговори на промените во деловното окружување, глобалните нафтени компании користат напредни алатки за планирање на побарувачката и целокупниот маркетинг со цел да генерираат повисока вредност за активностите во нагорниот и надолниот сегмент. За да ги оправдаат заложбите, менаџерите во нафтената индустрија се фокусираат на интензивирање на производната диференцијација и на политиката на ниски трошоци, во насока на креирање на конкурентската предност на пазарот. Додека технологијата има витално значење за нафтената индустрија, во ситуација кога цените на нафтата следат нагорен тренд, нафтените компании ќе се фокусираат на трошочно ефективно производство, што во суштина значи воведување нова технологија и унапредување на производните процеси. Придобивките од вертикална интеграција, коишто ги генерираат нафтените компании во регионот се производ на силната меѓународна експертиза и глобалните менаџерски практики, коишто се евидентни во рамките на сите три сегменти. Од истражувањето може да се заклучи дека наспроти брзиот раст на глобалниот и регионален нафтен пазар, нафтениот сектор во Република Македонија се развива со бавен интензитет, проследен со минимален проток на инвестиции и странски капитал. Тековната состојба на македонскиот нафтен сектор укажува на преголема зависност од странскиот увоз на деривати и минимален извоз на домашните компании. Ваквиот исход укажува дека во иднина неопходно ќе биде комплетно да се преиспита структурата на македонскиот нафтен сектор и преку длабински анализи да се евалуираат развојните потенцијали на секој сегмент

поединечно и врз основа на добиените резултати да се конципираат нови модели на стратегиско управување.

Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табелите и сликите) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Текстот во дисертацијата е компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија со висок квалитет.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Едвин Муше претставува значајно дело од областа на стратегискиот менаџмент и конкурентските стратегии, со посебен апликативен придонес во нафтената индустрија. Структурата на докторскиот труд е адекватно дизајнирана, при што секоја глава има посебна научна тежина во контекст на елаборација на суштината на истражувањето. Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација во целост е работена според претходно дефинираните предмет, цел и задачи на истражувањето, со употреба на најрелевантна литература, како и сознанието дека анализираните и истражените концепти се потврдени како теоретски и практично релевантни, ни претставува особена чест да констатираме дека докторската дисертација во целост ги остварува очекуваните резултати од неа.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатот м-р Едвин Муше, на тема „Конкурентски стратегии во нафтената индустрија: анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании со посебен осврт на регионот и Република Македонија“ беше проверена од менторот проф. д-р Љубомир Дракулевски на 5.6.2018 година, преку софтверскиот пакет за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање од 8.45%

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека кандидатот м-р Едвин Муше, изработил труд кој во целост ги задоволува највисоките нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттаму, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисертација на кандидатот м-р Едвин Муше под наслов: „Конкурентски стратегии во нафтената индустрија: анализа на глобалните приватни и национални нафтени компании со посебен осврт на регионот и Република Македонија”;

2. да определи Комисија за одбрана на докторската дисертација;

3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

за оцена на докторската дисертација

1. ________________________________

Проф. д-р Васил Поповски, претседател, с.р.

2. ________________________________

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

3. ________________________________

Проф. д-р Кирил Постолов, с.р.

4. ________________________________

Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.

5. ________________________________

Проф. д-р Анегелина Танева Вешовска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Боневски Андреј** | **„Влијанието на примарната амбалажа на цигарите врз ставовите на потрошувачите кон пушењето“** | **“The impact of primary cigarette packaging on the attitudes of consumers towards smoking”** | проф.д-р Снежана Ристевска-Јовановска | 02-1289/15 од 21.06.2018 година |
| 2. | **Катерина Тасевска** | **„Процесот на консолидација на македонскиот банкарски сектор“** | **“The process of consolidation in the Macedonian banking sector”** | проф. д-р Горан Петревски | 02-1289/13 од 21.06.2018 година |
| 3. | **Деспина Вељаноска** | **„Економски придобивки и трошоци од членството на Република Македонија во Европската унија низ призмата на искуството на Бугарија и Хрватска “** | **“Economic benefits and costs of the membership of the Republic of Macedonia in the European Union through the prism of the experience on Bulgaria and Croatia”** | проф.д-р Ѓорѓи Гоцков | 02-1289/14 од 21.06.2018 година |
| 4. | **Бранко Мандил** | **„Континуирано подобрување на процесите и системите во синџирот на снабдување“** | **“Continuous improvement of processes and systems in supply chain”** | проф.д-р Лидија Пулевска Ивановска | 02-1289/12 од 21.06.2018 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **Дајана Јаневска** | **„Даночните влијанија наспроти влијанијата на регулативата на МСФИ врз сметководството на компаниите во Република Македонија“** | **“Tax versus IFRS regulation impact on corporate accounting in the Republic of Macedonia”** | доц.д-р Атанско Атанасовски | 02-1289/11 од 21.06.2018 година |
| 6. | **Александра Нушеска** | **„Вложувања во нематеријални средства и нивното влијание врз вредноста на компаниите во Република Македонија“** | **“Investment in intangible assets and their impact on the value of the companies in Republic of Macedonia”** | доц.д-р Атанско Атанасовски | 02-1289/10 од 21.06.2018 година |
| 7. | **Катерина Кимовска Геровска** | **„Фактори и стратегии за привлекување и задржување на таленти во ИТ компаниите“** | **“Factors and strategies for attracting and retaining talents in IT Companies”** | проф.д-р Љупчо Ефтимов | 02-1289/9 од 21.06.2018 година |
| 8. | **Анета Марковска** | **„Индивидуалното наспроти тимското наградување на вработените“** | **“Individual versus team based reward system”** | проф.д-р Љупчо Ефтимов | 02-1289/8 од 21.06.2018 година |
| 9. | **Зоран Стефановски** | **„Спецификите на мерењето и наградувањето на перформансите на вработените и волонтерите во непрофитниот сектор“** | **“The specifics of performance measurement and reward of non-profit sector employees and volunteers”** | проф.д-р Љупчо Ефтимов | 02-1289/7 од 21.06.2018 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | **Ивана Христова** | **„Степенот на развој на професијата менаџмент на човечките ресурси во Република Македонија “** | **“The development level of the proffesion human resources management in the Republic of Macedonia”** | проф.д-р Љупчо Ефтимов | 02-1289/6 од 21.06.2018 година |
| 11. | **Влатко Јованов** | **„Финансирање на МСП преку развојните банки – искуства од земјите од Југоисточна Европа и Република Македонија“** | **“Financing of the SME’s through development banks – experiences from the countries of South-Eastern Europe and the Republic of Macedonia”** | проф.д-р Стојан Дебарлиев | 02-1289/5 од 21.06.2018 година |
| 12. | **Горан Радински** | **„Разновидноста на работното место и улогата на менаџментот на човечки ресурси во глобалните компании“** | **“Diversity of the workplace and the role of human resource management in global companies”** | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 02-1289/4 од 21.06.2018 година |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНА НА МЕНТОР**

| **Ред. Бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. На одлука на ННС/НС за промена на ментор** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Марко Николовски | ,,Ограничувања во примена на е-бизнисот во малите и средни претпријатија’’ | ,,Limits regarding the implemenatation of e-business in small and medium enterprises” | Проф.д-р Љубомир Дракулевски | 02-1289/3 од 21.06.2018 година |

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 31.05.2018 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Бојан Симоновски | Анализа на опции за модернизација на енергетска котелска постројка на цврсто гориво | Analysis of options for modernisation of utility steam generator plant on solid fuel | Проф. д-р Ристо Филкоски | 02-1039/2 31.05.2018 год. |
| 2. | Александар Ѓерасимовски | Компресорско-ејекторски полигенеративни системи | Compressor-ejector polygeneration systems | Проф. д-р Доне Ташевски | 02-1029/2 31.05.2018 год |
| 3. | Марјан Тодоров | Методологија на подобрување на процесите со следење на LEAN клучните индикатори преку интегрирано користење на VSM и DES | Methodology for process improvement by monitoring the key lean indicators through integrated application of VMS and DES | Доц. д-р Бојан Јованоски | 02-969/2 31.05.2018 год |
| 4. | Бојана Вељаноска | Анализа на корелативните врски помеѓу влезните и излезните параметри кај станица за пречистување на комунални отпадни води | Analysis of correlative connections between input and output parameters in municipal wastewater treatment plant | Проф. д-р Зоран Марков | 02-918/2 31.05.2018 год |
| 5. | Јован Јанчевски | Тахографските уреди како дел од интегрирани системи за контрола на друмските возила во контекст на развојот на интелигентните транспортни системи | Tachograph devices as a part of integrated road vehicle control systems in the context of the Intelligent Transport Systems (ITS) development | Проф. д-р Дарко Данев | 02-675/2 31.05.2018 год |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАКТОРИ И БАРИЕРИ КОИ ВЛИЈААТ КОН АТХЕРЕНТНОСТА – ПРИДРЖУВАЊЕТО КОН ПРЕПИШАНАТА ТЕРАПИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ НА ХРОНИЧНА МЕДИКАМЕНТОЗНА ТЕРАПИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД МАРИЈА КИШМАН ХРИСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 18 април 2018 год. година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Кишман Христовска со наслов „Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Фимка Тозија (претседател), проф. д-р Моме Спасовски (ментор), проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска (член), проф. д-р Розалинда Исјановска (член) и проф. д-р Михаил Кочубовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Кишман Христовска со наслов „Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија“, содржи 195 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 110 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 12 глави вклучувајќи резиме, листа на кратенки, вовед, цели на истражувањето, хипотези на истражувањето, мотив за истражувањето, материјал и методи, статистичка анализа на податоците, резултати, дискусија, заклучоци, препораки и прилози. Текстот содржи 87 табели и 12 графикони. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** е **воведот** на докторската дисертација. Во воведот на трудот, кој е правилно структуриран и содржи концизна елаборација, кандидатката укажува на дефинирањето на атхерентноста и неатхерентноста, терминолошките разлики и таксономијата, ги прикажува меѓузависните димензи на атхерентноста,

како и мерењето на атхерентноста. Понатаму, прикажани се специфичностите на одредени хронични болести кон атхерентноста и детално се обработени три хронични болести/состојби во однос на атхерентноста, имено, хипертензија, ХИВ и туберкулоза и состојбата со атхерентност кон хроничната медикаментозна терапија кај нив.

Воведот е соодветно конципиран и дава актуелен осврт на разбирањето на досегашните сознанија кај нас и во светот во проучување на атхерентноста кон препишаната медикаментозна терапија. Посебно внимание е посветено на петте меѓузависни димензи на атхерентноста, при што се укажа на потребата да се надмине вообичаеното убедување дека пациентите се единствено одговорни за придржување кон нивниот третман, став кој ги отфрла влијанијата на другите фактори врз однесувањето на луѓето и нивните капацитети да се придржуваат до терапевтскиот режим.

Во **втората глава** се изнесени **целите** на истражувањето каде што кандидатката ги елаборира намерите на докторскиот труд, имено идентификување на нивото на атхерентност кај пациентите со препишана хронична медикаментозна терапија за хипертензија, туберкулоза и ХИВ во Република Македонија, потоа, идентификување на факторите кои влијаат на нивото на таа атхерентност, како и идентификување на главните бариери кои влијаат на нивото на атхерентност. Како посебна цел се издвојува можноста резултатите од докторскиот труд да придонесат кон зголемување на свеста кај носителите на политики и здравствени менаџери за можниот проблем на неатхеретност во државата со последователни влијанија врз здравјето на пациентите и потенцијалната економска загуба.

Во **третата глава** се елаборирани **хипотезите** на истражувањето. Генералната (нулта) хипотеза наведува дека не постојат фактори од страна на: пациентите, здравствените работници, здравствениот систем и здравственото осигурување кои се поврзани со атхерентноста кон хронична медикаметозна терапија во Република Македонија.

Втората истражувачка хипотеза Х2 наведува дека постои поврзаност на детерминантите и атхерентноста кон хронична медикаметозна терапија во Република Македонија.

Во понатамошните поединечни истражувачки хипотези кандидатката ја наведува хипотезата Х3, во која изнесува дека постои разика во однос на атхерентноста кон хроничната терапија кај пациенти со дијагноза ХИВ, ТБЦ и хипертензија на медикаментозна терапија во Република Македонија.

Со хипотезата Х4 се наведува дека постои влијание на работниот статус, статусот на здравствено осигурување, цената на лекот/лековите (за пациентите со хипертензија и кои се ХИВ позитивни), односно цената на транспортот до здравствената установа каде се преземаат лековите (за пациентите на антитуберкулотици и пациенти со ХИВ на АРВ-терапија), како и депресијата кај пациенти со дијагноза ХИВ, ТБЦ и хипертензија на хронична медикаметозна терапија во Република Македонија и атхерентноста кон препишаната хронична медикаментозна терапија во Република Македонија.

Во хипотезата X4, кандидатката наведува дека постои поврзаност на зголемен бурнаут (прегореност) и стрес кај здравствените работници со атхерентност кај пациентите со препишана хронична медикаментозна терапија за хипертензија, туберкулоза и ХИВ во Република Македонија.

Во **четвртата глава**, кандидатката го објаснува **мотивот**, при што се осврнува на личните и јавноздравствените мотиви кои ја поттикнаа на ова истражување со цел расветлување на компонентите, на оваа кај нас, но и во светски рамки, недоволно научно истражена јавноздравствено област.

Во **петтата глава** каде што се елаборира применетите **материјали и методи**, кандидатката ги прикажува применетите јавноздравствени истражувачки методи и материјали. Студијата претставува истражување од типот на студија на пресек. Прикажан е временскиот период во кој е спроведено теренското истражување, потоа прикажани се локациите на истражувањата, како и одредување на големината на примерокот репрезентативен за целата држава, и во кои здравствените установи во државата таа е спроведена.

За испитувањето кај пациентите, прикажана е целна популација на пациенти заедно со инклузионите и ексклузионите критериуми. Детално се прикажани применетите инструменти во истражувањето: нестандардизиран прашалник со самоизвестување (со прашања поврзани со социоекономски и демографски индикатори); стандардизиран прашалник - скала на Мориски, Грин и Левин за атхерентност кон медикаментозна терапија (Morisky, Green, and Levine Adherence Scale - MGL) и скалата за самопроценка на депресија на Зунг. Кандидатката го прикажува процесот на превод, адаптирање на применетите скали од јазичен аспект, како и обезбедување на нивна флуентност заедно со професионална адекватноста. Во текстот се објаснети структурата и намената на инструментите.

За испитувањето на здравствените работници, прикажана е целната популација заедно со инклузионите и ексклузионите критериуми. Прикажан е користениот инструмент, имено, Maslach Burnout Inventory (MBI) Human Services Survey - Професионален стрес кај здравствени работници заедно со прашалникот со самоизвестување за стресогени фактори поврзани со работата. Објаснет е процесот на лиценцирање на иструментот за потребите на докторантот и објаснета е структурата и намената на иструментот.

Понатаму, објаснета е спроведената прелиминарна анализа. Кандидатката го прикажува методот за одредување на големина на примероците за пациентите и за здравствените работници. Објаснет е начинот на пристап и дистрибуција на прашалниците до испитаниците како и начинот и утврдување на точноста на внесените добиени податоци во базите на податоци. Објаснет е процесот на етичко одобрување на истражувањето како и гаратирањето на доверливоста на личните податоци.

Во **шестата глава** со наслов **Статистичка анализа на податоците**, објаснет е процесот на формирање на бази на податоци за пациентите и за здравствените работници од добиените пополнети прашалници со применетите скали. Објаснето е бодувањето кое е применето во различните скали, како и видот

на применетиот статистички програм за анализа на добиените податоци. Кандидатката ги презентира користените за анализа статистички методи, имено дескриптивна статистика, односно мерки на централна тенденција (просек, медијана) и мерки на отстапување (стандардна девијација) кај квантитативните, односно нумерички варијабили; дистрибуција на квалитативните, односно атрибутивни варијабили; користење на параметрискиот t – test за независни примероци; одредување на поврзаноста, соодnос на асоцираноста на одредени белези, користење на непараметриски и параметриски методи (χ2 тест, Pearson-ов коефициент на корелација); мултипла логистичка регресија употребена за одредување на предикативните фактори (за депресијата кај пациентите и атхерентност) и за одредување на поврзаноста на синдромот на прегореност кај здравствените работници со неатхерентност, како и еднонасочна анализа на варијанса - АНОВА тест.

Во **седмата глава** насловена **Резултати** од докторската дисертација, претставени и анализирани се резултатите кои се прикажани во две подглави, резултати добиени при испитувањата кај пациенти и резултати добиени при испитувањата кај здравствените работници а секоја од овие две подглави содржи поднаслови. Резултатите се презентирани во 83 табели и 10 графикона. Во анализа на резултатите од истражувањето од дистрибуираните преку 5000 прашалници кај пациентите и здравствените работници, уредно пополнети беа анализирани 3464 прашалници од пациентите и 83 уредно пополнети прашалници од здравствен кадар.

Во статистичите анализи за здравствениот кадар преставена е следнава големина на работниот примерок. Од здравствениот кадар во примарната здравствена заштита прашалниците од сите 8 статистички региони на Република Македонија, според начинот на дефинирање на примерокот со цел истиот да е репрезентативен за целата држава, а кои работат со пациенти на антихипертензивна терапија, примени се 59 пополнети прашалника а од кои 54 биле подобни за статистичка анализа. Од здравствениот кадар кој работи со пациенти на АРВ-терапија од целата држава (здравствените работници кои од Универзитетската Клиника за заразни болести и фебрилни состојби-поради централизираниот начин на лекување на оваа група пациенти), сите 9 примени прашалника биле уредно пополнети и вклучени во анализите. Од здравствен кадар кој работи со пациенти на антитуберкулотици за целата држава, и тоа од Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза примени се 15 пополнети прашалника од кои 13 беа уредно пополнети. Од Специјалната болница за белодробни заболувања-Јасеново, ЈЗУ Општа болница Штип - Одделение за белодробни заболувања и туберкулоза-Штип, ЈЗУ Клиничка болница Д-р Трифун Пановски - Одделение за белодробни заболувања и туберкулоза-Битола примени се 27 прашалници пополнети од здравствен кадар но само 7 од овие прашалници биле соодветни за понатамошна статистичка анализа.

Во оваа група на резултати се идентификувани стресогените фактор за здравствените работници, на пр. 50% од сите испитувани, или 77,4% кај здравствените работници кои работат со пациенти на терапија против туберкулоза се идентификува тврдењето „занемарување на пациентите поради административни задачи“ а за статистички поврзани стресогени фактори со брноут

се утврдија со $p<0,05$ „работа со хронични болни“, „работа со заразни болести“. Најголем брноут и деперсонализација се забележа кај лекарите со пократок работен стаж.

Во однос на прегореноста кај здравствените работици, резултатие укажуваат на меѓусебна статистичка поврзаност помеѓу трите групи на здравствени работници при што се посочува на разлики помеѓу групите здравствени работници во однос на синдромот на прегореност. Статистички значајни разлики утврдени се помеѓу здравствените работници кои работат со пациенти на антихипертензиви и здравствените работници кои кои работат со пациенти на антитуберкулотици. Здравствените работници кои работат со пациенти со ТБЦ имаат поголема прегореност, бурноут од останатите две групи здравствени работници.

Во анализи на резултатите добиени од Инвентарот на Маслач за истражување на прегореност кај хуманистички служби, со пресметување на анализа на варијанса за сите три групи на здравствени работници, како и со пост хок тест, резултатите укажаа дека нема статистички значајни разлики помеѓу лекарите што работат со различни пациенти (дијагнози) во поглед на нивото на деперсонализација, како и дека нема статистички значајни разлики помеѓу лекарите што работат со различни групи на пациенти, предмет на ова истражување, во поглед на нивото на персоналните остварувања.

При анализата на резулатите за испитување на атхерентност на ниво на цел примерок испитувани пациенти, утврдено е дека постојат разлики во атхерентноста помеѓу трите група на испитаници. При тоа, пациентите со ТБЦ имаат поголема атхерентност од пациентите со хипертензија; атхерентноста е поголема кај пациентите со ХИВ во однос на пациентите со хипертензија; нема статистички значајни разлики помеѓу пациентите со ТБЦ и ХИВ во однос на атхерентноста кон препишаната терапија.

Резултатите укажуваат дека на ниво на цел промерок, испитуваните пациенти со здравствено осигурување имаат поголема атхерентност кон препишаната хронична терапија. Подетално, кај пациентите на антихипертензиви постои статистичка сигнифинатност, при што пациентите кои не се здравствено осигурани се помалку атхерентни кон препишаната терапијата. Кај пациентите на антитуберкулотици кои не се здравствено осигурани исто така е забележана помала атхерентност кон препишаната терапијата. Додека пак, за пациентите на АРВ-терапија, поради малиот број на испитаници кои одговориле дека не се здравствено осигурани (само 2 испитаника), анализите не се земени предвид.

Прикажани се резултатите кај пациентите со хипертензија и ХИВ каде што се индицира позитивна корелација помеѓу невработеноста и атхерентноста кон лековите, и тоа со појава на намалување на атхерентност кон препишаната терапија. Прикажаните резултати од ова истражување укажуваат дека цената на лековите има улога во атхерентноста кај пациентите со хипертензија на антихипертензивна терапија и пациентите на АРВ-терапија, и тоа поврзаност на намалена атхерентност во однос на цената на лекот. Кај пациентите со дијагноза туберкулоза на терапија со антитуберкулотици и ХИВ на АРВ-терапија, не е утврдена корелирана статистичка сигнификантност помеѓу цената на транспортот до локацијата за преземање на лековите и атхерентноста кон препишаниот

медикаментозен режим. Синдромот на депресијата се детектира статистички позитивно поврзан со намалувањето на атхерентноста само кај пациентите на антихипертензивна терапија. Повисокото образование кај пациентите на АРВ-терапија е поврзано со поголема атхерентност. Резултатите покажаа дека има статистички значајни разлики кон атхерентноста во однос на етничката припадност на испитаниците, при што најниска атхеретност се забележува кај лицата со ромска етничка припадност, на ниво на цел примерок испитаници. Резултатите покажаа дека нема статистички значајни разлики во атхерентноста помеѓу помладите и постарите испитаници, како и дека полот и брачната состојба нема влијание на атхерентноста. Во однос на користење на мултитаблетната терапија и честотата на земање лекови, резултатите укажуваат дека тие немаат влијание на атхерентноста кај испитуваната популација, а кои во светската научна литература се наведуваат за предуслови за неатхерентност.

По оваа глава следува **осмата глава** каде што е претставена **дискусијата** која е доследна, концизна и систематизирана, со споредба на сопствените наоди со најнови извори во стручната литература што се во контекст на темата, а тоа е направено објективно, непристрасно и придржувајќи се со принципите на научноистражувачката работа. Дискусијата се фокусира на добиените резултати кои се коментирани и споредувани со објавени трудови на тема атхерентност кон хронична медикаментозна терапија.

Во дискусијата се анализираат поединечно, во посебни подглави, добиените резултати од испитувањето кај трите групи на пациенти и испитувањата кај трите групи на здравствен кадар, а кои содржат поднаслови. На крајот на главата дискусија, во посебна подглава е анализирана можната поврзаност на добиените резултати од испитувањето кај пациентите и испитувањето кај здравствените работници.

Резултатите од испитувањето кај групата пациенти се дискутираат и се поврзуваат со научните резултати во однос на возраст, место на живеење и ниво на образование и поврзаност со нивото на атхерентност кај пациентите, и тоа од студии спроведени во голем број земји (НР Кина, Нигерија, Бразил, Франција, Руанда итн). Во однос на етничката припадност и атхерентноста кон препишаната хронична терапија кај овие групи на пациенти, се нотира дека на располагање се непропорционално мал број на студии кои ги истражуваат методите за подобрување на атхерентноста кои се таргетирани кон посебни етнички групи и се укажува на спроведени мета-анализи и поединечни научни трудови, од на пример, Пацифичките Острови или САД. Понатаму, во однос на атхерентноста и етничката припадност, се дискутира, дека генерално кај сите три групи на испитувани пациенти, атхерентноста е поголема кај пациентите од македонска етничка припадност, во однос на пациентите од албанска или ромска етничка припадност. Резултатите за тоа дали етничката припадност има влијание на атхерентноста, упатуваат дека пациентите на антихипертензиви, а кои се од македонска етничка припадност имаат поголема атхерентност кон терапијата. Кај пациентите кои се на антитуберкулотици, не е утврдена сигнификантна статистичка разлика помеѓу етничката припадност и атхерентност. Додека пак, кај пациентите на АРВ-терапија, постојат разлики поврзани со етничката припадност и атхерентноста, при што највисока атхерентност се нотира кај пациентите од македонска етничка

припадност а најниска кај пациентите на АРВ-терапија кои се од ромска етничка припадност. Овие резулати се дискутираат во споредба со светските искуства во однос на потребата да се обрне посебно внимание при креирањето и спроведувањето на програмите за следење на терапевтскиот режим кај пациентите и нивната атхерентност кон препишаните лекови, со специфично приспособени програми кон етничката структура и културните обележја на корисниците на овие здравствени услуги.

Во однос на цената на лекот, цената на транспорт и здравственото осигурување се дискутираат од гледна точка на можноста да претставуваат бариера кај пациенти за пристап кон здравствена заштита (препишани лекови) која им е потребна. Посебно се анализира директното плаќање од џеб за цела цена на лекот или пак за партиципација и/или немањето на здравствено осигурување и можноста тоа да претставува пречка и закана за одржувањето на атхерентноста кон хроничната медикаментозна терапија, на што укажуваат и резултатите од овој труд. Резултатите од бројни научни студии и препораки на Светската здравствена организација во нивна паралела се дискутираат во однос на добиените резултати од ова истражување. Се користат табела и графикон за илустрација на позицијата на земјата во однос на избрана група земји во временска рамка од деценија и половина во однос на директното плаќање од џеб и укажување на оптоварување на семејниот буџет со директни плаќања за здравствени услуги кај нашите граѓани. Понатаму, се дискутираат резултатите од ова истражување за влијанието на вработеноста на атхерентноста кај испитуваната популација пациенти. При тоа, резултатите посочуваат дека кај пациентите на АРВ- терапија и кај пациентите на антихипертензивна терапија, невработеноста влијае на намалување на атхерентноста. Меѓутоа, кај пациентите на антитуберкулотици, и покрај највисоката невработеност кај оваа испитувана група на пациенти, не е утврдена статистичка поврзаност на невработеноста со промени во атхерентноста кон препишаната медикаментозна терапија. Овој резултат за пациентите на антитуберкулотици се дискутира во однос на бесплатното обезбедување на целокупните лекарства за лекување на болеста според програмите на Министерството за здравство.

Финансискиот стрес, кој е резултат на трошоци за здравствени услуги и купување на лекови, посебно во правец на добиените резултати дека атхерентноста кон терапијата е намалена кај пациентите (на антихипертензиви и кај пациентите на антитуберкулотици) кои не се здравствено осигурани, се дискутира во однос на идентификуваните резулати во стручната литература како бариера за атхерентнот. Што е во правец на добиените резултатите од ова истражување. Во целиот примерок испитаници за здравствено осигурани се изјасниле само 3,4% дека не се осигурани. Овие резултати понатаму се анализираат од гледна точка на протективната улога на високата опфатеност со здравствено осигурување, што не е случај случај кај оваа група на испитаници, бидејќи скоро половина од испитаниците се изјасниле дека во последните две години не земале препишан лек поради цената на тие лекови. Најмал ефект на заштитана улога на здравственото осигурување има кај групата испитаници на антихипертензивна терапија. Исто така, пациентите кои не земале лекови заради нивната висока цена имаат и помала атхерентност кон препишаната терапија. Овие наоди се анализираат и се дискутираат во однос на резултатите од

научна литература. За целосно разбирање на состојбата предложено е спроведување на дополнително, подетално испитување од лонгитудинален карактер.

Во оваа глава се анализираат и добиените резултати со кои се утврдува присуството на депресијата кај испитуваните пациенти. Во оваа студија тие се разликуваат од податоците во светската литература, посебно во однос на поврзаноста на депресијата со неатхерентноста кај пациентите на антитуберкулотици. Меѓутоа, резултатите со кои се утврдува статистички значајна разлика во поглед на депресијата помеѓу пациентите со хипертензија и со ХИВ каде што пациентите со хипертензија се подепресивни, се во правец на резултатите во меѓународните студии.

При анализа и дискусија на резултатите од испитувањата спроведени кај здравствениот кадар, тие се прикажани поединечно и индивидуално за трите групи здравствени работници од гледна точка на намалување на работните перформанси и квалитетот на медицинската нега кога се под стрес или кога страдаат од прегореност. Резултатите се дискутираат во рамките на резултатите од научната литература. Посебно од интерес се споредбите на резулатите од оваа студија, а кои се во правец на резулатите на обемна мета-анализа на оваа тема, посебно за висока прегореност од околу една третина од стручните лица во примарната здравствена заштита, како и податокот дека 20-60% од лекарите од сите специјалности имаат високо ниво на овој инвалидизирачки синдром.

Идентификувањето во резултатите дека административната преоптовареност на здравствениот кадар (изјавата за најстресоген фактор кај сите три групи испитувани кадри), се дискутира во рамките на светките научни студии, а тоа посебно од студијата спроведена во Холандија минатата година, кои информираат за дополнителното оптоварување од системот за електронски здравствени записи и системот за модел на дијагностичко сродните групи.

Во однос на модерирачката улога на возраста на здравствените работници и должината на работниот стаж, односно возрасната зрелост од резулатите на ова истражување утврдуваат дека помладите и со пократок работен стаж лекари и медицински работници кои работат со пациенти со ХИВ на АРВ-терапија имаат поголема прегореност и дека лекарите од оваа иста група кои се со пократок стаж имаат поголемо ниво на деперсонализација. Презентираната дискусија за овој сегмент од истражувањето укажува на слични резултати добиени од домашни и странски научни истражувања. Тоа е апликативно во дискусијата и за резулатите дека лекарите кои работат со пациенти со ТБЦ имаат поголема прегореност и посочувањето на дека нема статистички значајни разлики помеѓу лекарите што работат со различни пациенти (дијагнози) во поглед на нивото на персоналните остварувања и нивото на деперсонализација.

Во дискусиите за подотоците каде што е добиена позитивена статистичка поврзаност за тврдењата: „работата со хронични болни“, „работата со заразни болести“, „недостатокот на време“, „преоптеретеност со работа“, „недостатоците во организацијата на работата“, „нарушени меѓучовечки односи и недостаток на меѓусебна поддршка на работното место“, и „работата во смени“, се анализираат во

однос на резултатите добиени од меѓународни студии, како и постоењето на разлики во нив.

Во посебна подглава во главата дискусија, прикажана е можната поврзаност на добиените резултати од испитувањето кај пациентите и испитувањето кај здравствените работници. Во дискусијата, објаснувајќи го идентификуваниот избор на најстресогените фактори за здравствените работници кои водат кон прегорување а со тоа до намалена емпатија кон пациентите и нивно занемарување а кое е поврзано со неатхерентност, прикажана е поврзаност со резулатите од голем број научни студии од сличен каратер. Од посебен интерес се презентираните податоци, а за кои кандидатката предлага понатамошни испитувања и анализи, каде што резултатите посочуваат дека 8,1% од здравствените работници кои работат со пациенти кои имаат ТБЦ и се на терапија со антитуберкулотици, сметаат дека стресоген фактор е „работата со заразни болести“ и дека 27,40% од оваа група здравствени работници „работата со хронични болни“ ја доживуваат за стресоген фактор. Овој резултат се дискутира во рамките на стресогените фактори кај здравствените работници идентификувани во голем број студии и посебно кај тие чиј предмет на работа се хронични болни.

Во дискусијата истото е применето и кај анализа на добиените податоци дека здравствените работници како најстресогени фактори ги издвојуваат се „заморни и исцрпувачки им се контакти со пациентите, кои емоционално ги исцрпуваат“, и тоа за 64,80% од здравствените работници во ПЗЗ, 22,2% од здравствените работници кои работат со ХИВ-позитивни пациенти и 61,3% од здравствениот кадар кој работи со пациенти со ТБЦ. Посебно анализирана е можноста на намалената емпатија кај здравствениот кадар и можната поврзаност со нивото на атхерентност кај пациентите. Наведените резултати добиени кај здравствените работници се дискутираат и од гледна точка на одржливост на здравствениот систем.

Во **деветата глава** се претставени заклучоците. Во оваа глава се наведува дека пациентите на антихипертензиви имаат најмала атхерентност кон препишаната терапија, додека пациентите на АРВ-терапија имаа нависока атхеретност кон препишаната терапија. Кај испитувани пациенти со антихипертензиви и АРВ-терапија, невработеноста корелира со намалување на атхерентноста кон препишаната терапија. Пациентите од целиот примерок кои се со повисоко образование имаат поголема атхерентноста кон препишаната терапија. Пациентите со хипертензија на антихипертензивна терапија кои не се здравствено осигурани помалку се придржуваат до препишаниот терапевтски режим. Пациентите со здравствено осигурување имаат поголема атхерентност кон препишаната хронична терапија. Резулатите укажуваат дека оддалеченоста на ординацијата од место на живеење на пациентите има улога во намалување на атхерентноста кај пациентите на антихипертензиви. Кај сите три групи испитувани групи на пациенти, помала атхерентност се забележува кај испитаниците кои живееат во селска средина. Кај сите три групи испитаници пациенти, подолгото времетраење на земање на лековите и кај тие пациенти што земаат поголем број лекови дневно, резултатите укажаа на поголема атхерентност. Етничката припадност има улога во атхерентноста, таа е поголема кај пациентите на антихипертензиви од македонска етничка припадност. Пациентите од ромската

етничка припадност имаат најмала атхерентност во сите три групи на испитувани пациенти. Цената на лекот има улога во атхереноста кај пациентите на антихипертензиви и на АРВ-терапија и кај нив поради висината на цената на препишаниот лек, ја намалуваат употребата на истиот. Кај пациентите на терапија со антитуберкулотици и на АРВ-терапија не е утврдена статистички сигнификантна корелација помеѓу цената на транспортот до локацијата од каде се превземаат лековите и придржување кон медикаментозниот режим. Кај пациентите на антихипертензивна терапија и АРВ-терапија утврдена е поврзаност помеѓу невработеноста и атхерентноста кон препишаната терапија, при што непридржувањето кон терапијата е поголемо кај невработените пациенти кои се на АРТ-терапија и на антихипертензиви. Кај сите три групи испитувани пациенти, резултатите укажуваат дека полот, возраста и брачниот статус немаат улога во атхерентноста кон препишаната терапија. Кај пациентите на АРВ-терапија и кај пациентите на антитуберкулотици, не е утврдена поврзаност на депресија врз атхерентноста. Кај пациентите на антихипертензивни лекови депресијата има улога во атхерентноста. Здравствените работници кои работат со пациенти на АРВ-терапија а кои се со пократок работен стаж имаат поголем бурноут. Здравствените работници кои работат со пациенти кои се АРВ-терапија а се со пократок стаж, имаат поголемо ниво на деперсонализација. За сите три групи на испитувани здравствените работници, најстресоген фактор го посочуваат тврдењето „запоставувањето на пациентите во полза на административните процедури“, а кое е веднаш следено со тврдењето „ниското вреднување“. Прегореноста е статистички утврдена кај групата здравствени работници кои работат со пациенти кои се на антитуберкулотици. Здравствениот кадар како најстресогени фактори и како такви статистички поврзани со прегореност кај нив, ги потенцираат тврдењата во MBI кои се должат на менаџерски одлуки и раководење. Посредно заклучуваме дека несоодветниот менаџмент во здравствените установи исто така влијае врз атхерентноста кон препишаната хронична терапија кај пациентите, а со тоа гарантирањето на терапевтскиот исход е загрозено.

**Десетата глава** ги содржи препораките. Тие опфаќаат сет јавноздравствени предложени интервенции, системи за мониторирање и превентивни програми. Имено, воведување на систем за континуирано следење на атхерентноста кон хроничната медикаментозна терапија кај пациентите во Република Македонија; систем кој е индикатор на успешност во работата на здравствениот кадар, поврзан со ФЗОМ, вклучен во електронското досие на пациентот, системот да има акцент во спречување на резистентноста кон препишаната терапија кај заразните болести. Потоа: изготвување на национално упатство за атхерентност кон медикаментозна терапија со опфатени модалитети на медикаментозна терапија и специфични насоки во однос на ранливите групи на пациенти; воведување на здравствено едукативни мерки за подобрување на атхерентноста кон препишаната терапија кај хроничните болести, прилагодени кон етничката структура и културните обележја на корисниците на здравственени услуги; обезбедување на стабилно здравствено осигурување и континуитет во снабдувањето и расположливоста на АРТ-терапија, соодветните ХИВ-тестирања и антитуберкулотици; рутинско воведување на скрининг методи во ПЗЗ за депресија; спроведување на интегрирано истражување во домаќинство за проценка на трошоците за здравствени услуги кои граѓаните сами ги плаќаат од џеб на местото

на здравствената услуга со цел утврдување на нивото на финансиска оптовареност на домаќинствата за здравствени услуги; континуирано воведување на генерички лекови во листата на лекови опфатени со позитивната листа на ФЗОМ; воведување на стимулирачки мерки за аптеките со цел набавка и издавање на генерички лекови; спроведување на систем за континуирано следење и поддршка со цел унапредување на психолошката благосостојба на здравствените кадри; воспоставување на континуиран систем на едукација на меѓарскиот кадар во здравствените установи и назначување на кадри според компетенциите и знаењата по соодветно евалуирање со меѓународни верифицирани алатки; спроведување на испитување во државниот систем за електронско следење на пациентите со цел увид за неговата компатибилност со расположливите ресурси и останати системи кои взаемно треба да се користат во здравствениот систем, посочување на мерки за надминување на утврдените и потенцијалните проблеми пред унапредување на хардвердските компоненти на овој систем во здравството; воведување на континуиран и одржлив систем за поддршка за здравствените институции од сите три нивоа на здравствена заштита за информатичката технологијата и софтверските елементи.

Во **единаесетата глава** е презентирана литературата која содржи 110 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси, додека **дванаесетата глава** ги прикажува прилозите со соодветните скали и прашалници.

## Предмет на истражување

Предмет на истражувањето во овој докторски труд е испитување на атхерентноста кај пациентите со препишана хронична медикаментозна терапија за хипертензија, туберкулоза и ХИВ во државата со одредување на факторите и бариерите кои влијаат на нивото на атхерентност кај оваа група пациенти а поврзано со концептот на СЗО на меѓузависни фактори кои влијаат на атхерентноста и тоа: социо-економски фактори, фактори од здравствениот систем и здравствените кадри, фактори поврзани со пациентот, фактори поврзани со заболувањето/состојбата и фактори поврзани со терапијата.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Актуелното истражување е меѓу првите истражувања кај нас што ја анализира состојбата на атхерентност кон хронична медикаментозна терапија од јавно-здравствен аспект.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Студијата го идентификува изборот на најстресогените фактори за здравствените работници кои водат кон прегорување, а со тоа до намалена емпатија кон пациентите и нивно занемарување а кое е поврзано со неатхерентност. Статистичката сигнификантна поврзаноста на работата со хронични и со заразни

болести како стресогени фактори со прегорувањето кај лекарите, посебно ги става во неповолна позиција пациентите, но и одржливоста на здравствениот систем во Република Македонија.

Финансиската немоќ на пациентите и несигурноста во одржливоста на континуираниот систем за набавка на лекови, посебно за АРВ-терапија, е закана за одржување на терапевтскиот режим. Резултатите укажуваат кон потребата на системски промени во здравството во државата, а посебно со воведување на континуирано следење на атхерентноста како составен елемент на терапевтскиот режим и оцена на работата на здравствениот кадар, како и воведување мерки за превенција и купирање на синдромот на прегорување кај здравствените работници. Понатаму, резултатите индицираат потреба за креирање на специјално дизајнирани програми за зачувување на атхерентност кон терапијата насочени кон пациентите од руалните средини и посебна поддршка на здравствените кадри од примарната здравствена заштита кои во Република Македонија по системот плаќање главарина, посебно во руралните средини, покриваат релативно големи територии со мала густина на население, со што пристапот до континуирано следење на придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите, може да е ограничено.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Кишман Христовска со наслов „Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија“, претставува научно истражување од областа на јавното здравство. Со примената на препораките од ова јавноздравствено истражување, како што се: рутинско воведување на скрининг методи во примарната здравствена заштита за депресија, воведување на методи за мерење на атхерентноста кон препишаните лекови посебно во ПЗЗ, но и во секундарната и терциарната здравствена заштита, систем за следење и поддршка со цел унапредување на психолошката благосостојба на здравствените кадри, како и континуитет и стабилно одржување на програмите на Министерството за здравство за туберкулоза и ХИВ, и, конечно, процена на државниот систем за електронско следење на пациентите, далекусежно би довело до унапредувањето на здравствената состојба на пациентите во државата, квалитетот на здравствените услуги и респонсивноста и мотивацијата на здравствениот кадар.

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Кишман Христовска со наслов „Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Кишман Христовска М, Спасовски М. Одредени специфики на атхерентноста кон хронична медикаментозна терапија кај пациентите со хипертензија, туберкулоза и ХИВ/СИДА во Република Македонија. Арх Ј Здравје 2018; 10(1).

Kishman M, Spasovski M. Adherence to chronic antiretroviral (ART) and highly active antiretroviral therapy (HAART) and the role of patient age in the Republic of Macedonia. Physioacta 2015; 9(3):95-105

## Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката. Актуелното истражување претставува, засега, единствено истражување од областа на јавното здравство во кое со научен пристап се проценува атхерентноста кон хронична медикаментозна терапија во Република Македонија со примена на референтни меѓународни стандардни научни методи, алатки и скали за процена на атхерентноста. Проценката на синдромот на согорување и елаборирање на неговата појава кај здравствените работници и споредување на нивното влијание врз атхерентноста кон терапијата кај пациентите, исто така претставува нов пристап во доменот на јавното здравство.

Подрачје на примена и ограничувања. Заклучоците и препораките изработени врз база на добиените резултати можат да се спроведат со јавноздравствена акција на различни нивоа на системот за здравствена заштита, со што се потврдува апликативноста на ова научно истражување.

Можни понатамошни истражувања. Слични истражувања со јавноздравствен пристап се потребни како на пример: проценка на отпорноста кон лековите за ХИВ кои се применуваат во државата и дефинирање на потребни проценки за изготвување на национален акционен план за отпорноста кон лековите за ХИВ; спроведување на интегрирано истражување во домаќинство (и негово институционализирање) со цел проценка на трошоците за здравствени услуги и лекови кои граѓаните сами ги плаќаат од џеб на местото на здравствената услуга; спроведување на опсежно испитување во државниот систем за електронско следење на пациентите со цел увид за неговата компатибилност со расположливите ресурси и останати системи кои взаемно треба да се користат во здравствениот систем; проценка на бенефитите и ограничувањата со континуирано воведување на генерички лекови во листата на лекови кои се опфатени со позитивната листа на Фондот за здравствено осигурување со цел намалување на висината на партиципацијата која ја плаќа пациентот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот / Научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р д-р

**Марија Кишман Христовска** со наслов „**Фактори и бариери кои влијаат кон атхерентноста – придржувањето кон препишаната терапија кај пациентите на хронична медикаментозна терапија во Република Македонија**“.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р **Фимка Тозија**, претседател, с.р.
2. Проф. д-р **Моме Спасовски**, ментор, с.р.
3. Проф. д-р **Јованка Караџинска-Бислимовска**, член, с.р.
4. Проф. д-р **Розалинда Исјановска**, член, с.р.
5. Проф. д-р **Михаил Кочубовски**, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„СТЕПЕН НА КОМПЛИКАЦИЈА НА УРИНАРНА ФУНКЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЗРАЧНАТА ТЕРАПИЈА ПРИ ЛЕКУВАЊЕ НА КАРЛИЧЕН МАЛИГНИТЕТ“**

**ОД Д-р ВИЛДАНА ГОГА-ЧМЕГА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 20.2.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Вилдана Гога-Чмега со наслов **,,Complication grade of urinary function following radiation therapy treating pelvic malignancy“/Степен на компликација на уринаерна функција како резултат на зрачната терапија при лекување на карличен малигнитет**, во состав: проф. д-р Живко Попов (претседател), научен сов. д-р Лилјана Тозија (ментор), проф. д-р Снежана Смичкоска (член), проф. д-р Ѓулшен Селим (член) и проф. д-р Џавит Бицај (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Вилдана Гога-Чмега, со наслов **,,Complication grade of urinary function following radiation therapy treating pelvic malignancy“/,,Степен на компликација на уринаерна функција како резултат на зрачната терапија при лекување на карличен малигнитет**“, содржи 95 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, 135 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во VII глави, вовед, цели, материјал и методи, резултати на истражувањето и дискусија на добиените резултати, после што следат заклучни согледувања и листа на библиографски единици. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „**Вовед**“. Во неа се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка на истражувањето. Кандидатката укажува дека зрачната терапија е интегрален дел од третманот на многу карлични тумори и е најважен нехируршки модалитет во третман на канцер. Радиотерапијата предизвикува клеточна смрт, што е позитивен ефект при контрола на канцерот, но исто така може да предизвика и несакани ефекти како на третираните така и на соседните органи. Од ова произлегува и можноста со радиотерапија, применета за третман на канцер во карлична регија (ректум, утерус и врат на утерус), да се предизвикаат несакани ефекти и оштетувања на уринарниот тракт. Акутните несакани ефекти се добро опишани за разлика од доцните несакани ефекти кои се недоволно опишани и се причина за влошување на квалитетот на живот на пациентот. Основната причина е во тежината на радиотерапевтското лекување и неговата честа примена, со оглед на преваленцата на

тумори во карлицата. Истражувачите одамна ја препознале потребата од утврдување на генетски профил кој би ја предвидел можноста пациентот да развие несакани токсични ефекти од радиотерапија. Тоа значи дека генетските варијации придонесуваат за индивидуалните разлики кон токсичноста од радиотерапија.

Во 2004, во Соединетите Американски Држави, од приближно 1,4 милиони луѓе со дијагностициран канцер, приближно 1 милион биле лекувани со радиотерапија.

Во текстот кој следува, во наведените поглавја, најнапред се посветува внимание на цервикалниот и ендометријалниот карцином кои се застапени со над 80 % од гинеколошките малигноми. Цервикалниот и колоректалниот карцином подлегнуваат на широк скрининг од повеќе причини: застапеност на цервикалниот карцином во гинекологијата е најчеста, лесно се дијагностицира со расположиви методи, а иако морбидитетот е зголемен, морталитетот е со тренд на намалување како резултат на мерки за рана дијагноза. Според UICC (Union for International Cancer Control), ендометријалниот карцином не подлегнува на обврзен скрининг, но оваа локализација е поретка од локализацијата на цервикалниот карцином, а во однос на третман обата се идентични со слични последици. Ректалниот карцином е една од најчестите локализации на малигном по белодробието и градите. Според UICC препораките, вклучен е во програма за негова рана детекција.

Од **епидемиолошки аспект**, согласно со статистичките податоци кои се наведени во студијата, **цервикалниот карцином** се јавува кај 8-30 нови случаи на 100 000 жени на годишно ниво. Постојаната инфекција со хуман папилома вирус (ХПВ) е најважниот фактор во развојот на рак на грлото на матката. Инциденцата на цервикалниот карцином се чини дека е поврзана со преваленцата на ХПВ инфекцијата во популацијата. Во земјите со висока инциденца на рак на грлото на матката, преваленцата на хронична ХПВ инфекција изнесува околу 10% до 20%, додека преваленцата кај земјите со ниска инциденца е 5% до 10%. Карциномите на сквамозните клетки учествуваат со околу 80% од сите карциноми, а аденокарциномите учествуваат со околу 20%.

**Аденокарциномот на ендометриумот** (исто така познат како ендометријален, или пошироко како рак на матката или карцином на телото на матката) е најчест малигнитет на женскиот генитален тракт во САД. Се проценува дека 61.380 нови случаи на рак на матката ќе се појават во 2017 година, со 10.920 смртни случаи како резултат на болеста.

**Ректалниот карцином** е трета причина за смрт кај мажите или втора причина за смртност од канцер кај жени. Епидемиолошките студии често го анализираат како колоректален карцином заедно. Во светски размери, колоректалниот карцином е трета најчеста форма на карцином. Се смета дека факторите што предиспонираат кон одредена географска позиција се начинот на исхрана, вклучително употреба на црвено месо, животински масти и оброци без доволно растителни влакна во исхраната. Ректалниот карцином, најчесто се јавува по 50-годишна возраст така што 90% од пациентите се на оваа возраст, а просечната возраст е 72 години. Како други ризик-фактори се наброени: фамилијарна историја на колоректален карцином кај роднини од прв степен, лична историја на колоректален аденом, колоректален карцином или рак на јајчник, наследни состојби, вклучувајќи фамилијарна аденоматозна полипоза (FAP) и Линч синдром (наследен колоничен неполипозен карцином [HNPCC]), историја на долготраен хроничен улцеративен колитис или Кроновиден колитис, прекумерно користење на алкохол, пушење цигари, дебелина.

**Терапевтските принципи** се претставени согласно со релевантните препораки за третман на соодветната примарна локализација. Примарниот третман на канцер на грлото на матката во ран стадиум е или операција или радиотерапија. Хируршкиот третман вообичаено се применува во рана фаза на болеста, како што се стадиум IA, IB1 и селектпрани IIA1 стадиуми. Истовременото хемо-зрачење обично е примарен третман на избор за фази IB2 до IVA болест врз

основа на резултатите од 5 рандомизирани клинички испитувања. Хеморадијацијата исто така може да се користи кај пациентки кои не се кандидати за хистеректомија. Иако хеморадиацијата се толерира, пријавени се акутни и долгорочни несакани ефекти. Аденокарциномите обично се третираат на сличен начин со сквамозните клеточни карциноми.

Улогата на зрачната терапија во третманот на ракот на грлото на матката е одамна потврдена, согласно со бројните клинички испитувања, со силни докази за нејзинатз ефикасност. Традиционалниот пристап ја користи комбинацијата на телетерапија и брахитерапија согласно со стадиумот на болеста и клиничките и патолошки фактори. Со подобрување во технологијата на радиотерапијата, се овозможува намалување на дозата во органите од ризик (мочен меур, ректум и тенко црево) со намалување на токсичните ефекти.

Интензитет-модулираната зрачна терапија (IMRT) и слични висококонформни методи за дозирање може да бидат корисни во минимизирање на дозата во дебелото црево и другите критични структури. Овие техники исто така може да бидат корисни кога се потребни високи дози за лекување на болест во регионалните лимфни јазли. Радиотерапијата често се користи во третман на пациентите со цервикален канцер и тоа, 1) како дефинитивна терапија за оние со локално напредната болест или за оние кои не се хируршки кандидати заради медицински контраиндикации; или 2) како адјувантна терапија по радикална хистеректомија за оние кои имаат еден или повеќе фактори на ризик (на пример: позитивни лимфни јазли, параметријална инфилтрација, позитивни хируршки маргини, големи тумори, длабока стромална инвазија).

Предноста на конформалната радиотерапија (CFRT) се должи на подобра просторна распределба на високите дози во целниот волумен и нивно намалување во органите од ризик. Понатаму се наведени позитивните страни на оваа зрачна техника кога зрачниот волумен ја опфаќа целата карлица, и тоа: намалување на акутните заболувања на тенкото црево, намалување на акутна хематолошка токсичност со заштита на коскената срцевина, превенција на терминална аноректална /гастроинтестинална и генитоуринарна дисфункција, подобро вкрстување на дозите при симултани третмани. Во протоколот за радиотерапија прецизно се наведени индикациите за радиотерапија на цервикалниот карцином, односно за видот на радиотерапијата согласно стадиумот на болеста. Исто така прецизно се наведени и пост оперативните индикации и услови за ЕБРТ. Брахитерапијата се спроведува според препораките на Brachytherapy Society (Cervical Cancer Brachytherapy Task Group), како и на National Comprehensive Cancer Network Practice Guidelines for Cervical Cancer.

Анализата на акутните ефекти од терапијата, споредено со доцните несакани ефекти, во кои се вклучени оштетувања на мочното бабуле, ректумот, цревата и пелвичната скелетна структура, главно зависи од волуменот, вкупната доза, фракционирањето, како и од специфичната радиосензибилност на нормалното ткиво. Тие главно се решаваат набрзо по завршување на третманот со лекарства и супортивна терапија.

Во однос на третманот на ендометријалниот карцином во студијата прецизно се дадени принципите за лекување кои зависат од стадиумот на болеста, а тоа се радикален оперативен третман или дефинитивна карлична радиотерапија. Се наведуваат ризик факторите дефинирани од GOG 99 (Gynecology Oncology Group) и PORTEC (Post-Operative Radiation Therapy in Endometrial Carcinoma) кои се однесуваат за жени кои би имале бенефит од адјувантна радиотерапија заради високиот ризик од релапс на болеста. Во таа смисла, радиотерапијата би можела да биде: постоперативна, преоперативна или дефинитивна.

Во терапевтскиот пристап кон ректалниот карцином истакната е потребата од мултимодален и мултидисциплинарен експертски пристап од специјалисти со искуство во гастроентерологија, медицинска и хируршка онкологија, радиотерапија и радиодијагностика.

Во потпоглавјето за **патофизиолошките механизми** на оштетување на уринарниот тракт предизвикани од радиотерапијата, кандидатката ги истакнува најчестите механизми одговорни за директното или индиректното оштетување на клетките преку оштетување на ДНА и/или клеточните протеини. Можно е настанување на клеточна смрт или идни клеточни мутации кои ја пореметуваат делбата на клетката што понатаму водат до репродуктивна или интерфазна смрт на клетката. Се потенцираат и оштетувањата на базалната мембрана на крвните садови што условува оклузија, тромбоза и неоваскуларизација. Пролиферацијата на фибробласти е причина за атрофија и контракција на ткивата. Сето наведено е причина за значајно оштетување на уринарниот тракт со повреда на мочното бабуле, намален негов капацитет и појава на значајни уринарни симптоми. Неоваскуларизацијата и фиброзата се причини за појава на радијационен цистит, хеморагичен цистит и уретрална стриктура

Овие промени на клеточно ниво ги засегаат бубрежното ткиво и околните структури што е причина за оштетување на бубрежната функција. Тоа значи нарушувања во одржување на целокупната хомеостаза со нарушување на балансот на течности, електролити, намалена екскреторна функција, нарушена хормонална функција (еритропоетин), оштетување на коскениот систем, регулација на крвен притисок итн. Примената на конкурентна хемотерапија е стандард за повеќе канцери и додавањето на нови молекуларни целни агенси во комбинација со радиотерапија е ветувачки за успехот во лекувањето. Нефротоксичноста причинета од некои хемотерапевтици (Cisplatin ) е дополнителен ризик-фактор за бубрежно оштетување. Нарушувања на бубрежната функција се среќава кај 25% до 35% од пациентите третирани со единечна доза на Цисплатин. Намалување на стапката на ГФР за 20%-40% по 10 дена од интравенска администрација на лекот е показател за настанато оштетување на бубрежната функција и се манифестира со пораст на вредностите на креатинин во серум, хипомагнеземија и хипокалиемија.

**Карциномот како ризик-фактор за хронична бубрежна болест**

Кај пациентите со хронична бубрежна болест кај кои треба да се спроведе третман заради постоење на малигна болест, потребна е точна проценка на функцијата на бубрезите со цел приспособување на дозата пред започнување со хемотерапијата. Хроничната бубрежна болест, дефинирана со проценетата стапка на гломеруларна филтрација (е-ГФР) од <60 ml.min / 1.73 $м^2$, е честа појава, со преваленца од околу 4% кај возрасната популација над 20 години. Овој процент достигнува 30% или повеќе кај постарите лица. Затоа се очекува овој процент да биде еднакво висок и кај пациентите со кој било тип на канцер. Во студијата за бубрежна инсуфициенција и антиканцерогени лекови (ИРМА Студија), Launay-Vacher et al изнесуваат дека меѓу 4.684 пациенти со канцер, на просечна возраст од 58 години, 12% имале eGFR <60 ml.min / 1.73 $м^2$, со користење на скратена MDRD равенка, и 20% со користење на формулата Cockroft-Gault. Во услови на веќе присутно бубрежно оштетување мора да се внимава на правилно дозирање на цитостатиците со што ќе се избегне нивно дополнително оштетување. Наспроти ова, гломерулопатии поврзани со канцер се ретки, и поверојатно се причинско/последични настани. Во сеопфатен преглед на паранеопластичните гломерулопатии, кандидатот ја наведува студијата на Ronco која ја истакнува хетерогеноста на овој ентитет и различноста меѓу гломеруларните промени и канцерите. Најчесто, поврзаноста се опишува кај поединечни случаи што ја отежнува проценката на ризикот. Клиничка ремисија на гломерулопатија по примена на хемотерапија или по оперативно отстранување на канцер, сепак, е индиректен доказ за причинско-последичната врска помеѓу овие заболувања. Мембранозната нефропатија (МН) е далеку најчестиот вид гломерулопатија поврзана со солидни тумори, но се опишува и гломерулонефрит со минимални промени, мембранопролиферативен гломерулонефрит, екстракапиларен гломерулонефрит и ИгА нефропатија. Хроничната бубрежна болест и канцерите се причински поврзани, во голем број случаи, во двете насоки: канцерот може да

предизвика хронична бубрежна болест директно или индиректно преку несаканите ефекти од применетите терапии, и обратно ХББ може да биде фактор на ризик кај канцерот и да го компромитира лекувањето, бидејќи тие делат заеднички фактори на ризик. Во споредба со општата популација, пациентите со трансплантиран бубрег имаат три до четири пати повисок ризик од канцер, а релативниот ризик е повисок три пати за околу 20 вида специфични тумори, за кои постои сомнение дека се предизвикани од вирусни агенси. Кај дијализни пациенти, ризикот од канцер се зголемува за 10 до 80% според некои студии, при што релативниот ризик кај овие пациенти е значително повисок од општата популација за околу десет примарни канцери. Постојат почетни докази за зголемен ризик од канцер дури и кај пациенти со почетни стадиуми на ХББ.

Од сето претходно наведено, кандидатката ги извлекува и потенцира **мотивот и целта на студијата**, а тоа е дека кај сериозни и тешки заболувања, како што се малигномите во пелвичната регија, одржување на стабилна ренална функција и состојба на околните структури кои би можеле да влијаат индиректно на неа, е несомнено многу важно како за успехот на терапијата на основната болест така за крајниот исход на болеста.

**Втората глава** е насловена **Материјалот и методот на истражувањето**. Кандидатката наведува дека студијата е проспективна клиничка, моноцентрична студија изведена на Клиниката за онкологија во Приштина, Косово. Вклучени се 75 пациенти кои ги исполнуваат јасно дефинираните вклучувачки критериуми: карличен малигнитет (цервикален, ендометријален и ректален). Исклучувачки критериуми беа: пациенти со ПГУМ (Pretreatment Genitourinary Morbidity) без присутна опструкција на почетокот на третманот потврдена со уролошка ултрасонографија. Пациентите беа следени 1 година. За хистопатолошка класификација на цервикалниот, ендометријалниот и ректален карцином е користен pTNM системот.

Од вкупниот број пациенти (75), 53 (70,7%) се жени, а 22 (29,3%) се мажи. Најзастапена возрасна група е меѓу 60- 69 години или 33,3% од сите пациенти. Мажите се со просечна возраст од 60.8 (SD ± 11.1) години, а жените се со 56.1 (SD ±11.1) години. Во однос на дијагнозата со ендометријален карцином биле 22,7%, со цервикален карцином 37.3% и со ректален карцином 40 %.

Во однос на видот на третман само со радиотерапија биле лекувани 33,3% а со радиотерапија+хемо 66,6%.

Како систем за оцена на акутните несакани генитоуринарни ефекти е користен RTOG - **Acute Radiation Morbidity Scoring Criteria** системот за оцена кој го одредува степенот на токсичност од 1 до 4. За доцните несакани ефекти користен е протоколот на **RTOG/EORTC Late Radiation Morbidity Scoring Scheme.**

Понатаму се наведени техниките за планирање на радиотерапијата, позиционирање и имобилизација, границите на полињата, целен волумен, третиран волумен, зрачен волумен, волумен на органите од ризик и останати критериуми за прецизно спроведување на радиотерапијата.

Проценка на остаточна бубрежна функција е направена со пресметување на ГФР пред третманот со: (Glomerular Filtration Rate) Cockroft-Gault, CreatClear (ml/min) = Sex * ((140 - Age) / (SerumCreat)) * (Weight / 72). Дополнителни испитувања се: ултразвучен уролошки преглед пред почетокот и по 3, 6 и 9-12 месеци од третманот, како и уринарен седимент, уреа и креатинин во серум на 3 и 6 месеци и од 9– 12 месеци од третманот, преселективна цистоскопија кај пациенти со Г1 и Г2 генитоуринарни несакани ефекти.

Применети статистички анализи: квантитативни и квалитативни анализи со X2– test, Kruskal -Wallis тест и Mann- Whitney тест. Квантитативни податоци со нормална дистрибуција се евалуирани со One Way ANOVA и T - test. Верификација на тестовите со 99.7% ниво на доверба (P

<0.01) и доверливост од 95% ($P<0.05$). Употребен беше статистичкиот софтвер SPSS статистика. Податоците се презентирани во табели и графикони.

Применет е и метод на интервју, спроведено од лекар, со пополнување на прашалник за оцена на субјективните тегоби при несаканите ефекти и нивно степенување.

Во заклучните согледувања, се потенцира важноста на оцената на бубрежната функција кај пациентите кои се предмет на истражувањето, т.е. пациентите со карцином во пелвичната регија (цервикален, ендометријален и ректален карцином). Од истражувањето се согледува важноста на навремена оцена за присуство на хронична бубрежна болест и нејзиниот степен уште пред започнување на соодветна терапија. Со оглед на често присутната напредната возраст кај овие пациенти и агресивноста на применетата терапија, очекувано е влошување на бубрежната функција со што се компромитира терапевтскиот пристап и можноста за поволен исход на болеста. Кај пациентите во студијата веќе на базално ниво, значи, пред започнување со терапија, постои значајно пониска вредност на ГФР кај мажите со дијагностициран ректален карцином споредено со женските пациентки со ендометријален и цервикален карцином. Евидентно е значително подобрување на бубрежната функција кај пациентите со ректален карцином по следење од 3 и 6 месеци, кои примиле доза под 50 Gy, заедно со Capecitabine. Од ова кандидатката заклучува дека, зависно од стадиумот на болеста, пациентите со радиотерапија под 50 Gy плус Capecitabine 825 $mg/m^2$, двапати дневно во тек на 5 дена/недела за време на ЕБРТ дава можност за подобрување на бубрежната функција. Оштетување на бубрежната функција не е забележано, во тек и при следењето, при примена на ниту еден од терапевтските методи.

Типот на третман (ЕБРТ или/и хемотерапија) кај пациентки со ендометријален карцином не ја засега бубрежната функција за време на терапијата и по 6 месечно следење. Бубрежната функција не се менува во однос на базалното ниво.

Подобрување на средната вредност на ГФР е забележана кај пациентки со цервикален карцином третирани со радиотерапија и конкурентен неделен Цисплатин. Цисплатинот аплициран конкурентно со радиотерапија значително ја подобрува контролата кај локално напреднат цервикален карцином без зголемена појава на доцни несакани ефекти. Исто така е забележено позначајно подобрување на ГФР кај пациентите со ректален карцином во однос на пациентки со цервикален карцином. Додавањето на Capecitabine кај пациенти со ректален карцином истовремено со радиотерапија значително ја подобрува локалната контрола на ректалниот карцином без зголемување на стапката на појава на доцни несакани ефекти. Со истовремената примена на Capecitabine кај пациентите е подобрена ГФР во однос на оние пациенти кај кои не е давана хемотерапија. Тоа значи дека Capecitabine не покажал нефротоксичен ефект кај оваа група пациенти.

Позитивното влијание врз ГФР и врз несаканите ефекти на уринарниот тракт кај пациентите со карличен малигнитет вклучени во студијата се должи и на конформалното 3Д планирање на радиотарпијата со што се овозможува остварување на ниска доза на ирадијација во органите од ризик.

Несакани ефекти од степен 1 и 2 се релативно чести и тие немаат негативен ефект врз ГФР. Несакани ефекти степен 3 се утврдени кај 5,33% од пациентите и тие се јавуваат кај пациенти со локално напредната болест или кај оние со прогресија на основната болест по иницијалниот третман. Кандидатката истакнува дека пациентите со најчести несакани ефекти во основа се и пациенти со придружна анемија, хипертензија, дијабет или дехидратација кои тешко го поднесуваат третманот.

Пациентите кои биле иследувани со цистоскопија, имале мало или повремено оштетување на зидот на бабулето и кај нив не била потребна терапија.

На крајот, кандидатот проценува дека компликациите на уринарниот тракт кај овие пациенти почесто настануваат по 1 година од применетиот третман, што укажува на потреба од студии со поголем број пациенти и подолго следење.

Резултатите во студијата се приближни на податоците од светските студии кои го обработуваат овој проблем.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување во студијата се пациенти, вкупно 75, кои ги исполнуваат јасно дефинираните вклучувачки критериуми: дијагностициран карличен малигнитет (цервикален, ендометријален и ректален). Исклучувачки критериуми се: пациенти со ПГУМ (Pretreatment Genitourinary Morbidity/ претходно третиран генитоуринарен морбидитет) без присутна опструкција пред почетокот на третманот, потврдена со уролошка ултрасонографија. Пациентите беа следени 1 година. За хистопатолошка класификација на цервикалниот, ендометријалниот и ректален карцином е користен pTNM системот. Следени биле промените на бубрежната функција, со оцена на ГФР на почеток од лекувањето и по 3 и 6 месеци. Анализирани се: типот на третман (радиотерапија, радиотерапија+ хемотерапија), дозата на применетата терапија, коморбидитети и нивното влијание врз промените на бубрежната функција. Во оцена на клиничките манифестации на раните и доцни генитоуринарни несакани ефекти користена е РТОГ (RTOG-Radiation Therapy Oncology Group) акутен/доцен морбидитетен систем за оцена и пациентите се следени 1 година по применетиот третман.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Ова е прва студија изработена на популација во Косово, во која се анализира влијанието на терапевтскиот пристап врз бубрежната функција, кај пациенти со карличен малигнитет и појава на рани и доцни несакани ефекти на уринарниот систем. Исто така, и во светската научна литература овој проблем е со ограничени сознанија.

**Краток опис на применетите методи**

Оцена на степен на бубрежна функција со одредување на ГФР (Стапка на гломеруларна филтрација). Стапката на гломеруларна филтрација е стапка (волумен по единица време) за клиренс на одреден отпаден производ од страна на бубрегот. ГФР е директна мерка на бубрежната функција и маркер за намалена бубрежна функција уште пред настанување на симптомите на ренална инсуфициенција. Поврзан е со сериозноста на структурните абнормалности кај хроничната бубрежна болест. ГФР може да ги предвиди знаците и симптомите на уремија, особено кога паѓа под 60 мл/мин. ГФР варира во зависност од бубрежната маса и соодветно со телесната маса. ГФР конвенционално се корегира за површината на телото (што е еднакво со бубрежна маса), што кај нормална популација е приближно 1.73$m^2$ и претставува просечна вредност за нормални млади мажи и жени. Кога ГФР е корегирана за површината на телото, може да се изведе нормален опсег за да се оцени бубрежното оштетување.

Применет е RTOG - **Acute Radiation Morbidity Scoring Criteria** системот за оцена на акутните несакани ефекти кој го одредува степенот на токсичност од 1 до 4. За доцните несакани ефекти применет е **RTOG/EORTC Late Radiation Morbidity Scoring Scheme.**

Применети се и запазени стандардите и протоколите за соодветен онколошки третман на пациенти со наведените дијагнози.

Пополнувани се прашалници за клиничките манифестации на несаканите генитоуринарни ефекти по применетата терапија.

Во клиничките иследувања беа опфатени: лабораториски крвни анализи потребни за оцена на ГФР, уринарен седимент, ехосонографски испитувања и ендоскопска оцена на мочното бабуле.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Хроничната бубрежна болест и канцерот се причинско-последично поврзани во двете насоки во голем број случаи: канцерот може да е причина за хронична бубрежна болест директно или, пак, индиректно како последица од несаканите ефекти од терапијата, а хроничната бубрежна болест може обратно да е ризик-фактор за појава на канцер, и обата може да бидат взаемно асоцирани, бидејќи тие делат заеднички фактори на ризик.

Клиренсот на креатинин на почеток од третманот кај најголемиот број пациенти бил оценет со втор стадиум на хронична бубрежна болест (60-90 мл/мин). Кај машкиот пол по првите 3 месеци вредноиста на ГФР се зголемила за 7ml/мин, за разлика од жените каде што оваа вредност е помала, значи подобрувањето на ГФР е за 2,5 мл/ мин.

Во студијата, просечната вредност на GFR три месеци по применетата терапија кај женскиот пол изнесува 79.1 (SD ± 23.7), додека просечната вредност на GFR кај мажите е 67.2 (SD ± 28.4).

Со непараметриски Т-тест постои значителна статистичка разлика меѓу основните (базални) вредности на ГФР меѓу женскиот и машкиот пол. Тоа значи дека пациентите од машки пол биле со статистички значително полоша ГФР, што значи полоша бубрежна функција (T=3.01, P=0.003). Оваа разлика се губи во периодот по 3 и 6 месеци од започнување на соодветниот третман. Не е забележана статистички значајна разлика за просечната вредност на ГФР во однос на полот (T = 1,86, P = 0,066) по 3 месеци. Просечната вредност на GFR 6 месеци по започнување на терапијат кај женските пациенти изнесува 81,5 (SD ± 24,0), а кај мажите изнесува 73.4 (SD ± 29.8) (T= 1.239 P = 0.219)

ANOVA стаистичката анализа потврдува дека постои значајна статистичка разлика помеѓу просечната вредност на GFR по примена на терапија со Cis (F = 5.32, P = 0.0076). Со Tukey-Kramer Multiple Comparisons тест се забележува значајна статистичка разлика помеѓу вредностите на GFR пред почетокот на третманот во споредба со шест месеци по примената на Cis терапијата (P <0.01). Со ова се потврдува поволниот ефект на терапијата со Цис во однос на бубрежната функција.

Годишните стапки на инциденца за уринарни несакани ефекти всушност се зголемуваат по три до пет месеци по RT, и тоа од 18% на 28%. Минорни несакани ефекти (стадиум 1 или 2) се почести од мајорните, 44% се акутни (90 дена по RT), а кај 7-9,5% се развиваат доцни.

Највисок процент на уринарни несакани ефекти, стадиум 1 и 2, бил забележан кај пациентки со дијагностициран цервикален канцер и изнесувал 34,8%. Овие пациентки биле третирани конкурентно со cisplatin хемо-радиотерапија. Пациенти кај кои била применета цистоскопија имале лесни или повремени оштетувања на зидот на мочното бабуле без потреба од дополнителен третман.

Минорните уринарни несакани ефекти (рани или доцни) немаат негативен ефект врз бубрежната функција изразена преку ГФР кај пациентите вклучени во студијата.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката **д-р Вилдана Гога-Чмега**, со наслов **„**СТЕПЕН НА КОМПЛИКАЦИЈА НА УРИНАРНА ФУНКЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЗРАЧНАТА ТЕРАПИЈА ПРИ ЛЕКУВАЊЕ НА КАРЛИЧЕН МАЛИГНИТЕТ“/ ”COMPLICATION GRADE OF URINARY FUNCTION FOLLOWING RADIATION THERAPY TREATING PELVIC MALIGNANCY“, претставува истражување во

клиничката медицина, во областа на онкологијата (се наведува научното подрачје/потесната област). Изработката на темата на оваа докторска дисертација имала за цел да го утврди влијанието на типот на радиотерапевтскиот третман кај карличните малигноми врз бубрежната функција и несаканите ефекти од оваа терапија врз урогениталниот систем. Очекуваниот научен придонес би бил во изборот на соодветна терапевтска процедура во третманот на овие сериозни заболувања, со што би се постигнало намалување на несаканите ефекти од терапијата и лекувањето би довело до поуспешен краен исход на болеста.

Докторската дисертација на кандидатката д-р **Вилдана Гога-Чмега,** со наслов СТЕПЕН НА КОМПЛИКАЦИЈА НА УРИНАРНА ФУНКЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЗРАЧНАТА ТЕРАПИЈА ПРИ ЛЕКУВАЊЕ НА КАРЛИЧЕН МАЛИГНИТЕТ/"COMPLICATION GRADE OF URINARY FUNCTION FOLLOWING RADIATION THERAPY TREATING PELVIC MALIGNANCY", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани и истражувачки трудови:

[1]. Автор-и: Vildana Goga-Cmega, Liljana Tozija, Goce Spasovski **„INFLUENCE OF RADIATION THERAPY ON GLOMERULAR FILTRATION RATE AFTER TREATING PELVIC MALIGNANCY "**, објавен: JOURNAL OF THE MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION Mac.Med. Review, 2016; 70 (2), 88-93, UDK: 61+061.231=866=20 CODEN: MKMPA3 ISSN: 0025-1097

[2]. Автор-и: Vildana Goga-Cmega, Liljana Tozija, Nevzat Elezi **„GENITO URINARY ADVERSE EFFECTS FOLLOWING RADIATION THERAPY TREATING PELVIC MALIGNANCY"**, објавен:MEDICUS 2017, ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 22 (3) p. 292-296.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: поттикнување на вниманието на стручната здравствена јавност за појава на несакани терапевтски ефекти кај карлични малигноми кои зависно од пристапот кон нивно откривање, дијагностицирање и лекување би можеле да влијаат на крајниот исход на и онака тешкото заболување.

Примена на IMRT (интензивно-модулирана зрачна терапија), IGRT (Image-guided Radiation Therapy) како најсофистицирани процедури кои се најдобриот избор за подобар третман и помалку несакани ефекти.

Примена на биолошки оптимизирана радиотерапија.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: медицина, онкологија, нефрологија, урологија.

Можните понатамошни истражувања се: спроведување на научни студии со поголеми серии, подолгорочно следење, откривање и превенирање на преегзистентно бубрежно оштетување и на доцни несакани ефекти од лекувањето на урогениталниот тракт кај овие пациенти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот / Научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Вилдана Гога-Чмега** со наслов **„СТЕПЕН НА КОМПЛИКАЦИЈА НА УРИНАРНА ФУНКЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЗРАЧНАТА ТЕРАПИЈА ПРИ ЛЕКУВАЊЕ НА КАРЛИЧЕН МАЛИГНИТЕТ“/”COMPLICATION GRADE OF URINARY FUNCTION FOLLOWING RADIATION THERAPY TREATING PELVIC MALIGNANCY“**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Живко Попов, претседател**

**Научен сов. д-р Лилјана Тозија, ментор**

**Проф. д-р Снежана Смичкоска, член**

**Проф. д-р Ѓулшен Селим, член**

**Проф. д-р Џавит Бицај, член**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**01-06-2018**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Ико Ташов | Организационата структура на банките во Република Македонија (Organizational Structure of Banks in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Дарко Спасевски | 01.06.2018 | 02-736/101 |
| Тања Митровска | Овластување на нотарот во оставинската постапка (Authorisation of the Notary in Inheritance Proceedings) | доц. д-р Елена Игновска | 01.06.2018 | 02-736/102 |
| Александар Николоски | Делба на заедничкиот имот на брачните/вонбрачните партнери за времетраење и по развод на бракот (Division of the Mutual Property of Marital /Extra-marital Partners during and after the Break Up) | доц. д-р Елена Игновска | 01.06.2018 | 02-736/103 |
| Душица Николова | ,,Дали се потребни промени во условите за склучување на брак во Република Македонија (Is there a Need for Changes in the Marriage Conditions in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Ангел Ристов | 01.06.2018 | 02-736/104 |
| Игор Андоноски | „Материјална одговорност за штета од работен однос (Material liability for damages deriving from employment relations) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 01.06.2018 | 02-736/105 |
| Блаже Тодоровски | „Усогласувањето на македонското компаниско законодавство со директивите на Европската унија – состојби и предизвици (Harmonization of the Macedonian company legislation with the EU Directives - conditions and challenges) | проф. д-р Александар Климовски | 01.06.2018 | 02-736/106 |
| Марија Тодороска | Работни спорови и нивно решавање (Employment disputes and their settlement) | проф.д-р Лазар Јовевски | 01.06.2018 | 02-736/107 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Малиша Станковиќ | „Флексибилност на работен однос (Flexibility of employment relations) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 01.06.2018 | 02-736/108 |
| Мартина Георгиева | „Реосигурувањето во Република Македонија (Reinsurance in the Republic of Macedonia) | проф. д-р Дарко Спасевски | 01.06.2018 | 02-736/109 |
| Стефан Темков | „Анализа на новите банкарски услуги и заштитата на договорните страни (Analysis of the new types of banking services and the protection of contracting parties) | проф.д-р Дарко Спасевски | 01.06.2018 | 02-736/110 |
| Петар Сердјук | ,,Правното значење на Меѓународната федерација на консултантски инженери и нејзините модел договори (Legal Significance of International Federation of Consultant Engineers and It's Model Contracts) | проф.д-р Дарко Спасевски | 01.06.2018 | 02-736/111 |
| Вилдан Дрпљанин | „Copyright and Freedom of Expression: Assessing the Conflict between Copyright Enforcement and the Freedom of Expression under the European Convention on Human Rights (Авторското право и слободата на изразување: проценка на судирот помеѓу спроведувањето на авторското право и слободата на изразување според Европската конвенција за човекови права) | проф. д-р Ненад Гавриловиќ | 01.06.2018 | 02-736/112 |
| Дарко Стојаноски | „Исклучива надлежност на Европската унија-современ пристап на Унијата во третманот на странските инвестиции (The Exclusive Competence of the European Union: The Union̓s Current Approach in the Treatment of Foreign Investments) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 01.06.2018 | 02-736/113 |
| Владимир Смичковски | „Криминолошки аспекти на спречувањето на перење пари (Criminological Aspects of Prevention of the Money Laundering) | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 01.06.2018 | 02-736/114 |
| Филип Башоски | „Компаративен преглед на спроведување и имплементација на Националниот превентивен механизам во полициска постапка преку анализа на извештаите на Омбудсманот (Comparative Analysis of the National Preventive Mechanism of the Police Procedure trough the Ombudsman̓s Reports) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 01.06.2018 | 02-736/115 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Наташа Родиќ | „(Не)почитување на стандардите за постапување со осудени лица на казна затвор (Dis)Respect of the Standards for Treatment of the Imprisoned Persons) | проф.д-р Методија Каневчев | 01.06.2018 | 02-736/116 |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „АНАЛИТИЧКА ГЕОМЕТРИЈА“ ОД АВТОРОТ/-ИТЕ Д-Р КОСТАДИН ТРЕНЧЕВСКИ И Д-Р БИЛЈАНА КРСТЕСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно–математичкиот факултет, бр. 02-1001/3, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Аналитичка геометрија“ од авторите: д-р Костадин Тренчевски и д-р Билјана Крстеска, наменет за студентите на Природно–математичкиот факултет, за предметите: Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика – физика, и Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика - информатика, избрани се д-р Марија Оровчанец и д-р Валентина Миовска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Аналитичка геометрија |
| **Назив на предметната програма:** | Аналитичка геометрија |
| **Назив на студиската програма:** | Математика - физика, на Природно–математичкиот факултет<br>Математика - информатика, на Природно – математичкиот факултет |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Аналитичка геометрија, МФ 3+3+0, 5 ЕКТС – кредити,<br>Аналитичка геометрија, МИ, 3+3+0, 6 ЕКТС – кредити, |
| Предметот Аналитичка геометрија на студиската програма Математика – физика на Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3+0, број на ЕКТС-кредити 5, и се слуша во прв семестар.<br>Предметот Аналитичка геометрија на студиската програма Математика - информатика Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3+0, број на ЕКТС-кредити 6, и се слуша во втор семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 410 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 185 слики и не содржи табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

6. **Проф. д-р Марија Оровчанец с.р.**

7. **Проф. д-р Валентина Миовска с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Валентина Миовска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е поделен во 3 поглавја.<br>Во првото поглавје се разработени содржини од векторска алгебра, кои се основа за разработување на содржини од аналитичката геометрија.<br>Во второто поглавје се разработени содржини од аналитичката геометрија во рамнина, во кои се вклучени и содржини за кривите од втор ред.<br>Во третото поглавје се разработени содржини од аналитичка геометрија во простор: точка, права и рамнина во простор.<br>На крајот е даден азбучник на сите користени поими, како и список на користената литература. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во согласност со студиските програми. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките се коригирани. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот „Аналитичка геометрија“ е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Стилот на пишување е прикладен како за студентите, така и за останатите читатели кои ќе го користат во својата професионална работа. Затоа цениме дека ги задоволува потребните услови за универзитетски учебник. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 410 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 185 слики и не содржи табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика – физика на Природно-математичкиот факултет, и Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика – информатика на Природно-математичкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Валентина Миовска с.р.**

## I. Посебен дел од рецензентот: Марија Оровчанец

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е поделен во 3 поглавја.<br>Првото поглавје се обработени содржини од вектрска алгебра, кои претставуваат основа за воведување на содржините од аналитичката геометрија.<br>Во второто поглавје се воведени содржини од аналитичката геометрија во рамнина, а во третото поглавје се воведени содржини од аналитичка геометрија во простор.<br>На крајот е даден азбучник на сите користени поими, како и список на користената литература. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во согласност со студиските програми. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките се коригирани. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот „Аналитичка геометрија“ е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин. Стилот на пишување е прикладен како за студентите, така и за останатите читатели кои ќе го користат во својата професионална работа. Затоа цениме дека ги задоволува потребните услови за универзитетски учебник. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 410 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 185 слики и не содржи табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика – физика на Природно-математичкиот факултет и Аналитичка геометрија, на студиската програма Математика – информатика на Природно-математичкиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Марија Оровчанец с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**

**Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на**

**Наставно-научниот совет на Факултетот,**

**одржана на 07.06.2018 година.**

**1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Катарина Тодоровска, дипл. проф. по математика | „АЛГЕБАРСКИ n-АРНИ ХИПЕРСТРУКТУРИ“ | **Algebraic n- ary hypersrtructures** | Д-р Весна Целаковска-Јорданова, вонр.проф. на Институтот за математика на ПМФ. | **02-901/3 од 20.06.2018 година** |
| | | | | | |

# ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

## МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Магдалена Дамјанова | “ Оптимална контрола на процесите на биолошки третман на отпадни води,, | ,,Optimal control of the processes of biological wastewater treatment,, | Проф.д-р Кирил Лисичков | 11.6.2018<br>02-898/1 |
| 2. | Магдалена Петровски | “Оптимизација на процесот на екстракција на биоактивни компоненти од Видец (*Euphrasia Officinalis* L.) | ,, Optimization of the process of extraction of bioactive components from Eyebright (*Euphrasia Officinalis* L) | проф.д-р Мирко Маринковски | 11.6.2018<br>02-888/1 |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 20јуни2018 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област 20300-електроенергетски мрежи и системи.

На распишаниот конкурс, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 22 мај 2018 год., се пријави кандидатот д-р Петар Крстевски, дипл.инж. по електротехника и информациски технологии. По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Петар Крстевски е роден на 5.1.1988 година во Битола. Основно и средно образование завршил во Ресен. Во учебната 2006/2007 година се запишал на додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката Електроенергетски системи (ЕЕС). Дипломирал во јуни 2010 година со средна оценка 10,00. Во учебната 2010/2011 се запишал на магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката Електроенергетски системи. Магистрирал во февруари 2012 година со средна оценка 10,00, на темата „Моделирање на регионалниот ЕЕС на Југоисточна Европа за проценка на задушувања – ден однапред“, под менторство на проф. д-р Рубин Талески. Во учебната 2011/2012 година се запишал на трет циклус - докторски студии на студиската програма Електротехника и информациски технологии при Докторската школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторирал во февруари 2018 година со темата „Примена на методот на оптимални текови на моќност за ефикасно искористување на ресурсите за регулација при регионално балансирање“, под менторство на проф. д-р Рубин Талески. Рецензијата за дисертацијата е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, број 1160, од 29 декември 2017 година.

Кандидатот е награден од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“за постигнат најдобар успех во студирањето во учебната 2009/2010 година, а од ФЕИТ примилплакета за извонредни резултати и успешно завршени студии со просек 10. Кандидатот се стекнал и со признание – „Инженерски прстен“, за најдобар дипломиран студент на ФЕИТ за учебната 2009/2010 година.

По дипломирањето од октомври 2010 година, Петар Крстевски работи како член на тимот на ФЕИТ во меѓународниот научноистражувачки проект „Предизвици на преносните систем оператори од Југоисточна Европа“ (SEETSOC). Во рамките на овој проект, тој директно учествува во креирањето на софтверска алатка за анализа на текови на моќност и проценка на задушувања во големи интерконектирани електроенергетски системи.

Во февруари  2012 година кандидатот е избран, на Наставно-научниот совет при ФЕИТ, за демонстратор на Институтот за преносни електроенергетски системи. Во септември 2012 година е избран во звањето соработник докторанд, а во септември 2016за помлад асистент. Рецензијата за изборот во звањето помлад асистент е објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, број 1126, од 1јули2016 година.

Неговите работни обврски поврзани со наставата се изведување на аудиториски и/илилабораториски вежби по 13 предмети, и тоа: електрични мрежи, компјутерски методи во електроенергетиката, менаџмент на ЕЕС, високонапонски мрежи и системи,  пазари на електрична енергија, режими на работа на ЕЕС, планирање на ЕЕС, инженерска економија, управување и диспечинг во ЕЕС, технички системи на управување, апликативен софтвер во ЕЕС,програмирање и алгоритми и основи на електротехника 2.

Истражувачките активности на м-р Петар Крстевски се во доменот на оперативното планирање и водење на електроенергетските системи и пазари на електрична енергија. Кандидатот учествувал во меѓународните проекти „Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика за имплементација на Третиот пакет за енергетика во РМ” (TEP Project) и „Техничка помош за воспоставување на берза на електрична енергија во Република Македонија“ (PX Project). Кандидатот остварил студиски престој во компанијата THEMA Consulting Group, Осло, Норвешка, во периодот август - септември 2016 година. Член е на IEEE, CIGRÉ иМАКО СИГРЕ.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа: број 1126, од 1јули 2016 година, и број 1160, од 29 декември 2018 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата на овој конкурс, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот**

## 2.1. Наставно-образовна дејност

Кандидатот до денес е ангажиран за одржување на предавања, аудиториски и/или лабораториски вежби по предметите:електрични мрежи, компјутерски методи во електро-енергетиката, менаџмент на ЕЕС, високонапонски мрежи и системи,  пазари на електрична енергија, режими на работа на ЕЕС, планирање на ЕЕС, инженерска економија,управување и диспечинг во ЕЕС, технички системи на управување, апликативен софтвер во ЕЕС,програмирање и алгоритми и основи на електротехника 2.

Кандидатот бил член во комисија за одбрана на 9дипломски работи.  Учествувал во изработка на интерна скрипта за вежби по предметот Управување и диспечинг во ЕЕС и пакет материјали за вежби за уште други два предмета. Активно учествувал со презентации на четири работилници за обука на членови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија  за користење на TheMA Market Model – алатка за моделирање на пазарот на електрична енергија .

## 2.2. Научноистражувачка дејност

Кандидатотд-р Петар Крстевски учествувал во три меѓународни научноистражувачки проекти, од кои два се поддржани од Норвешкото министерство за надворешни работи, а еден е во рамките на програмата FP7 и два национални научноистражувачки проекта. Кандидатот активно учествувал и во подготовката на апликациите за дел од овие проекти.

Кандидатот е автор или коавтор на 28 трудови објавени во списанија и зборници од меѓународни и национални конференции. Трудовите со реден број од 1 до 19 се рецензирани во рефератот за избор во звањето помлад асистент, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 1126, од 1 јули 2016 година.

Во продолжение се наведени трудовите и проектите во кои учествува од последниот избор во звањето помлад асистент.

**Научни трудови објавени од последниот избор**

Трудот со реден број [28]е објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, а трудовите со реден број [27] и [26], се објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор. Трудовите со реден број [25] и[24] се трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, додека, пак, трудовите со реден број од [20] до [23] во зборник на трудови од научен/стручен собир.

[20]М. Дема, В. Борозан, А. Крколева Матеска, П. Крстевски, „Инфраструктура и комуникациски технологии кај интелигентните системи за мерење", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 24-26 септември 2017, D2-093R-MK.

Во трудот се разгледуваат основните компоненти на интелигентните системи за мерење, сметајќи дека станува збор за технологија која ќе овозможи следење и управување на работата на дистрибутивниот систем. Функционирањето на современите интелигентни мерни системи се заснова на комуникациски платформи, односно примена на ИКТ. Во трудот особено внимание се обрнува на комуникациските технологии кои се применуваат во интелигентните мерни системи, односно во детали се истражуваат можностите за примена наелектричните водови (PLC), GSM/GPRS/UMTS - технологија, DSL. Исто така, се разгледуваат и можностите за користење на комбинација на повеќе од една од горенаведените технологии.

[21]М. Дема, В. Борозан, А. Крколева Матеска, П. Крстевски, „Пример за успешна имплементација на интелигентните системи за мерење во Република Австрија", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017, C6-094R-MK.

Во овој труд се прикажани конкретни примери од имплементацијата на интелигентните системи за мерење во Република Австрија, односно прикажан е моделот на интелигентните системи за мерење во NetzNiederösterreich, компанија која е дел од групацијата ЕВН и е оператор на електродистрибутивниот систем и системот за дистрибуција на природен гас во Долна Австрија. Меѓу другото, објаснета е и анализата на трошоци наспроти придобивки спроведена од страна на E-Control.

[22]М. Ташовска, О. Мирчевски, П. Крстевски, А. Крколева Матеска, В. Борозан, „Хевристички метод за интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности во слабо автоматизирани

дистрибутивни мрежи со присуство на дисперзирано производство на електрична енергија", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017,C6-087R-MK.

Во овој труд е прикажан начинот на функционирање и можните ефекти на хевристички метод за интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности во слабо автоматизирани дистрибутивни мрежи со дисперзирано производство. Всушност, прикажан е алгоритам за интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности кој има за задача да ги управува и регулира постојните ресурси за регулација на напоните и реактивните моќности со кои располага дистрибутивниот систем и во регулацијата да ги вклучи дисперзираните производни единици, со цел тие да влијаат кон подобрување на оперативното водење и управување со режимите на работа на дистрибутивната мрежа. Со цел да се илустрира методот и да се прикажат неговите основни карактеристики, овој метод е применет врз реални мрежи од дистрибутивниот систем на Република Македонија, при различни режими на работа.

[23]Ј. Ангелов, Р. Талески, П. Крстевски, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, А. Крколева Матеска, „Пресметка на вкупниот преносен тек на мрежата со примена на редуцирана матрица на преносни дистрибутивни фактори со уважување на реактивната моќност", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017, C4-091R-MK.

Во рамките на овој труд се разгледува проблемот на задушување во преносните мрежи. Имено, во трудот е прикажан нов алгоритам за пресметка на преносните можности на мрежата со примена на редуцирана матрица на преносни дистрибутивни фактори, а притоа уважувајќи ги ограничувањата кои произлегуваат од тековите на реактивна моќност.

[24]A. Ivanova, A. KrkolevaMateska, P. Krstevskiand J. L. D. García, "Possibilities for Wind Operators Participating in Markets for Frequency Support Services," IEEE EUROCON 2017 -17th International Conference on Smart Technologies, Ohrid, 2017, pp. 822-827. doi: 10.1109/EUROCON.2017.8011225.

Во рамките на трудот се анализирани можностите за производителите на електрична енергија од ветер да учествуваат во обезбедувањепомошни услуги за регулација на фреквенцијата. Всушност, се истражуваат можностите за учество на овие производители во обезбедување на резерви за реставрација на фреквенција и резерва за надоместување, односно секундарна и терцијарна резерва. Анализата се врши со методот на линеарно програмирање, чија цел е да се определи оптималното количество на енергија која производителот треба да ја продаде на пазарот ден однапред и на пазарот за балансна енергија за да го максимизира приходот.

[25]J. Angelov, R. Taleski, J. Vuletic, M. Todorovski, P. Krstevskiand A. KrkolevaMateska, "Application of Reduced PTDF Matrix in Iterative Modified DC Network Model for Cross-Border Capacity Calculation with Consideration of Reactive Power Flow Constraints," IEEE EUROCON 2017 -17th International Conference on Smart Technologies, Ohrid, 2017, pp. 437-442. doi: 10.1109/EUROCON.2017.8011148.

Во трудот е прикажан алгоритам за пресметка на преносните можности на мрежата заснован на редуцирана матрица на преносни дистрибутивни фактори. Алгоритамот користи модифициран еднонасочен модел на мрежа кој во предвид ги зема и реактивните моќности и дополнителни ограничувања на мрежата, кои не се карактеристични за еднонасочниот модел. На овој начин се намалува бројот на променливи кои се потребни за решавање на оптимизациониот проблем, што

е особено значајно за големи системи, какви што се преносните интерконектирани системи. Се покажува дека со примена на предложениот алгоритам се добиваат релевантни резултати за пресметка на преносните капацитети на интерконекциите.

[26]A. Ivanova, P. Krstevski, A. Krkoleva Mateska, "Assessment of Frequency Support Services and Procurement Methodsin Continental Europe and Republic of Macedonia", Journal of Electrical Engineering and Information Technologies - JEEIT, [S.l.], Vol. 2, No. 1, p. 25-31, July 2017. ISSN 2545-4250.

Во трудот се разгледуваат начините за набавување на помошни услуги во континентална Европа. Во детали се разгледани начините за набавка на овие услуги во неколку европски земји, односно Германија, Холандија, Белгија, Шпанија и Португалија. Потоа се разгледуваат и практиките за набавка на овие услуги во Македонија и се предлагаат мерки за нивно подобрување.

[27]M. Dema, V. Borozan, A. Krkoleva Mateska, P. Krstevski, "Infrastructure and communication technologies in smart metering systems", Journal of Electrical Engineering and Information Technologies - JEEIT, [S.l.], vol. 2, No. 2, pp. 129-135, November 2017. ISSN 2545-4250.

Трансформацијата на електроенергетските мрежи во интелигентни мрежи е овозможена од двонасочната комуникација и соодветната архитектура која ги исполнува сегашните и идните потреби на електроенергетските и комуникациските мрежи. Овој труд дава преглед на основните компоненти на интелигентните мерни системи и комуникациски технологии кои се применуваат во нив. Особено внимание се обрнува на технологиите за комуникација преку електрични водови и можностите кои произлегуваат од нивната примена во интелигентните мерни системи. Трудот, исто така, дава преглед на примената на интелигентни системи за мерење во Македонија.

[28]A. KrkolevaMateska, V. Borozan, P. Krstevski, R. Taleski, "Controllable load operation in microgrids using control scheme based on gossip algorithm", Applied Energy 210C (2018) pp. 1334-1344. (IF=7,182).

Во трудот е прикажана нова стратегија за управување на електрични потрошувачи со термостатски уред за примена во микромрежи. Всушност, во трудот е прикажано решение кое овозможува континуирано управување со оптоварувањето во нормален режим на работа на микромрежата и контролирано исклучување/вклучување на уредите на барање на агрегаторот во микромрежата. Предложеното решение се заснова на алгоритмите за соседска комуникација, а трудот дава приказ и на резултатите од примена на ова решение врз дадена микромрежа.

**Научноистражувачки и стручни проекти по последниот избор**

[1] Поддршка на Регулаторната комисија за енергетика за имплементација на Третиот пакет за енергетика во Република Македонија, Норвешко министерство за надворешни работи, MAK 14/0013 (2015-2017), член на тимот на УКИМ/ФЕИТ.

Во рамките на проектот е обезбедена поддршка на Регулаторната комисија за енергетика во примена на Третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на енергија на ЕУ во Република Македонија.Една од главните цели е развој и примена на функциите на следење на пазарите на енергија, преку соодветна подзаконска рамка, како и развој на база на податоци и апликација за

примена на усвоениот Правилник за следење на енергетските пазари од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.Покрај тоа, обезбедена е поддршка во подготовка на друга регулатива која е во согласност со Третиот пакет за енергетика.

[2] Техничка поддршка за воспоставување институционална рамка за национална/регионална берза на електрична енергија, Норвешко министерство за надворешни работи, МАК 13/0012, (2014-2017), член на тимот на УКИМ/ФЕИТ.

Целта на проектот е да се истражат можностите за воспоставување на регионална, односно национална берза на електрична енергија. Во рамките на проектот се направени опсежни анализи за можностите за воспоставување на берза, кои можат да послужат како основа за воспоставување на берза на електрична енергија во Република Македонија. Дополнително, во рамките на проектот е изготвен модел на пазар на електрична енергија во согласност со Третиот пакет за електрична енергијаи даден е придонес во развој на регулативата од оваа област.

[3] Предизвици на преносните систем оператори од Југоисточна Европа „South East European Transmission System Operators Challenges“, (2010 – 2012), EU FP7. член на тимот на УКИМ/ФЕИТ

Целта на проектот е развој на софтверски алатки кои ќе се користат од операторите на преносните системи во Југоисточна Европа за регионално оперативно планирање на работата на ЕЕС. Кандидатот учествувал во изработка на алатка за креирање на регионален модел на ЕЕС за потребите на постапката на управување со задушувања – ден однапред.

**Стручно апликативна дејност и дејности од поширок интерес**

Кандидатот учествувал во изработката на неколку студии, и тоа: „Студија за интеграција на обновливите извори со повластена тарифа во пазарот на електрична енергија во Република Македонија, во услови на постоење на организиран пазар на електрична енергија“, како и студии за анализи на приклучоци на мали електрични централи во дистрибутивниот систем. Покрај тоа, кандидатот учествувал во изготвување на пријава за три меѓународни и два национални проекта. Бил вклучен и во изработка на систем за прибирање и обработка на податоци за следење на пазарите за енергија за потребите на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, како и во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

Кандидатот е добитник на наградата „Инженерски прстен“ од Инженерската институција на Македонија.Остварил студиски престој во компанијата THEMA Consulting Group во Осло, Норвешка.

Бил член на организациониот одбор на конференцијата МАКО СИГРЕ во 2013, 2015 и 2017 година.Активно бил вклучен во промоцијата на ФЕИТ пред идните студенти како член на Центарот за нови студенти.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изложеното и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Петар Крстевски совесно, одговорно и исклучително успешно ги извршува сите обврски од наставната, научноистражувачката и апликативната дејност и по сите три основи остварил поголем број на поени од

минималните потребни за избор во звањето доцент. Во текот на работата како демонстратор, соработник докторанд и помлад асистент покажал големо залагање учествувајќи во подготовката на материјали и изведувањето на настава по тековните и новововедените предмети.

Д-р Петар Крстевскидоби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кандидатот д-р Петар Крстевски, дипл. инж. по електротехника и информациски технологии, да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научната област 20300- електроенергетски мрежи и системи.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Рубин Талески, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Александра Крколева Матеска, член, с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Петар Јовица Крстевски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: 20300 електроенергетски мрежи и системи**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување вежби (аудиториски и лабораториски)** | |
| | Електрични мрежи (2011/2012, летен семестар) | 0,90 |
| | Компјутерски методи во ЕЕ (2011/2012, летен семестар) | 0,90 |
| | Менаџмент во ЕЕС (2011/2012, летен семестар) | 0,90 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2012/2013, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2012/2013, зимски семестар) | 0,90 |
| | Програмирање и алгоритми (2012/2013, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2012/2013, летен семестар) | 0,90 |
| | Компјутерски методи во ЕЕ (2012/2013, летен семестар) | 0,90 |
| | Менаџмент во ЕЕС (2012/2013, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2012/2013, летен семестар) | 1,35 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2013/2014, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2013/2014, зимски семестар) | 0,90 |
| | Програмирање и алгоритми (2013/2014, зимски семестар) | 0,90 |
| | Управување и диспечинг во ЕЕС (2013/2014, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2013/2014, летен семестар) | 0,90 |
| | Менаџмент во ЕЕС (2013/2014, летен семестар) | 0,90 |
| | Планирање на ЕЕС (2013/2014, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2013/2014, летен семестар) | 1,35 |
| | Основи на електротехника 2 (2013/2014, летен семестар) | 0,45 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2014/2015, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2014/2015, зимски семестар) | 0,90 |
| | Пазари на електрична енергија (2014/2015, зимски семестар) | 0,90 |
| | Управување и диспечинг во ЕЕС (2014/2015, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2014/2015, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2014/2015, летен семестар) | 1,35 |
| | Пазари на електрична енергија (2014/2015, летен семестар) | 0,90 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Основи на електротехника 2 (2014/2015, летен семестар) | 0,45 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2015/2016, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2015/2016, зимски семестар) | 0,90 |
| | Планирање на ЕЕС (2015/2016, зимски семестар) | 0,90 |
| | Управување и диспечинг во ЕЕС (2015/2016, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2015/2016, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2015/2016, летен семестар) | 0,90 |
| | Пазари на електрична енергија (2015/2016, летен семестар) | 0,90 |
| | Основи на електротехника 2 (2015/2016, летен семестар) | 0,45 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2016 /2017, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2016 /2017, зимски семестар) | 0,90 |
| | Планирање на ЕЕС (2016 /2017, зимски семестар) | 0,90 |
| | Инженерска економија (2016 /2017, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2016 /2017, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2016 /2017, летен семестар) | 0,90 |
| | Пазари на електрична енергија (2016 /2017, летен семестар) | 0,90 |
| | Високонапонски мрежи и системи (2017/2018, зимски семестар) | 0,90 |
| | Режими на работа на ЕЕС (2017/2018, зимски семестар) | 0,90 |
| | Планирање на ЕЕС (2017/2018, зимски семестар) | 0,90 |
| | Инженерска економија (2017/2018, зимски семестар) | 0,90 |
| | Електрични мрежи (2017/2018, летен семестар) | 0,90 |
| | Технички системи на управување (2017/2018, летен семестар) | 0,90 |
| | Пазари на електрична енергија (2017/2018, летен семестар) | 0,90 |
| | Апликативен софтвер во ЕЕС (2017/2018, летен семестар) | 0,90 |
| 2 | **Консултации со студенти** | 3,06 |
| 3 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на комисија за одбрана на 9 дипломски работи | 0,90 |
| 4 | **Интерна скрипта од вежби** | |
| | Управување и диспечинг во ЕЕС | 3,00 |
| 5 | **Пакет материјали по одреден предмет** | |
| | Пакет материјали по предметите: Инженерска економија и Планирање на ЕЕС | 2,00 |
| 6 | **Настава во школи и работилници** | |
| | Обука на членови на РКЕ за користење на TheMA Market Model (4 работилници) | 4,00 |
| | **Вкупно** | **50,76** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза „Примена на методот на оптимални текови на моќност за ефикасно искористување на ресурсите за регулација при регионално балансирање”** | 8,00 |
| 2 | **Одбранета магистерска работа „Моделирање на регионалниот ЕЕС на Југоисточна Европа за проценка на задушувања - ден однапред“** | 4,00 |
| 3 | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Примена на техники за оптимална распределба на моќности во интерконектиран ЕЕС во услови на отворен пазар на електрична енергија (2014-2016, ФЕИТ), член на тимот | 3,00 |
| | Модели на пазар за обезбедување на резерви за регулација на фреквенција (2017-2018, ФЕИТ), член на тимот | 3,00 |
| 4 | **Учесник во меѓународни научни проекти** | |
| | South East European Transmission System Operators Challenges (SEETSOC), FP7 (2010-2012) | 5,00 |
| | Technical Assistance for Institutional Framework for Establishing a National/Regional Power Exchange, Norwegian Ministry of Foreign Affairs, MAK 13/0012, 2014 – 2017, член на тимот на УКИМ/ФЕИТ | 5,00 |
| | Technical Assistance for Implementation of the 3rd Energy Package Compliant Legislation in the Republic of Macedonia”, NorwegianMinistryofForeignAffairs, MAK 14/0013, (2015-2017), член на тимот на УКИМ/ФЕИТ | 5,00 |
| 5 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | A. KrkolevaMateska, V. Borozan, P. Krstevski, R. Taleski, “Controllable load operation in microgrids using control scheme based on gossip algorithm”, Applied Energy 210C (2018) pp. 1334-1344. http://dx.doi.org/10.1016/j.apenergy.2017.06.049. IF 7.5 | 7,91 |
| | P. Krstevski, A. KrkolevaMateska, J. Angelov, V. Borozan, R. Taleski: Regional Transmission Network Modelling for Facilitating Congestion Management, Przeglad Elektrotechniczny, no. 06/2015, pp. 65 – 68, doi:10.15199/48.2015.06.11. IF=0.244 | 3,75 |
| 6 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | M. Dema, V. Borozan, A. KrkolevaMateska, P. Krstevski, “Infrastructure and communication technologies in smart metering systems”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies - JEEIT, [S.l.], vol. 2, No. 2, pp. 129-135, November 2017. ISSN 2545-4250 | 1,80 |
| | A. Ivanova, P. Krstevski, A. KrkolevaMateska,  “Assessment of Frequency Support Services and Procurement Methods in Continental Europe and Republic of Macedonia”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies - JEEIT, [S.l.], Vol. 2, No. 1, p. 25-31, July 2017. ISSN 2545-4250 | 2,40 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 7 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | A. Ivanova, A. K. Mateska, P. Krstevski and J. L. D. García, "Possibilities for Wind Operators Participating in Markets for Frequency Support Services," IEEE EUROCON 2017 -17th International Conference on Smart Technologies, Ohrid, 2017, pp. 822-827. | 1,80 |
| | J. Angelov, R. Taleski, J. Vuletic, M. Todorovski, P. Krstevski and A. K. Mateska, "Application of Reduced PTDF Matrix in Iterative Modified DC Network Model for Cross-Border Capacity Calculation with Consideration of Reactive Power Flow Constraints," IEEE EUROCON 2017 -17th International Conference on Smart Technologies, Ohrid, 2017, pp. 437-442. doi: 10.1109/EUROCON.2017.8011148 | 1,80 |
| | P. Krstevski, V. Borozan, A. KrkolevaMateska, A. B. Skanlund, M.H. Rennesund, J. Wolst, J. Angelov, E. Magnus, R. Taleski: “Investigating the Conditions for Establishing a Regional Power Exchange” 12th International Conference on the European Energy Market 2015, Lisbon, Portugal, 19-22 May 2015, doi: 10.1109/EEM.2015.7216728 | 1,80 |
| | A. KrkolevaMateska, A. B. Skanlund, P. Krstevski, V. Borozan, M.H. Rennesund, J. Wolst, J. Angelov, E. Magnus, R. Taleski: “Options for Day-Ahead Market and Power Exchange in Republic of Macedonia” 12th International Conference on the European Energy Market 2015, Lisbon, Portugal, 19-22 May 2015, doi: 10.1109/EEM.2015.7216735 | 1,80 |
| | P. Krstevski, A. Krkoleva, R.Taleski: “Modeling of Interconnected Electric Transmission Networks for Congestion Management” 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering 12-14. September 2013, Ohrid, Macedonia. | 2,40 |
| | A. Krkoleva, V. Borozan, P. Krstevski, R. Taleski: “Provision of Ancillary Services by Implementing Epidemic Algorithms” 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering 12-14. September 2013, Ohrid, Macedonia. | 1,80 |
| | P. Krstevski, J. Angelov, A. Krkoleva, K. Naumoski, A. Paunoski, N. Sijakovic, R. Taleski, V. Borozan, “Regional Transmission Network Modeling for Power Flow Analysis”, Power Options for Eastern Mediterranean Region, POEM, Limassol Cyprus,19-21 November 2012 | 1,80 |
| | P. Krstevski, R. Taleski, J. Angelov, A. Krkoleva, K. Naumoski, A. Paunoski, Creation of Regional Electric Transmission Network Models by Using Database Related Software Solution, Advanced Aspects of Theoretical Electrical Engineering Sozopol 2012, Sozopol, Bulgaria, 07.09.12 - 09.09.12 | 1,80 |
| | P. Krstevski, J. Angelov, R. Taleski, A. Krkoleva, K. Naumoski, A. Paunoski, “Facilitating DACF by Implementation of Integrated Software Solution”, 9th Internationa Conference on the European Energy Market (EEM12), Florence, Italy, 10-12 May, 2012, ID:158. | 1,80 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | R. Taleski, J. Angelov, P.Krstevski, A.Krkoleva, A.Paunoski, K.Naumoski: "Model Creator for Day Ahead Congestion Forecast", Proceedingsofthe 15th WSEAS International Conference on Systems, pp. 398-401, Corfu, July 2011. | 1,80 |
| **8** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | Ј. Ангелов, Р. Талески, П. Крстевски, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, А. Крколева Матеска, „Пресметка на вкупниот преносен тек на мрежата со примена на редуцирана матрица на преносни дистрибутивни фактори со уважување на реактивната моќност", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017, C4-091R-MK | 1,20 |
| | М. Ташовска, О. Мирчевски, П. Крстевски, А. Крколева Матеска, В. Борозан, „Хевристички метод за интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности во слабо автоматизирани дистрибутивни мрежи со присуство на дисперзирано производство на електрична енергија", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017, C6-087R-MK | 1,20 |
| | М. Дема, В. Борозан, А. Крколева Матеска, П. Крстевски „Пример за успешна имплементација на интелигентните системи за мерење во Република Австрија", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, 24-26 септември 2017, C6-094R-MK | 1,20 |
| | М. Дема, В. Борозан, А. Крколева Матеска, П. Крстевски, „Инфраструктура и комуникациски технологии кај интелигентните системи за мерење", 10. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 24-26 септември 2017, D2-093R-MK | 1,20 |
| | Љ. Илиоски, А. Крколева Матеска, П. Крстевски, В. Борозан, „Алгоритми за подредување јазли и гранки во радијални дистрибутвни мрежи", 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C6-109R-MK | 1,20 |
| | П. Крстевски, В. Борозан, А. Крколева Матеска, Ј. Ангелов, Р. Талески, „Истражување на модели на берза на електрична енергија во Република Македонија", 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C6-154R-MK | 1,20 |
| | А. Крколева Матеска, П. Крстевски, В. Борозан, Ј. Ангелов, Р. Талески, „Истражување на можностите за формирање регионална берза на електрична енергија", 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C6-155R-MK | 1,20 |
| | М. Ташовска, П. Крстевски, А. Крколева Матеска, О. Мирчевски, В Манев, В. Борозан, „Интегрирана регулација на напоните и реактивните моќности во дистрибутивните системи", 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C6-049R-MK | 1,20 |
| | М. Дема, А. Крколева Матеска, П. Крстевски, В. Борозан, „Анализа на можностите за примена на интелигентни броила како предуслов за реализирање на интелигентни електроенергетски мрежи", 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C5-130R-MK | 1,20 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | А. Дејкоска, Е. Колевска, П. Крстевски, А. Крколева Матеска, В. Борозан, „Обврски и пазарни функции на современ оператор на дистрибутивен систем“, 9. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 27-29 септември 2015, C5-170R-MK | 1,20 |
| | П. Крстевски, Р. Ачковски: „Анализа на доверливоста на радијални дистрибутивни мрежи со примена на Монте Карло симулации“ 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013. | 1,80 |
| | П. Крстевски, Р. Талески: „Моделирање на интерконектирани електроенергетски системи за анализи на текови на моќност“ 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013. | 1,80 |
| | П. Крстевски, А. Крколева Матеска, Рубин Талески, Климент Наумоски, Александар Пауноски: „Постапка за формирање на прогнозирани модели на интерконектирани електроенергетски системи за проценка на задушувања“, 8. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, септември 2013. | 1,20 |
| | Љ. Николоски, К. Најденкоски, Г. Рафајловски, П. Крстевски: „Обработка и приказ на измерените податоци за квалитет на електричната енергија“ 7. Советување на МАКО-СИГРЕ, Охрид, октомври 2011. | 1,20 |
| 9 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | 15th Circuits Systems Communications and Computers Multiconference, WSEAS 2011 | 1,00 |
| | 9th International Conference on the European Energy Market 2012 | 1,00 |
| | 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering 2013 | 0,50 |
| | 8. Советување на МАКО СИГРЕ 2013 | 3,00 |
| | 12th International Conference on the European Energy Market 2015 | 1,50 |
| | 9. Советување на МАКО СИГРЕ 2015 | 2,00 |
| | **Вкупно** | **94,46** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Студии** | |
| | Студија за интеграција на обновливите извори со повластена тарифа во пазарот на електрична енергија во Република Македонија, во услови на постоење на организиран пазар на електрична енергија, април 2017-март 2018 | 1,00 |
| | Анализа на приклучокот на биогасната електрана Породин, март 2016 | 1,00 |
| | Анализа на приклучокот на група мали хидроелектрани (312, 315, 316 и 317), март 2016 | 1,00 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Анализа на приклучокот на група мали хидроелектрани (378, 380 и 408), декември 2014 | 1,00 |
| | Анализа на приклучокот на малата хидроелектрана Г. Илино (257), декември 2014 | 1,00 |
| | Анализа на приклучокот на група мали хидроелектрани (208 и 267), октомври 2014 | 1,00 |
| | Анализа на настани во дистрибутивната мрежа на ТС Гостивар од март 2016 г. | 1,00 |
| **2** | **Дизајн или изработка на информациски систем** | |
| | Систем за прибирање и обработка на податоци за следење на енергетските пазари, Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија | 1,00 |
| **3** | **Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот** | |
| | Отворен ден (2012,2013,2014,2015,2016,2018) | 3,00 |
| | Презентација на Факултетот во средните училишта (2018, 2017, 2015, 2014) | 2,00 |
| | Инфо денови на ФЕИТ (2014, 2015, 2016) | 1,50 |
| **4** | **Член на комисија за изработка измени и дополнувања на закон и подзаконски акти** | |
| | Правилник за следење на функционирањето на енергетските пазари (2016) | 2,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **5** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| | МАКО-СИГРЕ, организационен одбор (2013, 2015, 2017) | 1,50 |
| **6** | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Инженерски прстен | 3,00 |
| **7** | **Студиски престој во странство** | |
| | Студиски престој во Осло Норвешка, THEMA ConsultingGroup(август 2016) | 0,50 |
| **8** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | ФЕИТ (2017) Модели на пазар за обезбедување на резерви за регулација на фреквенција | 0,50 |
| | ФЕИТ (2014), Примена на техники за оптимална распределба на моќности во интерконектиран ЕЕС во услови на отворен пазар на електрична енергија | 0,50 |
| **9** | **Изготвување и пријавување на меѓународен научен/образовен национален проект** | |
| | Cross border managemen to variable renewable energies and storage units enabling transnational wholesale market (2017) | 1,00 |
| | Technical  Assistane for Implementation of the 3rd Energy Package Compliant Legislation in the Republic of Macedonia (2015) | 1,00 |
| | Technical Assistance for Institutional Framework for Establishing a National/Regional Power Exchange (2014) | 1,00 |
| **10** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Центар за нови студенти | 0,50 |
| | Комисија за попис на ФЕИТ (2016) | 0,50 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **26,50** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **50,76** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **94,46** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **26,50** |
| **Вкупно** | **171,71** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Рубин Талески, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Александра Крколева Матеска, член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатена магистерска програма на Факултетот за музичка уметност – Скопје**

| | Име и презиме | Магистерска програма/Наслов на тема за магистерски труд | Ментор | Датум и број на Одлука на ННУС |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Матеј Никољски | *J.Haydn*: Piercing Eyes;<br>*F. Schubert*: Halt Op.25 D795 (Die Schohne Mullerin) ;<br>*W.A.Mozart*: Das Veilchen (K476) ;<br>*F. Schubert*: Auf dem Wasser zu singen ( no.428/ op.72);<br>*R. Schumann*: Widmung (Liederzyklus Myrten/ op.25);<br>*F. Schubert*: The hurdy-gurdy man (Der Leiermann, op.89/no24);<br>*F. Schubert*: Nacht und Traume (op.43/no2);<br>*F. Schubert*: An die Musik, D547 (op.88/no4);<br>*A.Caldara:* Sebben, crudele;<br>*Fr. von Flotow:* Volkslied der Lady (Martha);<br>*G.B.Pergolesi*: Se tu m'ami, se sospiri (Arietta);<br>*A.Jankovic:* Tri put ti cukna;<br>*W.A.Mozart*: Vedrai Carino;<br>*A.Dvorzak*: Song to the moon, (Rusalka, Nr.12 Arie) ;<br>*W.A.Mozart*: Aria de Despina (Cosi fan tutti, no19)<br>*G. Bottesini*: Елегија бр.1 во D-dur, за контрабас и пијано;<br>S. *Rahmaninof*: Елегија Op.3 бр.1 во es -moll, за контрабас и пијано;<br>*A. Vivaldi*: Соната за виолончело бр.3 во a-moll, за фагот и пиано. | Доц. м-р Кристијан Каровски | 02-442/1 од 13.6.2018 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА НА СОВЕТУВАЊЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултетот, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 13.4.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): клиничка психологија и психологија на советување, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр.04-691/7, донесена на 6.6.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Олга Мурџева-Шкариќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Благоја Јанаков, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Михајло Поповски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): клиничка психологија и психологија на советување, во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Катерина Наумова, доцент на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Катерина Наумова е родена на 19.3.1977, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала во 2000 година, со просечен успех 9,26.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите од насоката клиничка психологија ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10. На 19.12.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Трауматските искуства, менталното здравје и квалитетот на живот кај лица кои доживеале воени стресови.*

Докторска дисертација пријавила во 2009 година на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Лонгитудинална процена на менталното здравје и квалитетот на живот кај лица со долготраен посттрауматски стрес* ја одбранила на 7.6.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Миклош Биро (ментор), проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, проф. д-р Благоја Јанаков, проф. д-р Михајло Поповски и проф. д-р Николина Кениг. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на психолошки науки, при што д-р Наумова е првиот доктор на науки од областа на клиничката психологија во Република Македонија.

На I редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 24.10.2013 година, избрана е во звањето доцент во научните области (дисциплини): клиничка психологија и психологија на советување.

На Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје е вработена во 2002 година, како помлад асистент. Во моментот работи како доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1060 од 2.9.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтените бр. 795/196 од 4.2.2002, 901/162 од 14.7.2006, 963/70 од 30.4.2009, 1027/132 од 15.3.2012 и 1060/33 од 2.9.2013, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет, кандидатката д-р Катерина Наумова изведувала настава на прво циклус студии на студиската програма Психологија, по предметите: Ментално здравје и психолошко советување, Клиничка психологија 1 и 2, Психолошко советување, Психодијагностика и Психологија на мудроста. Тековно изведува настава (предавања и вежби) по предметите: Клиничка психологија, Психолошко советување и психотерапија и Психологија на стресот. За потребите на наставата, д-р Наумова изготвила пакет материјали за неколку од наведените предмети.

На втор циклус студии, на студиската програма Психологија, д-р Катерина Наумова одржувала менторски часови по предметите: Развојни проблеми во детството и адолесценцијата, Развојни проблеми во возрасната доба и староста, Методи и техники во советување и психотерапија и Вештини за работење со клиенти.

При процесите на акредитација на студиските програми од вториот и третиот циклус студии, д-р Катерина Наумова изготвила нови студиски програми со кои се воведува насоката Клиничка психологија на двата циклуса.

Кандидатката била ментор на 35 (триесет и пет) дипломски трудови. Учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 41 (четириесет и еден) дипломски труд и на 5 (пет) магистерски трудови.

Детален приказ на сите активности во доменот на наставно-образовната дејност е даден во Анекс 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Врз основа на реализираните активности при вршење на наставно-научната дејност, кандидатката д-р Катерина Наумова постигнала **100,75 поени**, што е неколкукратно повеќе од предвидениот минумим од 20 поени според дефинираните критериуми во член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асисенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Катерина Наумова во последните пет години има објавено седум рецензирани научни трудови, од кои два во научни списанија индексирани во Web of Science, односно Scopus и Ebsco, четири во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и еден во научно/стручно списание.

Вредно е да се напомене дека во речиси сите трудови кандидатката е единствен или прв автор. Називите на трудовите со податоци за списанијата во кои се објавени се дадени во Анекс 2.

Испитуваните проблеми во објавените трудови укажуваат дека кандидатката има широки и оригинални научноистражувачки интереси, ориентирани кон различни домени од научните области од интерес. Дел од трудовите се фокусираат на проучувањето на посттрауматските одговори поврзани со различни видови трауматизација. На пример, во трудот *1.7* прикажани се когнитивните концептуализации кои се фокусираат на улогата на субјективната компонента при процесирањето и толкувањето на трауматското искуство, а се дискутираат и предностите и ограничувањата на повеќе когнитивни модели на посттрауматското стресно растројство, како и нивните импликации во однос на терапевтскиот третман.

Во трудот *1.3,* д-р Наумова го истражува сложениот обем на психолошки промени што често се јавуваат во процесот на адаптација по доживеано трауматско искуство. Покрај препознатливата структура на посттрауматското стресно растројство дефинирана согласно со тековните дијагностички критериуми, претставени се и други, клинички релевантни прашања. Трудот вклучува и краток осврт на тековните насоки кон реконцептуализирањето на ова растројство, како и на клиничките импликации од неусогласеноста меѓу психолошката природа на посттрауматската адаптација и дијагностичките рамки кои ги определуваат и насоките за третман.

Во трудот *1.5,* кандидатката соопштува наоди од првото проспективно истражување, во кое во период од пет години се следат текот и промените во посттрауматските последици кај лица со долготрајно посттрауматско стресно растројство, поврзано со воениот конфликт од 2001 година во Македонија. Со оглед на временската дистанца и општествените околности што ја следат воената трауматизација, наодите ја нагласуваат потребата од интервенции на ниво на колективните траектории на посттрауматска адаптација, во чиј контекст се развиваат и се менуваат индивидуалните траектории на посттрауматско закрепнување.

Трудовите *1.1* и *1.2* се фокусираат на испитување на одделни личносни предиспозиции како потенцијални предиктори на нарушено ментално здравје и на особините на престапничкото однесување кај осудени лица. Наодите упатуваат дека испитуваните црти на личност може да го зголемат ризикот од појава на психопатолошка симпоматологија, но дека не ги диференцираат доволно успешно рецидивистите од примарните престапници, ниту насилните од ненасилните сторители на кривични дела. Наодите од овие истражувања се поврзуваат со ефективноста на процесите на ресоцијализација и на третман на менталното здравје на осудените лица.

Теми релевантни за областите од интерес кандидатката обработува и во трудовите *1.4* и *1.6*. Во првиот труд се соопштуваат наоди од првото истражување за анксиозноста поврзана со смртта во Република Македонија, кое се фокусира на периодот на рана зрелост. Утврдено е дека жените значајно повеќе од мажите ги вознемирува и плаши помислата за смртта, а како најзначајни предиктори од испитуваните корелати се издвоени анксиозноста поврзана со стареењето, личната вознемиреност и емпатиската грижа како афективни компоненти на емпатијата. Наодите се дискутирани од развојна перспектива, како и од перспектива на теоријата на справување со ужасен страв.

Во другиот труд, кандидатката соопштува резултати од истражување на особеностите на стигматизацијата на лица со нарушено ментално здравје и на нејзината поврзаност со бројот и со блискоста на контактите остварени со нив кај студенти кои се едуцираат за професии што се примарно ориентирани кон помагање на луѓето, и студенти со поинаква професионална ориентација. Наодите покажуваат дека и двете групи студенти повеќе ги стигматизираат зависностите отколку шизофренијата. Утврдено е дека почестите и поблиските контакти со лица на кои им е нарушено

менталното здравје придонесуваат за намалување на чувството на страв и опасност од нив, како и на тенденцијата за нивна дискриминација. Авторите упатуваат на потреба од соодветни антистигма програми што ќе овозможат зголемена информираност за природата и особеностите на нарушувањата на менталното здравје, а со тоа и намалување на нивната стигматизација и дискриминација.

Во периодот од интерес, кандидатката учествувала со усна презентација на трудови на Седмиот меѓународен конгрес за интерперсонално прифаќање и отфрлање, одржан во Грција во 2018 година, како и на меѓународната конференција *Теорија и практика во психологијата,* одржана во Скопје во 2014 година.

Врз основа на реализираните активности при вршење на научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Катерина Наумова постигнала **34,38 поени**, што го надминува предвидениот минумим од 20 поени според дефинираните критериуми во член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Катерина Наумова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за психологија.

Кандидатката остварила повеќе експертски активности во изминатиот петгодишен период.

Била член на стручната редакција на проектот *Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа*, на барање на Министерството за култура на Република Македонија.

Била стручен редактор на шест книги: *Стрес, справување со стрес и здравје* уредена од Сузан Фолкман, *Егото и механизмите на одбрана* од Ана Фројд, *Нормалност и патологија во детството* од Ана Фројд, *Теоретски пристапи во психологијата* од Мет Џарвис, *Фокус-групи* од Ричард Кругер и Мери Ен Кејси, *Клучни концепти во управувањето со човечки ресурси* од Џон Мартин.

Рецензирала научни трудови во списанието *Психологија: наука и практика;* Зборникот на трудови од меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата на Институтот за психологија, Скопје, 2015 и Зборникот на трудови од меѓународната конференција „20-ти Денови на психологијата“ на Универзитетот во Задар, 2016.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Во изминатите пет години, била член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно/стручно списание *Психологија: наука и практика* (ISSN 1857-9825), а од 2018 година ја презема функцијата на главен и одговорен уредник на ова списание.

Д-р Наумова била член и на организацискиот одбор на меѓународната научна конференција *Теорија и практика во психологијата,* Филозофски факултет, Институт за психологија, Скопје, 2014 година.

Кандидатката била активно вклучена во работата на повеќе стручни комисии при Филозофскиот факултет во Скопје:

- Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати за запишување на прв циклус студии на Филозофскиот факултет;
- Дисциплинска комисија за одговорност на студентите на Филозофскиот факултет;
- Комисија за попис на постојни средства на Филозофски факултет;
- Поткомисија за самоевалуација на Филозофски факултет;
- Поткомисија за изработка на нова студиска програма за прв циклус студии;
- Поткомисија за изработка на нова студиска програма за втор циклус студии.

Преку учество во стручно-апликативната дејност, д-р Катерина Наумова постигнала **18 поени,** со што го надминува предвидениот минимум од 5 поени според критериумите во член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Катерина Наумова доби просечна оценка **9,5** од три анонимно спроведени анкети на студентите на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, а во однос на четири предмети од кои изведувала настава во изминатиот петгодишен период.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Катерина Наумова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Катерина Наумова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува условите да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области клиничка психологија и психологија на советување.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Катерина Наумова да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области клиничка психологија и психологија на советување.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ с.р.**

**Проф. д-р Благоја Јанаков с.р.**

**Проф. д-р Михајло Поповски с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Катерина Јанаки Наумова

**Институција:** Филозофски факултет – Скопје/Институт за психологија

**Научна област:** клиничка психологија и психологија на советување

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **25,2** |
| | Клиничка психологија, зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | (3*15*0,04)*5 = 9 |
| | Психолошко советување и психотерапија, летен семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | (3*15*0,04)*5 = 9 |
| | Психодијагностика, летен семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | (2*15*0,04)*3 = 3,6 |
| | Психологија на мудроста, зимски семестар 2015/2016 | (2*15*0,04) = 1,2 |
| | Психологија на стресот, зимски семестар 2016/2017, 2017/2018 (менторски) | (2*15*0,04) = 1,2<br>(6*5*0,04) =1,2 |
| **2.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | **4** |
| | Развојни проблеми во детството и адолесценцијата, зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | (5 кандидати*5часа*0,05) = 1,25 |
| | Развојни проблеми во возрасната доба и староста, летен семестар 2014/2015 | (1 кандидат*5часа*0,05) = 0,25 |
| | Клиничка психологија, зимски семестар 2015/2016,2016/2017, 2017/2018 | (5 кандидати*5часа*0,05) = 1,25 |
| | Методи и техники во советување и психотерапија, зимски семестар 2016/2017 | (1 кандидат*5часа*0,05) = 0,25 |

| | | |
|---|---|---|
| | Психолошко советување и психотерапија, зимски семестар 2016/2017, 2017/2018 | (3 кандидати*5часа*0,05) = 0,75 |
| | Вештини за работење со клиенти, зимски семестар 2017/2018 | (1 кандидат*5часа*0,05) = 0,25 |
| **3.** | **Одржување на вежби од прв циклус студии** | **36,45** |
| | Клиничка психологија, зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | (9*15*0,03)*3 = 12,15 |
| | Клиничка психологија, зимски семестар 2016/2017, 2017/2018 | (6*15*0,03)*2 = 5,4 |
| | Психологија на мудроста, зимски семестар 2013/2014,2014/2015,2015/2016 | (3*15*0,03)*3 = 4,05 |
| | Психодијагностика, летен семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | (3*15*0,03)*3 = 4,05 |
| | Психолошко советување и психотерапија, летен семестар 2013/2014, 2014/2015 | (4*15*0,03)*2 = 3,6 |
| | Психолошко советување и психотерапија, летен семестар 2015/2016 | (2*15*0,03) = 0,9 |
| | Психолошко советување и психотерапија, летен семестар 2016/2017, 2017/2018 | (6*15*0,03)*2 = 5,4 |
| | Психологија на стресот, зимски семестар 2016/2017 | (2*15*0,03) = 0,9 |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет (предавања)** | 5*1 = **5** |
| | Клиничка психологија, 2013/2014<br>Психодијагностика, 2013/2014<br>Психолошко советување и психотерапија,2013/2014<br>Психологија на мудроста, 2015/2016<br>Психологија на стресот, 2016/2017 | |
| **5.** | **Подготовка на нов предмет (вежби)** | 3*0,5 =**1,5** |
| | Клиничка психологија<br>Психологија на мудроста<br>Психологија на стресот | |
| **6.** | **Подготовка на нова предметна програма (втор циклус)** | 6*1 =**6** |
| | Развојни проблеми во детството и адолесценцијата<br>Развојни проблеми во возрасната доба и староста<br>Клиничка психологија<br>Здравствена психологија<br>Психологија на абнормалноста<br>Унапредување на менталното здравје | |
| **7.** | **Подготовка на нова предметна програма (трет циклус)** | 3*1= **3** |
| | Клиничка психологија<br>Клиничка здравствена психологија<br>Процена и третман на нарушувања на менталното здравје | |
| **8.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | Mind the Mind - Кампања на EFPSA за дестигматизација на менталните нарушувања - обука на волонтери за реализација на кампањата (раководител) - февруари 2018 | **1,5** |
| **9.** | **Консултации со студенти**<br>Број на студенти по година од 2013/14 до 2017/18: (221+248+ 282+ 271+ 227) x 0,002 | **2,5** |
| **10.** | **Ментор на дипломска работа** | 35*0,2=7 |
| **11.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура** | 5*0,3=**1,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | Кандидати: Димитринка Пешевска, Адмир Косоврасти, Фросина Ристовска, Димитри Чапканов, Љубица Лилиќ | |
| **12.** | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа** | 41*0,1 = **4,1** |
| **13.** | **Пакет материјали за предметите:**<br>Психодијагностика<br>Психологија на мудроста<br>Психологија на стресот | 3*1 =**3** |
| | **Вкупно** | **100,75** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија** | |
| 1.1 | **Naumova, K.** & Kitkanj, Z. (2018). Approach/avoidance personality traits as predictors of psychopathology in convicted offenders. *Psihologija (прифатен за објавување)* индексирано во Web of Science (JCR/WoS IF5=0.38) | 5,78 |
| 1.2 | Kitkanj, Z. & **Naumova, K**. (2018). Reinforcement sensitivity in reoffenders and violent offenders. *Journal of Special Education and Rehabilitation, 19*, 3-4 *(прифатен за објавување)* индексирано во Scopus, Ebsco | 5,4 |
| 1.3 | **Наумова**, **К.** (2018). Психолошката архитектура на посттрауматското стресно растројство. *Психологија: наука и пракtика*, II(3) | 4 |
| 1.4 | **Наумова, К.** и Поповски, М. (2015). Анксиозност поврзана со смртта: емоционални корелати и полови разлики. *Психологија: наука и практика*, I(2), 7-26. | 3,6 |
| 1.5 | **Наумова, К.** (2015).Фактори на ризик за хронична траекторија на посттрауматска адаптација. *Психологија: наука и практика*, I(1), 87-107 | 4 |
| 1.6 | Поповски, М. и **Наумова, К.** (2015). Стигматизација на лица со нарушено ментално здравје и контактите со нив кај студенти со различна професионална ориентација. *Психологија: наука и практика*, I(1), 27-45. | 3,6 |
| 1.7 | **Наумова, К.** (2014). Когнитивни модели на посттрауматски стрес. *Годишен зборник, 67,* 113-126. | 4 |
| 2. | **Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат-усна презентација** | |
| | Surbanovska, O., **Naumova, K.,** Frichand, A. (2018). *Divorce as risk factor of children's perception of parental rejection.* 7th International congress on interpersonal acceptance & rejection, 15-18.5.2018, Athens, Greece | 1 |
| | **Naumova, K.** & Popovski, M. (2014). *Correlates of Attitudes towards Old People*. Меѓународен научно-стручен собир: Теорија и практика во психологијата, 30.10-1.11.2014, Скопје, Р.Македонија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| | Surbanovska, O., **Naumova, K.,** Frichand, A. (2018). *Divorce as risk factor of children'sperception of parental rejection.* 7th International Congress on Interpersonal Acceptance & Rejection, 15-18.5.2018, Athens, Greece | 1 |
| | **Naumova**, K. & Popovski, M. (2014). *Correlates of Attitudes towards Old People*. Меѓународен научно-стручен собир: Теорија и практика во психологијата, 30.10-1.11.2014, Скопје, Р.Македонија | 1 |
| | **Вкупно** | **34,38** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности** | |
| | Член на стручна редакција на проектот *Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа*, на барање на Министерството за култура на Република Македонија, 2013-2015 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Егото и механизмите на одбрана"* од Ана Фројд, во издание на АРС студио, 2014 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Нормалност и патологија во детството"* од Ана Фројд, во издание на АРС студио, 2014 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Теоретски пристапи во психологијата"* од Мет Џарвис, во издание на АРС студио, 2014 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Фокус-групи"* од Ричард Кругер и Мери Ен Кејси, во издание на АРС студио, 2014 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Клучни концепти во управувањето со човечки ресурси"* од Џон Мартин, во издание на АРС студио, 2014 | 1 |
| | Стручна редакција на преводот на книгата *„Стрес, справување со стрес и здравје"* уредена од Сузан Фолкман, во издание на АРС студио, 2016 | 1 |
| | Рецензент на трудови во научните публикации:<br>- Proceedings, International Conference 20th Psychology Days in Zadar, University of Zadar, 2017<br>- Списание „Психологија: наука и практика", ISSN 1857-9825, 2015-<br>- Proceedings, International Conference on Theory and Practice in Psychology, Faculty of Philosophy, Institute of Psychology, Скопје, 2014 | 3 |
| **2.** | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>*Списание „Психологија: наука и практика", ISSN 1857-9825 2014-2017* | 1 |
| | **Главен и одговорен уредник на меѓународно научно/стручно списание**<br>*Списание „Психологија: наука и практика", ISSN 1857-9825, 2018-* | 3 |
| | **Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Теорија и практика во психологијата*, 30.10-1.11.2014, Скопје, Р.Македонија | |
| **3.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати за запишување на прв циклус студии на Филозофскиот факултет, 2013 | 0,5 |
| | Член на Дисциплинска комисија за одговорност на студентите на Филозофскиот факултет, 2013/2014 | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на постојни средства на Филозофски факултет, 2014/2015 | 0,5 |
| | Член на Поткомисија за самоевалуација на Филозофски факултет, 2016 | 0,5 |
| | Член на Поткомисија за изработка на нова студиска програма за прв циклус, 2016/2017 | 0,5 |
| | Член на Поткомисија за изработка на нова студиска програма за втор циклус, 2017/2018 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **18** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **100,75** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **34,38** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **18** |
| **Вкупно** | **153,13** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, претседател с.р.

2. Проф. д-р Благоја Јанаков, член с.р.

3. Проф. д-р Михајло Поповски, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ФИЛОЗОФИЈА НА РЕЛИГИЈАТА (шифра 60514) и ДРУГО (шифра 60517)

## НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, објавен на 13.IV 2018 година во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) : филозофија на религијата (60514) и друго (60517) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, бр. 04-690/7, донесена на X редовна седница, одржана на 6.VI 2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Иван Џепароски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Љубомир Цуцуловски, редовен професор во пензија на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Ана Димишковска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, имаме чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): филозофија на религија (60514) и друго (60517), во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Марија Тодоровска, доцент на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Марија Тодоровска е родена во Скопје, на 22 јануари 1987 година. Средно образование завршила во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје. Се запишала на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во учебната 2004/2005 година. На Институтот за филозофија дипломирала со просечен успех 9,98 во јули 2008 година.

Во учебната 2008/2009 година се запишала на двегодишните постдипломски студии (студии од втор циклус) на Институтот за филозофија, на групата Филозофија на религија. Студиите ги завршила со просечен успех 10.00. На 26 мај 2010 го одбранила магистерскиот труд на тема *Митот како света сказна* под менторство на проф. д-р Љубомир Цуцуловски и се стекнала со научниот степен магистер по филозофски науки.

Во октомври 2011 година го пријавила докторскиот труд на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Љубомир Цуцуловски. Докторската дисертација, на тема *Дијаболичнаӣа ӣрирода на свеӣоӣо*, ја одбранила на Филозофскиот факултет на 6.VI 2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Љубомир Цуцуловски (ментор), проф. д-р Мирко Ѓошевски, проф. д-р Иванчо Атанасовски, проф. д-р Ана Димишковска и доц. д-р Ристо Солунчев, стекнувајќи се со научниот степен доктор на филозофски науки.

Од 2008 до 2011 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за филозофија по предметите на проф. д-р Љубомир Цуцуловски (Увод во филозофија 1 и 2, Теории за религијата и Филозофија на религијата). Од август 2011 година била вработена како помлад асистент на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје по предметите: Увод во филозофија и Филозофија на религијата, а ги има одржувано вежбите по предметите: Увод во филозофија, Филозофија на религијата, Филозофија (општ курс), Филозофска антропологија, Аксиологија, Логика (општ курс), Филозофија на правото, Социологија на здравје и болест и Социологија на медицината.

На 24.X 2013 година била избрана за доцент по предметите: Увод во филозофијата, Теории за религијата, Филозофија на религијата и Филозофија (општ курс) на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, а на тоа работно место се наоѓа и сега. Последниот реферат за нејзиниот избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1060 од 2. IX 2013 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот, францускиот, италијанскиот, португалскиот, рускиот, шпанскиот и хрватскиот јазик, има пасивно познавање на германскиот јазик, основно познавање на латинскиот јазик и почетни знаења од модерниот стандарден арапски јазик.

Доц. д-р Марија Тодоровска се здобила и со напреден сертификат по етика на истражувањето (Advanced Certificate in Research Ethics), во рамките на двегодишната програма по биоетика и етика на истражувањето на Јунион греџуејт колеџ (Union Graduate College), САД и Универзитетот во Вилнус, Литванија, во мај 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ со бр. 1008 од 16.V 2011 година и бр. 1060 од 2.IX 2013 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филозофскиот факултет, доц. д-р Марија Тодоровска изведувала настава по следниве предмети на првиот циклус студии: Увод во

филозофијата (предавања и вежби), Онтологија (предавања и вежби), Филозофска терминологија (предавања и вежби), Филозофија (општ курс), Филозофија на религијата (предавања и вежби), Аксиологија (предавања и вежби), Теории за религијата (предавања и вежби).

На вториот циклус студии, доц. д-р Марија Тодоровска била носител на модулот Филозофија на религијата на постдипломските студии на Институтот за филозофија, кој ги опфаќа предметите: Историја на поимот *Бог* и Теории за природата на религијата, како и изборните предмети: Теории за божјото постоење и Теодикеја. Во рамките на студиите од вториот циклус, таа има изведувано настава по предметите: Теории за природата на религијата и Теории за божјото постоење. По сите предмети на првиот и вториот циклус таа има одржувано и редовни консултации со студентите.

Доц. д-р Марија Тодоровска исто така има дадено значителен придонес во осовременувањето на наставните содржини од подрачјата за кои е бирана, како во рамките на Филозофскиот факултет, така и на други високообразовни установи во рамките на УКИМ. Така, таа има воведено и осмислено неколку нови предмети (или има учествувано во нивното воведување заедно со други професори) и има подготвено нови наставни содржини и материјали за постојните предмети.

Освен наставно-образовната дејност во рамките на Филозофскиот факултет, доц. д-р Марија Тодоровска има учествувано и во повеќе школи и работилници (како раководител или учесник) организирани во соработка со Богословскиот факултет од Скопје, Филозофското друштво на Македонија и Здружението на класични филолози „Антика“. Таа, исто така, има организирано и спроведувано практична настава со студентите од областа на филозофската терминологија.

Доц. д-р Марија Тодоровска е ментор на 3 (три) дипломски труда, а има учествувано како член на комисија за оцена или одбрана на 20 (дваесет) дипломски трудови, 7 (седум) магистерски труда и 3 (три) докторски труда.

Детален приказ на активностите од областа на наставно-образовната дејност на доц. д-р Марија Тодоровска е даден во табелата изготвена во согласност со Анекс 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која е поднесена како прилог кон овој Извештај.

Врз основа на реализираните активности при вршење на наставно-научната дејност, кандидатката доц. д-р Марија Тодоровска има постигнато 95, 2 поени, што неколкукратно го надминува предвидениот минимум од 20 поени според критериумите дефинирани во член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот од последниот избор до денот на поднесувањето на пријавата, доц. д-р Марија Тодоровска има развиено богата и плодна научноистражувачка дејност. Така, таа има објавено 2 (две) монографии и вкупно 30 (триесет) труда, од кои 15 (петнаесет) во публикации (списанија и зборници) со меѓународен уредувачки одбор составен од членови од минимум пет земји, 5 (пет) труда во меѓународни публикации со уредувачки одбор со членови од помалку од пет земји, и десет

труда во домашни научни списанија и зборници од научни собири. Таа исто така има објавено (12) дванаесет апстракти во зборници од меѓународни конференции.

Насловите на трудовите и податоците за публикациите во коишто се објавени, распоредени во соодветните категории, се дадени во Анекс 2.

Во трудовите на доц. д-р Марија Тодоровска објавени во последните пет години се изложени опстојни и значајни анализи на различни проблеми од областа на филозофијата на религијата, теориите за религијата и биоетиката, со особен акцент врз феноменот на светото и неговата дијаболична природа, филозофско-религиските аспекти на митот и ритуалот, проблемот на злото и неговиот третман во филозофијата на религијата, апофатичкиот пристап во различните филозофско-религиски традиции, како и современите предизвици на биоетиката и биоетичкото образование.

Во овој извештај се издвоени неколку труда што ги одразуваат главните резултати до кои доаѓа кандидатката во своите истражувања на споменатите теми, а кои се објавени во научни публикации со меѓународен карактер.

Во трудот „Свето/профано, чисто/нечисто – дијалектичка контекстуализација“, *Konteksti, Prvi međunarodni interdisciplinarni skup mladih naučnika društvenih i humanističkih nauka, Zbornik radova*, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu, 2014, 471-485) доц. д-р Тодоровска ја проучува дијалектичката релација меѓу поимот на светото како основа на религијата и неговата дефинирачка спротивставеност со поимот на профаното, заедно со придружните дихотомии чисто/нечисто и забрането/дозволено. Во средиштето на анализата што ја изведува авторката е поставена нужноста на идејата за светото за фукнционирањето на религискиот култ, како и потребата за соодветен просторно-временски контекст за негова ритуализација. Доц. д-р Тодоровска настојува ја да покаже амбивалентната природа на светото (чистото), неговата зависност од профаното (нечистото и двојното табу) и начините на кои тие единствено можат да ја екстериоризираат својата природа и да дојдат во контакт во соодветните контексти.

Во трудот „Nepriopćivost numinoznog u teorii Rudolfa Ottoa“, (*Logos*, vol. 3, no. 1, 2015, 57-71), доц. д-р Тодоровска се занимава со анализа и толкување на концептот на нуминозното како централен поим во религиската теорија на Рудолф Ото, со кој се означува несоопштливата сила што ги проникнува фрагментите од светот, се раскрива низ различните појави и има исклучително влијание врз верникот, првенствено преку неговите специфични елементи, определени како mysterium tremendum и mysterium fascinans. Во овој труд доц. д-р Тодоровска ја застапува тезата дека иако идејата за нуминозното се промислува како нешто што не може да се дефинира, како своевиден „вишок” на значењето, таа сепак преставува исклучително важен факт во животот на верникот. Оттаму, имајќи ги предвид проблемите што произлегуваат од недостатокот на јазични изразувања на искуството за *светото* во поширокиот апофатички контекст, емоционалното доживување на homo religious се покажува како единствен начин за определување и објаснување на природата на нуминозното.

Во трудот „Being beyond Words: Some Apophatic Approaches before Plotinus“ (*Studia classica anniversaria - Прилози од меѓународната научна конференција одржана по повод 70 години од Институтот за класични студии, 22-23 ноември 2016, Скопје*, Филозофски факултет, Скопје, 2017, 351-362) доц. д-р Марија Тодоровска ги истражува историските корени на апофатичкиот (негативниот) пристап во филозофијата и во филозофијата на религијата, кој подразбира воздржување од вообичаената употреба на зборовите при говорот за вишата реалност или за божественото, односно ја отфрла афирмативната употреба на именките и придавките во дискурсот

за оваа сфера и инсистира единствено на нивна негативна примена. Во суштината на овој пристап лежи претпоставката дека јазикот е немоќен да ја изрази и именува реалноста што е супериорна во однос на профаниот, сетилно достапен свет, која е неискажлива, па дури и отаде неискажливоста, и која во различни теориски и историски контексти се сфаќа како Битие, врховна реалност, област на светото, божественост или Бог што ги надминува човековите капацитети за разбирање и дефинирање. Во овој труд, доц. д-р Тодоровска дава опстојна и детална критичка анализа на апофатичките аспекти присутни во дел од Платоновите дијалози, како и во делата на Филон Александриски и Басилид, прецизно артикулирајќи ги сличностите и разликите во перспективите на овие автори и проследувајќи ги нивните пошироки филозофски импликации.

Трудот „The Concept of the Logos in Philo of Alexandria, Clement of Alexandria, and Origen“, *Systasis* 29 (2016) (http://www.systasis.org/pdfs/systasis_29_4.pdf) е посветен на изложување и критичка елаборација на сфаќањата за Логосот кај Филон Александриски, Климент Александриски и Ориген, во рамки на обидот да се покаже обилноста и сложеноста на онтолошко-религиските концепции кај овие автори. Суптилните и обилно документарно поткрепени анализи на доц. д-р Тодоровска во овој труд даваат увид во комплексниот процес на трансформација на некои од клучните концепти на античкото мисловно наследство (како што е, на пример поимот на логосот) при нивното инкорпорирање во христијанската религиска и филозофска традиција.

Во трудот „Краток вовед во некои аспекти на потеклото на ’инкарнирано зло’“ (*Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, vol. 70, Скопје (2017), 53-65), доц. д-р Тодоровска нуди преглед и анализа на сфаќањата за потеклото на злото во неколку религиски традиции, истражувајќи ги концептите на дуализмот и спротивставеноста на доброто и на злото. Притоа, особено внимание им посветува на објаснувањата што во рамките на истражуваните религиски традиции се нудат во поглед на тоа како или зошто настанало злото и како да се објасни, односно оправда гревот како компонента на човековото однесување. Една од клучните идеи што се елаборираат во овој труд е идејата за небеското потекло на инкарнираното зло, во форма на отфрлени ангели, демони и ѓаволот, како божји производ, кој станува активен и намерно злобен непријател, пречка и спротивставен дејствител, непријател на божјата добрина. Врз основа на изведените анализи, доц. д-р Тодоровска доаѓа до заклучокот дека обвинувањето на инкарнираното зло (демони, ѓаволи) за правењето зли дела, како нешто што потекнува однадвор, како нешто непознато и моќно отаде границите на нашето искуство, е постојано присутно во рамките на анализираните религиски традиции, но дека таквиот пристап, иако нуди еден можно објаснување за потеклото за злото и морално лошото поведение, не дава задоволителен одговор на прашањето за оправдувањето на грешниците.

Трудот „The Scapegoat: Ritual, Mechanism, Significance“, (*Context/Контекст – Review for Comparative Literature and Cultural Research*, 16 (2017), 49-65) е посветен на анализата на феноменот на „жртвениот јарец“ во различните митолошко-ритуални практики, третиран од аспект на филозофијата на религијата, антропологијата, но и на книжевната фикција и други уметнички форми. Основната идеја во рамките на ритуалот на „жртвениот јарец“ е потребата од искупување во фукнција на прочистување од гревовите и злото, преку жртвата одбрана да ги преземе врз себе гревовите на колективот и протерана надвор од безбедниот свет на групата. Во овој труд, доц. д-р Тодоровска го анализира феноменот на жртвата низ призмата на т.н. миметичка теорија на Рене Жирар, која акцентот го става врз идејата за „одбраниот виновник“ кој се третира како фокусна точка на конфликот и на насилството присутни во рамките на заедницата, но истовремено и како спасител од нив. Овие теориски концепти доц. д-р Тодоровска на оригинален и инспиративен начин ги поврзува со анализите на некои од филозофски најрелевантните книжевни дела во кои се среќава

мотивот за невината жртва врз чие страдање се гради среќата на колективот и се навестуваат сложените етички импликации на оваа идеја – романот *Браќа Карамазови* на Фјодор Достоевски и расказот *Оние што си заминуваат од Омелас* на Урсула Л'Гуин.

Трудот „Bioethics Education: Integrative Sense and Bioethical Sensibility", (*IJERT* 3 (2017), 59-66) е посветен на истражување на перспективата на интегративната биоетика, сфатена како интердисциплинарно подрачје на рефелексија за импликациите од прогресот во сферата на природните науки, технологијата и биомедицината, како и за опасностите што тој може да ги донесе. Во овој труд, авторката ја аргументира потребата од развивањето на биоетичкиот сензибилитет не само кај личностите што професионално се занимаваат со дисциплините релевантни за биоетичките истражувања, туку како дел од општата интелектуална и етичка култура на современиот човек. Еден од најважните инструменти за остварување на оваа цел, според доц. д-р Тодоровска, е широкото биоетичко образование чија цел е градење на личности со највисоки морални квалитети, кои суштински и систематски се грижат за формите и проблемите на животот во сите негови манифестации. Комбинирајќи ги идеите на Ван Ранселар Потер, Павао Вук-Павловиќ и Фриц Јар, доц. д-р Тодоровска развива оригинален поглед врз перспективите на биоетичкото образование како мост кон иднината во која образувањето на карактерот е фундаменално за развојот на човековата свест и етичка чувствителност.

Во последните пет години доц. д-р Марија Тодоровска има објавено 2 (две) монографии што произлегуваат од нејзините истражувања поврзани со изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација, а кои се однесуваат на тематиката на научните дисциплини за кои е бирана: *Митот како света сказна,* (Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2015), и *Дијаболичната природа на светото,* (Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2016).

Во книгата *Митот како света сказна* главна тема е онтолошката и аксиолошка супериорност на митот за примордијалните заедници кој за нив претставува основа на религиските верувања, а со тоа и на социјалното уредување и интерперсоналните односи и начини на однесување кон стварноста. За религиозните луѓе од примордијалните заедници, митот е моќен, перформативен, преку него се реактуализира иницијалната светост на светот, а со тоа се гарантира безбедноста на космосот на верниците. Во контекст на ова верување доминира теоријата за митот како света сказна, но делото нуди и широкоопфатен историско-проблемски пристап кон различните разбирања на митот во западната мисла. Со текот на времето светоста на митот опаѓа и религиозниот човек сè повеќе живее во десакрализиран свет. Но, митовите и ритуалите што иницијално биле уредувачи на стварноста, а потоа постапно ја изгубиле својата важност сепак продолжуваат да постојат, како сказни со опаднатата светост или „маскирани" ритуални практики. Така, во ова дело, доц. д-р Тодоровска се осврнува и врз статусот на митот во современиот свет, сфатен како „десакрализирана" светост или преобразена форма на раскажување, прикажувајќи ги начините на одржувањето на митовите, и покрај тенденцијата на опаѓање на верувањето на светото како доминантно и супериорно наспроти профаното. Преживувањето на митовите е разгледано низ нивното опаѓање преку евхемеризмот и алегоризацијата, како и преку нивното пренаменување во христијанството и нивната употреба во уметноста.

Монографијата *Митот како света сказна* претставува мошне значаен прилог во областа на теориите за потеклото и за природата на религијата и, поконретно, на теориите за светото од областа на филозофијата на религијата. Широкоопфатниот и јасен преглед на теоријата за митот како света сказна, преку компарации со други системски пристапи, а со користени бројни изори од клучните автори од областа на повеќе странски јазици, на македонската читателска стручна и широка јавност

ѝ нуди можности за подобро разбирање на основите на религијата, како и начините на кои митското мислење проникнува и во современиот свет.

Во делото *Дијаболичната природа на светото* доц. д-р Тодоровска ја разработува теориската позиција според која светото лежи во потеклото и во суштината на религиските феномени, при што примарниот аспект на светото и чувството за него се согледуваат низ призмата на она што авторката го нарекува „дијаболична природа на светото“. Дијаболичноста во оваа смисла не е разбрана како некаква ѓаволска, сатанска карактеристика на изопаченост и деструктивност, туку како „силна и детерминирачка амбивалентност, како инхерентно повеќезначна и тензична природа, како збир на спротивставености, како нешто кое истовремено привлекува и одбива, кое утешува и се заканува, кое твори, организира, но и ограничува и потенцијално уништува.“ Д-р Тодоровска ја застапува тезата дека дијаболичноста е категорија која е нужна и неразделна карактеристика на светото, и е поспецифична и поопределувачка категорија од амбивалентноста, зашто „додека сè што е дијаболично е амбивалентно, не сè што е амбивалентно е дијаболично“. Во оваа монографија, дијаболичната природа на светото се разгледува низ три главни теории, развиени од страна на тројцата водечки теоретичари на религијата и конкретно на областа на светото, кои сметаат дека светото е централна категорија на секое религиско верување: Емил Диркем, Рудолф Ото, и Мирча Елијаде. Покрај теориите на овие тројца мислители, разработени се и гледиштата на низа други автори што отелотворуваат алтернативни пристапи од областа на теориите за религијата и културната антропологија. Доц. д-р Тодоровска го финализира ова дело со аргументирањето во прилог на тезата дека идејата и чувството на светото се клучни не само за разбирањето на религискиот феномен, туку се нужни во човековата култура воопшто. Според својата тематика, начинот на нејзината разработка, богатството на документарната подлога, критичките анализи и синтези, ова дело претставува оригинален прилог кон македонската филозофска мисла, особено на планот на филозофијата на религијата, област од филозофијата за која во Република Македонија многу малку е пишувано.

Значаен сегмент од научноистражувачката работа на доц. д-р Марија Тодоровска во изминатиот период се и нејзините учества на конференции со меѓународен и домашен карактер одржани во земјава или во странство (Грција, Бугарија, Полска, Израел, Хрватска), на кои ги презентира резултатите од своите истражувања. Така, таа има учествувано на дваесет меѓународни и пет домашни научни конференции (целосните податоци се дадени во Анекс 2), од кои посебно можат да се издвојат: XXIII светски филозофски конгрес на тема Philosophy as Inquiry and Way of Life, 4-10 August 2013, Athens, Greece, Invited Session „Bioethical Dialogue in South-Eastern Europe“, со презентација на тема „Developing Bioethics and Research Systems in Macedonia“; конференцијата Cultural Memory – Annual Conference of the Center for Culture and Cultural Studies, 5-7.9.2013, Skopje, со презентација на тема „Rituals and Memory – an Exploration of Primordial Religious Phenomena and the Persistence of the Sacred in the Modern World“; симпозиумот на Хрватското филозофско друштво, Integrativno mišljenje i nova paradigma znanja, 28-30. 11. 2013, Zagreb, Croatia, со презентација на тема „Principi pravednosti i solidarnosti u etici istraživanja – integrativna bioetika kao orijentacijska podloga“; конференцијата на Израелското здружение за проучување на религијата Sacred Scriptures – Their Nature and the Place in Religions, Bar Ilan University, 11-12 March 2018, Ramat Gan, во коавторство со проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, со презентација на тема „The Collection of Sacred Books According to the Fourth Book of Ezra“; конференцијата Apotropaic Customs and Objects in the Civilisations of the World, Centre for Comparative Studies of Civilisations, 5-7. 05. 2017, Krakow, Polska со презентација на тема „Apotropaic Mechanisms and Divinities in Ancient Greek Belief“.

Доц. д-р Марија Тодоровска била ментор на 2 (два) магистерски труда, национален

координатор на еден меѓународен научен проект (CEEPUS Philosophy and Interdisciplinarity) и учесник во еден национален проект („Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“). Таа одржала четири предавања по покана од областа на филозофијата на религијата на Универзитетот во Загреб, како референтен универзитет во странство.

За обемот и интензитетот на научноистражувачката дејност на д-р Марија Тодоровска уверливо сведочи бројот на постигнати поени - 213,8, кој многукратно го надминува минимумот од 20 поени за овој тип активност предвидени според Правилникот за избори.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во изминатиот петгодишен период, д-р Марија Тодоровска, покрај наставната и научноистражувачката дејност, има развиено и богата стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес.

Автор е на 6 (шест) прикази и осврти на филозофски дела и настани, објавени во домашни и меѓународни списанија; стручен редактор на преводи на 7 (седум) дела од англиски на македонски јазик во рамки на проектот „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“; рецензент на 4 (четири) статии од зборници на текстови од научни конференции и на една 1 (една) статија во списанието *Human Affairs: Postdisciplinary Humanities and Social Sciences Quarterly*, во издание на Institute for research in social communication, Slovak academy of Sciences, Bratislava.

Доц. д-р Марија Тодоровска, исто така, е уредник на научното списание *Филозофска трибина* и на меѓународното научно списание *Филозофија/Filozofija – A Journal of Philosophical Inquiry*. Член е на уредувачкиот одбор на меѓународното филозофско списание *Filozofska istraživanja* (2013-), како и член на младиот уредувачки одбор (Junior editorial board) на меѓународното филозофско списание *Synthesis philosophica* (2008-).

Таа се јавува како уредник на 2 (два) зборника на трудови од научни собири како член на организационен одбор на 9 (девет) меѓународни научни собири, и претседател на организацискиот и програмскиот одбор на 5 (пет) студентски конференции (2014-2018) што ги организира Институтот за филозофија. Доц. д-р Тодоровска активно учествува и во изготувањето и пријавувањето на 1 (еден) научноистражувачки национален проект („Теориска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус на предмети (филозофија, етика, логика, естетика) за средно образование“, УКИМ, 2017-2018) и 2 (два) меѓународни проекта (Erasmus+ Strategic Partnerships, проект со наслов „Fostering Accessibly Study Technologies (FAST): Accessible Learning Management System in Humanities and Social Sciences”) и „Promoting Responsible Research and Innovation for the Mediterranean and East European countries” (COST OC-2016-2-21756)). Од 2014 до 2017 година, доц. д-р Тодоровска дава свој придонес во промотивните активности на Филозофскиот факултет преку учеството во настанот „Отворен ден на Филозофскиот факултет“, а членува и во повеќе факултетски комисии и тимови – Техничко-електронска комисија за уписи (2013), Тим за изработка на веб страницата на Филозофскиот факултет (2014) и член на комисијата за односи со јавноста на Филозофскиот факултет (2017 -).

Доц. д-р Марија Тодоровска, во рамките на своите активности од областа на биоетиката и биоетичките истражувања, учествувала и во експертската евалуација на законите и телата поврзани

со истражување врз човечки субјекти во Р Македонија.

Преку стручно-апликативната дејност, за која целосните податоци се прикажани во Анекс 2, доц. д-р Марија Тодоровска остварила вкупно 50 поени, со што многукратно го надминува предвидениот минимум од 5 поени според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Доц. д-р Марија Тодоровска, во учебната 2014/2015 и во учебната 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личниот увид во работата на кандидатката, Рецензентската комисија мошне позитивно ја вреднува и ја оценува целокупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативната дејност на доц. д-р Марија Тодоровска, за кои има остварено вкупно 359 поени по сите основи.

Имајќи ги предвид податоците за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Марија Тодоровска поседува врвни научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, не само што ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области со кои се занимава, туку, кумулативно, многукратно ги надминува бараните поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи д-р Марија Тодоровска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научните области (дисциплини): филозофија на религијата (шифра 60514) и друго (шифра 60517).

Рецензентска комисија

Проф. д-р Иван Џепароски с.р.

Проф. д-р Љубомир Цуцуловски с.р.

Проф. д-р Ана Димишковска с.р.

**Анекс 2**

**ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марија Илија Тодоровска**__________________

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет, Институт за филозофија**

(назив на факултет/институт)

**Научни области:** **филозофија на религијата (шифра** 60514**) и друго (шифра** 60517**)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување на настава** | **Поени** |
|---|---|---|
| | - Одржување настава во прв циклус студии:<br>▪ Увод во филозофија: 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во зимски семестар по 4 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 5 семестри изнесува 12,0.<br>▪ Онтологија: 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во зимски семестар по 4 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 5 семестри изнесува 12,0.<br>▪ Филозофска терминологија: 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во зимски семестар по 2 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 5 семестри изнесува 6,0.<br>▪ Филозофија (општ курс): 2013/2014 во зимски семестар по 2 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 1 семестар изнесува 1,2.<br>▪ Филозофија на религија: 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во зимски семестар по 4 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 3 семестри изнесува 7,2.<br>▪ Филозофија на религија: 2013/2014 во летен семестар по 4 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 1 семестар изнесува 2,4.<br>▪ Аксиологија: 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во летен семестар по 2 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 5 семестари изнесува 6,0.<br>▪ Теории за религијата: 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 во летен семестар по 4 часа неделно во тек на 15 недели во тек на 3 семестри изнесува 7,2. | 54,066 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: 12,0+12,0+6,0+1.2+7,2+2,4+6,0+7,2=54,0<br><br>Одржување настава во втор циклус студии:<br>▪ Теории за природата на религијата: вкупно 15 часови (15:15=1)*0,05=0,05.<br>▪ Теории за божјото постоење: вкупно 5 часови (5:15=0,33)*0,05=0,016.<br>Вкупно: 0,05+0,016=0,066. | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Настава во школи и работилници** | **Поени** |
| 1. | „Посредувања и полилози“, Богословско-филозофски научен колоквиум (Богословски факултет – Институт за филозофија, Филозофски факултет), 2014/2015 година, Скопје – раководител. | 1,5 |
| 2. | „Православната педагогија како предмет на педагошка анализа“ во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, февруари 2014 – учесник. | 1,0 |
| 3. | „Проблемот на злото кај Платон“, во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, март 2014 – учесник. | 1,0 |
| 4. | „Самоценење vs. самоконтрола: по потрага по психолошките причини за позитивни исходи во животот“, во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, декември 2014 – учесник. | 1,0 |
| 5. | „Македонската богословско-филозофска терминологија“, во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, декември 2014 – учесник. | 1,0 |
| 6. | „Параболата и старозаветната мудрост“, во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, декември 2014 – учесник. | 1,0 |
| 7. | „Нови македонски херои – Св. Климент Охридски“,во рамките на Богословско-филозофскиот научен колоквиум „Посредувања и полилози“, Скопје, декември 2014 – учесник. | 1,0 |
| 8. | Работилница „Терминот hyle во контекст на Аристотеловата филозофија - преводни предизвици, дилеми, решенија“, Филозофско друштво на | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија и Здружение на клсаични филолози „Антика“, Филозофски факултет, март 2016 – учесник. | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување на теренска настава** | **Поени** |
| 1. | Дополнување на одредниците од областа на филозофијата на Wikipedia на македонски јазик во 2014/2015 – 15 часови и изнесува о,04. | 0,04 |
| 2 | Филозофска терминологија – дополнување на филозофскиот македонски речник во 2015/2016 и 2016/2017 – вкупно 2*15=30 часови и изнесува 0,08. | 0,08 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување на вежби од прв циклус студии** | **Поени** |
| 1. | ▪ Увод во филозофија во зимскиот семестар во 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 5 семестри изнесува 4,5.<br>▪ Онтологија во зимскиот семестар во 2013/2014, 2014/2015, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 2 семестри изнесува 1,8.<br>▪ Филозофска терминологија во зимскиот семестар во 2013/2014, 2014/2015, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 2 семестри изнесува 1,8.<br>▪ Филозофија на религија во зимскиот семестар во 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 3 семестри изнесува 2,7.<br>▪ Филозофија на религија во летниот семестар во 2014/2015 година, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 1 семестар изнесува 0,9.<br>▪ Аксиологија во летниот семестар во 2014/2015 година, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 1 семестар изнесува 0,9.<br>▪ Теории за религијата во летниот семестар во 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, 2 вежби неделно, 15 недели во семестар во тек на 4 семестри изнесува 3,6.<br>Вкупно: 4,5+1,8+1,8+2,7+0,9+0,9+3,6=16,2 | 16,2 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Консултации со студенти** | **Поени** |
| 1. | Консултации со студенти во учебната 2013/2014:<br>- 220 студенти во зимски семестар – 220*0,002=0,44;<br>- 35 студенти во летен семестар – 35*0,002=0.07. | 1,12 |

| | | |
|---|---|---|
| | Консултации со студенти во учебната 2014/2015:<br>- 50 студенти во зимски семестар 50*0,002=0,10;<br>- 35 студенти во летен семестар 35*0,002=0.07.<br>Консултации со студенти во учебната 2015/2016:<br>- 50 студенти во зимски семестар 50*0,002=0,10;<br>- 35 студенти во летен семестар 35*0,002=0.07.<br>Консултации со студенти во учебната 2016/2017:<br>- 50 студенти во зимски семестар 50*0,002=0,10;<br>- 35 студенти во летен семестар 35*0,002=0.07.<br>Консултации со студенти во учебната 2017/2018:<br>- 50 студенти во зимски семестар 50*0,002=0,10. | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Подготовка на нов предмет** | **Поени** |
| | Подготовка на предавања и вежби<br><br>Студии прв циклус<br>Религијата и родот: 1,5<br>Филозофија: 1,5<br><br>Студии втор циклус<br>Филозофија на религија – Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“: 1,5<br>Филозофија на религија – Интеррелигиски студии, Филозофски факултет : 1,5<br><br>Студии трет циклус<br>Религијата и моралот – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (со проф. д-р Љубомир Цуцуловски) : 1,5<br>Филозофија и религија – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (со проф. д-р Љубомир Цуцуловски): 1,5 | 9,0 |

| | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Ментор на дипломска работа** | **Поени** |
| 1. | Ментор на три кандидати | 0,6 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Член на комисија за оцена и одбрана на докторат** | **Поени** |
| 1. | Три кандидати | 1,5 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура** | **Поени** |
| 1. | Седум кандидати | 2,1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **Поени** |
| 1. | Дваесет кандидати | 2,0 |
| | **Вкупно** | **95,2** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Ментор на магистерска работа** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Два кандидата | 2.0 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста: Национален координатор на меѓународен научен проект** | **Поени** |
Кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска е родена на 8.XI 1973 год., во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во гимназијата „Ј. Б. Тито“ (1991/1992 год.), културолошка насока, како особено талентиран ученик и стипендист на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, со континуирано одличен успех во сите години и по сите наставни предмети. Била добитник на повеќе општински, градски и републички награди, меѓу кои и наградата „13 Ноември“ на град Скопје. Дипломирала на Филозофскиот факултет, Институт за класични студии во Скопје, на 14. IX 1998 год., со просечен успех 9,60.

Како стипендист на Министерството за наука на Република Македонија, во учебната 1998/1999 год., се запишала на две различни групи на магистерски студии – на Институт за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

Почнувајќи од 15. III 2002 год., работела како помлад асистент-истражувач во Лексикографскиот центар на Македонската академија на науките и уметностите, каде што учествувала во реализацијата на проектите Македонска научна и стручна терминологија и „Македонска енциклопедија“, здобивајќи се со значајно лексикографско искуство. Имено, била редактор на 6 објавени томови на „Македонската научна и стручна терминологија“ (том 108, 109, 110, 111, 112 и 113) и била стручен соработник и автор на голем број одредници во *Македонската енциклопедија* за античката историја на Македонија. Напоредно, апсолвирала на Институтот за класични студии и ги завршила постдипломските студии во ЈНУ Институт за национална историја, на студиското подрачје: історија на Македонија и македонскиот народ од праисторијата до 1371 год., со просечен успех 10,00.

На 9. XII 2005 год. го одбранила магистерскиот труд на тема „Раната историја на Македонското Кралство (707/6–454 год. пред н.е.)“. Потоа, на 15. VI 2006 год. била избрана во звањето асистент-истражувач во Македонската академија на науките и уметностите од страна на Рецензентската комисија во состав: акад. Блаже Ристовски, акад. Георги Старделов и акад. Петар Хр. Илиевски. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* бр. 1096, од 16. III 2015 год.

Докторска дисертација на тема „Македонското Кралство како балкански фактор (454–359 год. пред н.е.)“ пријавила на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, а по објавениот конкурс за асистенти-истражувачи од март 2011 год., преминала на работа во овој Институт, во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година). Дисертацијата ја одбранила на 26. IV 2012 год., пред Комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова (ментор), проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Митко Панов, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Марјан Јованов. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по историски науки, а на 27. VI 2012 год. била избрана во звањето научен соработник/доцент во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја од страна на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Митко Панов. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* бр. 1032, од 31. V 2012 год., каде се презентирани резултатите од нејзината дотогашна научно-истражувачка работа со вкупно тринаесет излагања на национални и меѓународни научни собири, како и дваесет објавени статии и студии во земјата и странство, со вкупно 144 бодови. Во меѓувреме, пак, по покана и согласност од ИНИ, предавала и на прв циклус студии по предметите Античка Македонија I и Античка Македонија II на Факултетот за образовни науки – Историја со археологија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (2012–2015).

На 29 април 2015 година била избрана во звањето виш научен соработник/ вонреден професор од страна на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Митко Панов и проф. д-р Ирена Стефоска. Рефератот за избор е објавен во *Билтен* бр. 1096, од 16.III 2015 год., каде што се презентирани резултатите од нејзината дотогашна научноистражувачка работа со една монографија, десет излагања на национални и меѓународни научни собири, како и десет објавени научни трудови објавени во земјата и во странство, со вкупно 110,9 бода.

Освен професионалното познавање на старогрчкиот и латинскиот, кандидатката одлично ги владее англискиот и рускиот јазик, а има солидни познавања од старословенскиот и италијанскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во *Билтен* бр. 895 од 14. IV 2006, бр. 1032 од 31. V 2012 год. и бр. 1096, од 16. III 2015 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Научноистражувачка дејност

По последниот избор, проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска има објавено вкупно 12 научни трудаови, од кои: 1 монографија, 7 труда со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународна редакција и 4 труда во зборници од меѓународни научни собири.

Од објавените научни трудови, од посебно значење е нејзината монографија *Пердика II: политика на војна и мир*. Во македонската историографија има релативно малку истражувања за историја на Македонското Кралство од времето на владеењето на македонскиот крал Пердика II (454–413 г. пр. н.е.), а постојните историски извори за овој период од македонското минато се мошне скудни, сложени за расчитување, со многу текстуални и хронолошки аномалии. Само мал дел од нив се преведени и на македонски јазик, со кратки критички коментари, па оваа монографија всушност претставува прва критичка монографска обработка на овој период од македонското минато. Во истражувањата е пристапено со сеопфатен систематски преглед на целокупната достапна граѓа, постојните историски извори и постојната литература на балканските и светските јазици. Со тоа, проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска целосно ја остварила поставената цел на еден така комплексен и сложен научен предизвик. Со хронолошкиот методолошки пристап, придружниот илустративен материјал, посебно историските карти, низ бројни и обемни тематски целини, во монографијата е даден успешен преглед на сета комплексност на општествено-политичкиот и културниот живот на Македонското Кралство. Сите обработени настани и ликови се критички истражени и научно коментирани, па монографијата дава аргументирана и достојна обработка на поставената тема. Оформена во хомогена и синтетичка целина, оваа монографија претставува мошне значајна афирмација на македонската историска вистина во домашната и светската јавност.

Останатите студии и статии, објавени во релевантни списанија, се резултат на комплексни истражувања за разни фундаментални и посебно значајни, но недоволно истражени теми од минатото на античка Македонија. Тоа се трудовите со оригинални научни резултати објавени во научни списанија: „Лебот и брашното во обичаите на античките Македонци: паралели со подоцнежната македонска традиција“ (*Филолошки студии*, год. XIII, бр. 1, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2015, 1-12, http://www.philologicalstudies.org), „Празникот Ксантика кај античките Македонци“ (*Филолошки студии*, год. XIV, бр. II, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2016, 1-11, http://www.philologicalstudies.org), „Антиката во Македонија во записите на Кузман Шапкарев“ (*Образ – мит – текст*, Годишник на асоцијация „Онгъл“, том 14, год. X, София, 2016, 21-33), „Macedonian King Caranus: among the Myth, History and Tradititon“ (*Гласник на ИНИ*, год. 61, бр. 1, Скопје, 2017, 29-40), „Стратегиското значење на преминот Девет патишта на реката Стримон во антиката“, (*Историја*, год. LII, бр. 2, Скопје, 2017, 7-32), „Ancient Macedonians and Greeks: between the Identity and Civlization Aspirations“ (*Studia Środkowoeuropejskie i Bałkanistyczne*, „Ancient Macedonians and Greeks: between the Identity and Civlization Aspirations“, *Studia Środkowoeuropejskie i Bałkanistyczne*, tom XXVI, pod redakcja Jana Machnika i Ireny Stawowy-Kawki, Polska Akademia Umiejętności, Kraków, 2017, 281-291) и „Пердика II и Брасида: походот во Линкестида (*Review of the Institute of History and Archaeology*, vol. 4, Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Штип, 2017, во печат). Освен тоа, во рамките на научноистражувачката дејност на кандидатката значајни се и нејзините научни трудови објавени во зборници од научни собири: „Политика на војна и мир: Пердика II и Пелопонеската војна“ (Меѓународна научна конференција *Балканот: луѓе, војни и мир*, Материјали од меѓународната научна

конференција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја Скопје, 4–5 ноември 2013, Скопје, 2015, 13-23), „Александридата во светската традиција“ (*Македонија – Полска, историја, култура, јазик, медиуми*, Скопје, 2015, 171-177), „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република Македонија“ (Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола 10-11 ноември 2017, 174-181) и „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“ (Зборник на трудови од Седмиот меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола 19-20 мај 2017, во печат).

Во склопот на нејзината мошне богата научноистражувачка дејност треба посебно да се нагласи и нејзиното учество со студиозни реферати на седум меѓународни научни собири и конференции во земјата и во странство. Тоа се: „Празникот Ксантика кај античките Македонци“ (Прва меѓународна научна конференција *ФИЛКО - Филологија и образование*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Воронешки државен универзитет – Русија, Штип, 18-19 март 2016), „Култот на сонцето кај античките Македонци“ (Меѓународен научен симпозиум *Етнология и филология*, Десети цар – Шишманови дни в Самоков, Тридесет и шести научни четения на асоцијация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, Самоков, Бугарија, 30 септември-2 октомври 2016), „Античките Македонци и Хелените: помеѓу идентитетот и цивилизациските стремежи“ (Меѓународен научен собир *Tożsamość i samoidentyfikacja bałkańskich narodów, mniejszości etnicznych i religijnych po rozpadzie Jugosławii. Historia – polityka – kultura – język – media* (*The identity and self-identification of the Balkan nations and ethnic and religious minorities after the break-up of Yugoslavia: history, politics, culture, language and the media*), Komisja Środkowoeuropejska Polskiej Akademii Umiejętności, Instytut Nauk Politycznych i Stosunków Międzynarodowych Uniwersytetu Jagiellońskiego oraz Instytut Politologii Uniwersytetu Pedagogicznego im. Komisji Edukacji Narodowej w Krakowie, Краков, 12-13 октомври 2016), „Македонскиот крал Каран: помеѓу митот, историјата и традицијата“ (Меѓународна научна конференција *70 години Институт за историја / 70 години македонска историографија*, Филозофски факултет, Скопје, 13-14 декември 2016), „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“ (Седми меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола 19-20 мај 2017), „Митовите, стереотипите и мистификациите за Александар III Македонски“ (Единаесети международни Цар-Шишманови дни в Самоков [Триесет и седми научни четения на Асоцијација „ОНГЪЛ“] *Митове – Стереотипи – Мистификации*, Самоков, Р. Бугарија 29 септември – 1 октомври 2017) и „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република Македонија“ (Меѓународна научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола 10-11 ноември 2017). Сите овие истражувачки резултати, презентирани на значајни научни собири, го дорасветлуваат мозаикот и документирано го афирмираат далечното минато на античка Македонија пред современата научна јавност.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска изведувала настава на втор циклус студии по наставните предмети: Историја на античка Македонија, Извори за историјата на античка Македонија, Државното уредување на античка Македонија, Античка дипломатија и Историја на митовите, култовите и религиите на античка Македонија на студиската програма „Историја

на античка Македонија“ при ЈНУ Институт за национална историја, Митологија на античките Македонци и словенска митологија на студиската програма „Историја на религиите“ при ИНИ, Историја на културата на античките Македонци на студиската програма „Историја на културата на Македонија“ при ИНИ, како и на трет циклус студии по наставните предмети Историја на културата на Македонија, Материјалната култура и уметноста на Македонија и Културно-историски специфики на античките Македонци на студиската програма „Културна историја на Македонија“ при ИНИ. Кандидатката е акредитиран ментор на студиската програма од втор циклус - Историја на Македонија и на студиската програма од третиот цикус Културна историја на Македонија.

Во најновата студиска програма за втор циклус -Историја на Македонија при ИНИ, кандидатката учествувала во подготовката на нови наставни предмети: Вовед во историјата на античка Македонија и Војска и вооружување во антиката. Исто така, учествувала во подготовката на новиот наставен предмет Културно-историски специфики на античките Македонци на трет степен студии на студиската програма Културна историја на Македонија при ИНИ, како и наставните предмети Историска географија на античка Македонија, Раната историја на Македонското Кралство (707/6-359 год. пр. н.е.) и Античкиот македонски ентитет според историските феномени на трет степен студии на студиската програма „Историја на Македонија“ при ИНИ.

Во рамките на докторските студии при ИНИ, кандидатката учествувала во работилница како ментор на темата „Соларната симболика на накитот од железното време на територија на Р Македонија“ од кандидатката м-р Александра Чевреска, докторанд на студиската програма Културна историја на Македонија при ИНИ (11.5.2017 год) Исто така, таа била член на Комисијата за подобност на магистерската 〃Модерни интерпретации на античките автори како современи гледишта за античките Македонци“ од кандидатот Валентин Јанкоски.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска била активно вклучена во стручно-апликативната работа на ЈНУ Институт за национална историја, разни стручно-научни комисии и работни групи и пројавувала особена активност во дејностите од поширок научен интерес. Меѓу другото, остварила значаен истражувачки студиски престој во Атина (Република Грција) во Американската школа за класични студии (American School for Classical Studies) во периодот од 1.12. - 6.12. 2016 год. Од јануари 2017 година, таа е и раководител на Одделението за античка и средновековна историја (до 1371 год.) при ИНИ.

Освен тоа, по покана и согласност од ИНИ, кандидатката проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска ги предавала наставните предмети: Античка Македонија I, Античка Македонија II, Историја на стариот Рим, Историја на стариот век и Стар век I (Стар Исток и Хелада) на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки – Историја со археологија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во учебните години од 2015–2017 год. Притоа, била ментор на дипломските трудови: „Македонија и римскиот империјализам“ (од кандидатот Марјан Бучков, студент на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија) и „Етничките обележја на античките Македонци“ (од кандидатот Ивана Талимџиоска, студент на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија).

Кандидатката била и секретар на Редакцијата на списанието *Гласник на Инс̄шӣтӯшо̄ш за национална ис̄шорија* со меѓународна редакција (бр. 59, 2015 год), член на

рецензентските комисии за избор во звање на: Стефан Пановски (избор во звањето научен соработник/доцент), Александра Папазовска-Санев (избор во звањето научен соработник) и Славица Бабамова (избор во звањето научен соработник), рецензент на научната монографија *Античка Македонија: историска и културолошка контекстуализација во општата историја на Диодор* од доц. д-р Наталија Поповска, како и рецензент на 8 научни трудови/статии, од кои четири рецензии за списанието *Гласник на Институтот за национална историја* (год. 59, бр. 1-2, 2015 год.; год. 60, бр. 1, 2016 год.; год. 61, бр. 1, 2017 год.) и четири рецензии за списанието *Филилошки студии* (год. XIII, бр. 1, 2015 год.; год. XIV, бр. 1, 2016 год.; год. XV, бр. 1, 2017 год.; год. XV бр. 2, 2017 год.).

**Оценка од самоевалуација**

За периодот 2015-2017 година, кандидатката доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на ЈНУ Институт за национална историја.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во целокупната доставена документација, досега изнесеното и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека таа продолжила со успешни фундаментални истражувања и научни презентирања на минатото на античка Македонија, оформувајќи се во особено квалификуван и плоден истражувач. Со примената на современите научноистражувачки методи и интердисциплинарниот пристап, нејзините научни трудови претставуваат неодминлив придонес во фондот на научната мисла за минатото на античка Македонија. Од сите наведени причини, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува нејзината научноистражувачка, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, според Законот за научноистражувачка дејност, Законот за високото образование, Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање на ЈНУ Институт за национална историја и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен советник/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска да биде избрана во звањето научен советник/редовен професор во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

__________________________

Проф. д-р Митко Панов с.р.

___________________________

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

___________________________

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Катерина Младеновска-Ристовска
Институција: ЈНУ Институт за национална историја - Скопје
Научна област: историја

<table>
<tr><th rowspan="2">Р. бр.</th><th rowspan="2">Научноистражувачка, наставно-научна дејност, стручно-апликативна и дејност од поширок интерес</th><th colspan="2">Поени</th></tr>
<tr><th>во земјата</th><th>во странство</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Монографија:<br>Пердика II: Политика на војна и мир, Издавач ИНИ, 2017 (во печат).</td><td>8</td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание со меѓународна редакција:<br>• „Лебот и брашното во обичаите на античките Македонци: паралели со подоцнежната македонска традиција“, Филолошки студии, год. XIII, бр. 1, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2015, 1-12 (http://www.philologicalstudies.org);<br>• „Празникот Ксантика кај античките Македонци“, Филолошки студии, год. XIV, бр. II, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2016, 1-11 (http://www.philologicalstudies.org);<br>• „Антиката во Македонија во записите на Кузман Шапкарев“, Образ – мит – текст, Годишник на асоцијация „Онгъл“, том 14, год. X, София, 2016, 21-33;<br>• „Macedonian King Caranus: among the Myth, History and Tradititon“, Гласник на ИНИ, год. 61, бр. 1, Скопје, 2017, 29-40;<br>• „Стратегиското значење на преминот Девет патишта на реката Стримон во антиката“, Историја, год. LII, бр. 2, Скопје, 2017, 7-32;<br>• „Ancient Macedonians and Greeks: between the Identity and Civlization Aspirations“, Studia Środkowoeuropejskie i Bałkanistyczne, tom XXVI, pod redakcja Jana Machnika i Ireny Stawowy-Kawki, Polska Akademia Umiejętności, Kraków, 2017, 281-291.</td><td colspan="2">42</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • „Пердика II и Брасида: походот во Линкестида, *Review of the Institute of History and Archaeology* (*RIHA*), vol. 4, Институт за историја и археологија, Факултет за образовни науки, Штип, 2017 (во печат). | | |
| 3. | *Учество на меѓународни научни собири со реферат во земјата и во странство*:<br><br>• „Празникот Ксантика кај античките Македонци“, Прва меѓународна научна конференција *ФИЛКО (Филологија и образование)*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Воронешки државен универзитет – Русија, Штип, 18-19 март 2016;<br>• „Култот на сонцето кај античките Македонци“, Меѓународен научен симпозиум *Етнологија и филологија*, Десети цар – Шишманови дни в Самоков, Тридесет и шести научни четения на асоцијация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, Самоков, Бугарија, 30 септември-2 октомври 2016;<br>• „Античките Македонци и Хелените: помеѓу идентитетот и цивилизациските стремежи“, Меѓународен научен собир *Tożsamość i samoidentyfikacja bałkańskich narodów, mniejszości etnicznych i religijnych po rozpadzie Jugosławii. Historia – polityka – kultura – język – media* (*The identity and self-identification of the Balkan nations and ethnic and religious minorities after the break-up of Yugoslavia: history, politics, culture, language and the media*), Komisja Środkowoeuropejska Polskiej Akademii Umiejętności, Instytut Nauk Politycznych i Stosunków Międzynarodowych Uniwersytetu Jagiellońskiego oraz Instytut Politologii Uniwersytetu Pedagogicznego im. Komisji Edukacji Narodowej w Krakowie, Краков, 12-13 октомври 2016;<br>• „Македонскиот крал Каран: помеѓу митот, историјата и традицијата“, Меѓународна научна конференција *70 години Институт за историја / 70 години македонска историографија*, Филозофски факултет, Скопје, 13-14 декември 2016;<br>• „Митови, стереотипи и мистификации за Александар III Македонски“, Единаесети международни Цар-Шишманови дни в Самоков [Триесет и седми научни четения на Асоцијация „ОНГЪЛ“] *Митове – Стереотипи – Мистификации*, Самоков, Р. Бугарија 29 септември – 1 октомври 2017;<br>• „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република | 6 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Македонија“, Меѓународна научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола 10-11 ноември 2017;<br>• „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“, Седми меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола 19-20 мај 2017. | | |
| 4. | *Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир*:<br>• „Политика на војна и мир: Пердика II и Пелопонеската војна“, Меѓународна научна конференција *Балканот: луѓе, војни и мир*, Материјали од меѓународната научна конференција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4–5 ноември 2013), Скопје, 2015, 13-23;<br>• „Александридата во светската традиција“, *Македонија – Полска, историја, култура, јазик, медиуми*, Скопје, 2015, 171-177;<br>• „Антиката во наставните програми по историја за основно и средно образование во Република Македонија“, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција *Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи*, Битола 10-11 ноември 2017, 174-181;<br>• „Никола Вулиќ како истражувач на антиката во Македонија“, Зборник на трудови од Седмиот меѓународен научен симпозиум *Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес*, Битола 19-20 мај 2017 (во печат). | 8 | |
| 5. | *Научноистражувачки престои, архивско/теренско истражување*:<br>• Атина (Република Грција), American School for Classical Studies (1.12. - 6.12. 2016 год.). | | 4 |
| 6. | *Член на уредувачки одбор на научно списание*:<br>• секретар на Редакцијата на списанието *Гласник на Институтот за национална историја* (бр. 59, 2015 год.). | 2 | |
| 7. | *Ментор на дипломски труд*:<br>• „Македонија и римскиот империјализам“ од кандидатот Марјан Бучков, студент на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија;<br>• Етничките обележја на античките Македонци од кандидатот Ивана Талимџиоска, студент на УГД | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија. | | |
| 8. | *Учество на работилница во рамките на докторските студии*:<br>• ментор за темата „Соларната симболика на накитот од железното време на територија на Р Македонија“ на кандидатката м-р Александра Чевреска, докторанд на докторските студии „Културна историја на Македонија“ при ИНИ (11.05.2017 год.). | 1 | |
| 9. | *Член на комисија за подобност на тема и кандидат за магистерска работа*:<br>• „Модерни интерпретации на античките автори како современи гледишта за античките Македонци“ од кандидатот Валентин Јанкоски. | 0,5 | |
| 10. | *Член на комисија за избор во звање*:<br>• Стефан Пановски, избор во звањето научен соработник/доцент;<br>• Александра Папазовска-Санев, избор во звањето научен соработник/доцент;<br>• Славица Бабамова, избор во звањето научен соработник/доцент. | 3 | |
| 11. | *Рецензент на научна монографија*:<br>• *Античка Македонија: историска и културолошка контекстуализација во општата историја на Диодор* од доц. д-р Наталија Поповска. | 2 | |
| 12. | *Рецензент на научен труд/статија*:<br>• 4 рецензии за списанието *Гласник на Институтот за национална историја* (год. 59, бр. 1-2, 2015 год.; год. 60, бр. 1, 2016 год.; год. 61, бр. 1, 2017 год.);<br>• 4 рецензии за списанието *Филилошки студии* (год. XIII, бр. 1, 2015 год.; год. XIV, бр. 1, 2016 год.; год. XV, бр. 1, 2017 год.; год. XV бр. 2, 2017 год.). | 8 | |
| 13. | *Подготовка на нови предмети на II и III степен студии*:<br>• Вовед во историјата на античка Македонија, втор циклус студии, студиска програма: Историја на античка Македонија, ИНИ;<br>• Војска и вооружување во антиката, втор циклус студии, студиска програма: Историја на античка Македонија, ИНИ;<br>• Културно-историски специфики на античките Македонци, трет циклус студии, студиска програма: Културна историја на Македонија, ИНИ;<br>• Историска географија на античка Македонија, трет циклус студии на студиска програма: Историја на Македонија, ИНИ; | 6 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Раната историја на Македонското Кралство (707/6-359 год. пр. н.е.), трет циклус студии, студиска програма: Историја на Македонија, ИНИ;<br>• Античкиот македонски ентитет според историските феномени, трет циклус студии, студиска програма: Историја на Македонија, ИНИ. | | |
| 14. | *Изборни и раководни функции*:<br>• раководител на Одделението за античка и средновековна историја при ИНИ. | 3 | |
| 15. | *Наставна дејност*:<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија I на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2015 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Историја на стариот Рим на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2015 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 1x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија II на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2015 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија I на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2016 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Историја на стариот Рим на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2016 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 1x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија II на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2016 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Историја на стариот век на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2016 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 1x15x0,03); | 25,2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • предавања и вежби по предметот Античка Македонија I на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2017 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Историја на стариот Рим на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, летен семестар 2017 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 1x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија I на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2017 год., часови: 3+2+1 (3x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Стар век I (Стар Исток и Хелада) на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2017 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 1x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Античка Македонија II на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2017 год., часови: 2+2+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03);<br>• предавања и вежби по предметот Историја на стариот век на УГД „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, студиска програма: Историја со археологија, зимски семестар 2017 год., часови: 2+1+1 (2x15x0,04; 2x15x0,03). | | |
| 16. | *Менторска настава на трет циклус*:<br>• Историја на културата на Македонија, студиска програма: Културна историја на Македонија, ИНИ;<br>• Материјалната култура и уметноста на Македонија, студиска програма: Културна историја на Македонија, ИНИ;<br>• Културно-историски специфики на античките Македонци, студиска програма: Културна историја на Македонија, ИНИ. | 6 | |
| | **Вкупно поени:** | **132,7** | |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Шукарова, с.р.

Проф. д-р Митко Панов, с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ–ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНО-ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-382/3 на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја од 7.6.2018 г., избрани сме за рецензенти за избор во звањето помлад асистент истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Ахмед Шериф и вонреден проф. д-р Петар Тодоров, врз основа на приложените документи на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Никола Ќириќ е роден на 3.8.1988 г. во Скопје, каде што завршил основно образование во 2003 г.. Во истиот град во гимназијата „Панче Арсовски`` го завршил средното образование во 2007 година. Истатата година се запишал на додипломски студии на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2011 година успешно го одбранил дипломскиот труд со наслов „Воените операции на источниот фронт од средината на 1942 г. до почетокот на 1943 г. (Сталинградска битка)“ и се стекнал со стручниот назив дипломиран историчар (просек 7,92).

Во учебната 2014/2015 година се запишал на прв циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Сараево на отсекот за ориентална филологија, студиска група Турски јазик и книжевност, каде што дипломирал во 2017 година (просек 8,19).

Истата година со успех го завршил и курсот по османлиски турски јазик, организиран од Институтот „Јунус Емре“ во Сараево.

Со успех го завршил и курсот по османлиски турски јазик напредно ниво, организиран од институтот „Јунус Емре“ во Скопје во 2018 г.

Од 2013 до 2017 година е член на меѓународната организација за студенти по историја (ISHA), а во периодот 2013-2015 бил потпретседател на огранокот на оваа организација во Скопје (ISHA-Skopje).

2. **Учество на семинари/работилници/конференции:**
   - ,,Миграција“ – Лувен, Белгија, 2013;
   - ,,Твојата омилена историска тема``- Бања Лука, Босна и Херцеговина, 2013
   - „Криза и развој“ – Љубљана , Словенија. 2014;
   - „Локално наспроти глобално: транснационална перспектива на историјата“ – Букурешт, Романија, 2015;
   - „Неуспех и пошироко“ – Грац, Австрија, 2015;
   - „Историја на маргинализираните“ – Осиек, Хрватска, 2016;
   - Летна школа ,,Св. Климент" - Институт ,,Евро Балкан"- Скопје;
   - ,,Јадранско Море-немирно море``- Сплит, Хрватска, 2016;
   - ,,Диплома за исламски студии``, Факултет за исламски студии, ,,Универзитет во Сараево``- Сараево, Босна и Херцеговина, 2016;
   - ,,Секојдневен живот во Сараево 1992-1995``- Сараево, Босна и Херцеговина, 2017.

**3. Други активности**

Никола Ќириќ е коорганизатор на летниот семинар на ISHA - „Историјата на платно: Историски филмови, документарци и ТВ емисии“, одржан на Филозофскиот факултет при УКИМ, Скопје, 2015.

Во моментов, Никола Ќириќ привршува со вториот циклус студии на Институтот за национална историја во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на информациите изнесени во овој извештај, како и врз основа на бројните активности на домашни и меѓународни работилници на кандидатот Никола Кириќ, Комисијата констатира дека кандидатот досега покажал извонредна желба и амбициозност во неговото усовршување и академско напредување, што претставува извонредна основа за

неговото понатамошна кариера и натамошно успешно продолжување со научноистражувачката работа.

Поради тоа Рецензентската комисија му предлага на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја да го избере м-р Никола Кириќ во звањето помлад асистент истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентска комисија

1.Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

2.Проф. д-р Ахмед Шериф с.р.

3. Вонреден проф. д-р Петар Тодоров с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНО-ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-382/2 на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја од 7.6.2018 г.,избрани сме за рецензенти за избор во звањето на асистент истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Ахмед Шериф и вонреден проф. д-р Петар Тодоров, врз основа на приложените документи, на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 3. Биографски податоци

Кандидатот м-р Неџад Мехмедовиќ е роден на 9.6.1985 година во Скопје, Република Македонија. Основно образование завршил во ОУ "Крсте Мисирков", додека средно образование во гимназијата " Раде Јовчевски-Корчагин" со одличен успех. Дипломирал на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот " Св. Кирил и Методиј" во 2008 година, на отсекот политички науки. Магистрирал на истиот факултет на тема со наслов: "Миграционите движења и политиката кон Бошњаците во Македонија од крајот на XIX до крајот на XX век" во 2013 година, со просечна оценка 8,5, при што се стекнал со академскиот статус магистер по политички науки. Во 2015 година добил стипендија од Министерството за образование и наука за постдипломски студии-изучување на старотурскиот јазик. Постдипломските студии ги завршил на Факултетот за класични и нови филологии при Универзитетот " Св. Климент Охридски" во Софија на тема со наслов: "Трговците и занаетчиите во казата Пазарџик (Добрич) во втората

половина на XIX век” во 2017 година, при што се стекнува со академски статус- Следдипломна квалификация - османистика (специјалист по османистика).

**4. Учество на семинари/работилници/конференции:**

Кандидатот м-р Неџад Мехмедовиќ учествувал на повеќе семинари и конференции, со свои излагања, од кои ќе наведеме само неколку:

- Кръгла маса по повод 75-годишнината на доц. Катерина Венедикова “Кодове на времето – историческа памет на буквите”Софија, Бугарија (2018), апстракт на тема: “Izmir in the Ottoman-Turkish documents for crafts and trade from the second half of XIX century contained in the Oriental Department Collection of the National Library of Bulgaria”;

- International Scientific Conference - Bulgaria and Macedonia: Different challenges, common European future”(2018), апстракт на тема: “Strengthening cultural ties between Macedonia and Bulgaria through the proliferation of common historical figures in the field of culture”;

-Conference: “Sociology of Religion”, Germany (2017), panel: “Religious and Secular Identities”, апстракт на тема: “Islam and Christianity in the history curriculum of the primary education – Comparison of EU vs. EU Candidate country (Case study: Republic of Croatia vs. Republic of Macedonia)”;

-“South East Europe Student Research Conference 2010” – Pristina, Kosovo (2010) абстракт на тема: “Orientation in space on the basis of religious buildings and monuments in Skopje and ethnic separation of the citizens”.

**3. Научни трудови:**

-“Безвременски херој на вистината”(2013), во работен наслов “Односот на Бугарите кон муслиманите во Македонија за време на окупацијата од 1941-1945 година”, издавач: ШАДРВАН, *коавтор и уредник* (поддржано од Министерството за култура на РМ);
-Poznati Bošnjaci Makedonije” (2014), издавач ШАДРВАН, *ко-автор* – поддржано од Министерство за култура на РМ;

-“Islam and Christianity in the History Curriculum of the Primary Education in the Republic of Macedonia (2014)” – with co-author D-r Zecir Ramcilovic. Paper published in the IBU Social and Human Science Journal VOL 1. NO.1 2014.

**4. Други активности**

Учество на курсеви, семинари и конференции

1. “Challenges of the local democracy in the Western Balkans”, Budva, Montenegro, February 2011.
2. Seminar and Conference “Shared Social Responsibility”, Brussels, Belgium, February 2011.
3. “Local government and leadership”, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, April 2011.
4. ”Preparatory Seminar Civil Society Forum”, Valencia, Spain, Nov. 2011.
5. ”Coexistence Building and Improving Service Delivery through Decentralization”, Pristina, Kosovo, December 2011.
6. X PAUCI Eastern Policy Forum „Transatlantic Community versus Eurasia - Arising Challenges and New Opportunities”, Warsaw, Poland, December 2014.
7. Training course (Erasmus+): “VolUME Volunteers: United, Motivated, Engaged”- Grenoble, France, November 2017.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесениот извештај и наброените домашни и меѓународни активности на кандидатот м-р Неџад Мехмедовиќ, Комисијата констатира дека станува збор за амбициозен и перспективен истражувач чии досегашни резултати потврдуваат дека тој може успешно да се занимава со научноистражувачката работа и да напредува во академската кариера.

Поради тоа, Рецензентската комисија му предлага на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја да го избере м-р Неџад Мехмедовиќ во звањето асистент-истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на Османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

2. Проф. д-р Ахмед Шериф с.р.

3. Вон.реден проф. д-р Петар Тодоров с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНО-ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-382/2 на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја од 7.6.2018 г., избрани сме за рецензенти за избор во звањето на асистент истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Ахмед Шериф и вонреден проф. д-р Петар Тодоров, врз основа на приложените документи на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**5. Биографски податоци**

Борче Николов е роден на 7.1.1989 г. во Штип каде што завршил основно образование во 2003 г.. Во истиот град во гимназијата „Славчо Стојменски“ го завршил средното образование во 2007 година. Истата година се запишал на додипломски студии на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2011 година успешно го одбранил дипломскиот труд со наслов „Аферата Мис Стон“ и се стекнал со стручниот назив дипломиран историчар (просек 9,38).

Во учебната 2011/2012 година се запишал на втор циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје на студиската програма Историја и архивистика, модул – Историја на новиот век. Овие студии ги завршил на 6.12.2017 година кога со успех го одбранил магистерскиот труд под наслов: „Нереволуционерните методи на Македонската

револуционерна организација (1893-1908)“ и се стекнал со стручен/научен назив: магистер по историски науки, насока на новиот век (просек 10,00).

Од 2012 до 2014 работел како наставник по историја во училиштето „Maximilian Berlitz“, меѓународно училиште на Универзитетот Кембриџ во Скопје.

Во учебната 2014/2015 година се запишал на прв циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Сараево, на отсекот за ориентална филологија, студиска група: Турски јазик и книжевност, каде што дипломирал во 2017 година (просек 8,67).

Истата година со успех го завршил и курсот по османлиски турски јазик, организиран од Институтот „Јунус Емре“ во Сараево.

Од 2012 до 2017 година е член на меѓународната организација за студенти по историја (ISHA), а во периодот 2013-2015 бил претседател на огранокот на оваа организација во Скопје (ISHA-Skopje).

**6. Учество на семинари/работилници/конференции:**

- „Балканот: нов пристап“ – Букурешт, Романија, 2009;
- „Идентитети во транзиција“ – Јена, Германија, 2012;
- „Панславизам – вчера, денес, утре“ – Шедалце, Полска, 2012;
- „Миграција“ – Лувен, Белгија, 2013;
- „Слики од другиот: Односи помеѓу Западна и Централно-источна Европа низ историјата“ – Будимпешта, Унгарија, 2014;
- „Локално наспроти глобално: транснационална перспектива на историјата“ – Букурешт, Романија, 2015.

**7. Научни трудови**

„The Balkan Slavs solidarity during the Great Eastern Crisis (1875-1878) and their assistance to Russia in the Russo-Turkish War (1877-1878)“ („Солидарноста на балканските Словени за време на Големата источна криза (1875-1878) и нивната помош кон Русија во Руско-

турската војна (1877-1878)“), објавена во зборникот: „Panslawizm - wczoraj, dziś, jutro“ („Панславизам – вчера, денес, утре“), Шедалце, Полска, 2016.

**8. Други активности**

Борче Николов е коорганизатор на летниот семинар на ISHA - „Историјата на платно: Историски филмови, документарци и тв емисии“, одржан на Филозофскииот факултет при УКИМ, Скопје, 2015.

Во моментов, Борче Николов престојува во Истанбул, Р Турција, на курс за усовршување на современиот и османлискиот турски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесениот извештај и активностите на кандидатот м-р Борче Николов, Комисијата констатира дека станува збор за млад и перспективен истражувач кој може успешно да се занимава со научноистражувачката работа, да напредува во академската кариера и да даде придонес во развојот на Институтот за национална историја и во македонската историографија во областа на османистиката.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја да го избере м-р Борче Николов во звањето асистент истражувач во Одделението за историја на Македонија во време на османо-турското владеење во ЈНУ Институт за национална историја.

Рецензентска комисија

4. Проф. –д-р Драги Ѓоргиев с.р.

5. Проф. д-р Ахмед Шериф с.р.

6. Вонреден проф. д-р Петар Тодоров с.р.